МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: ЕКТС

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ОДНОСОТ ПОМЕЃУ МЕДИЈАЦИЈАТА И ПАРНИЧНА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СТУДЕНТ: **САШКА ДИМОСКА**
БРОЈ НА ИНДЕКС: **М207009**
МЕНТОР: **ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА СПИРОСКА**

Свети Николе, 2022

АПСТРАКТ

Основната цел на овој труд е да се анализира постоењето на медијацијата како алтернативно решавање на спорови, а истовремено и да се направи компарација со односот на парничната постапка. Во пракса постапката за медијација има одредени недостатоци и потешкотии, и тоа најмногу во делот на нејзиното прифаќање, во смисла на недоволна информираност на странките дека постапката може да биде завршена побрзо и поекономично, во споредба со судската постапка. Република Северна Македонија има задолжителна медијација со дефинирана структура и практични решенија за ефикасна примена.

Од споредбата помеѓу постапката на медијација и парничната постапка ќе видиме дека постапката на медијација претставува мирно решавање на спорот, истата е економична, ефикасна, брза постапка, доброволна и се спроведува со цел да се задржат или обноват добри односи помеѓу страните.

Од друга страна, судската постапка е јавна, а медијацијата е доверлива и се спроведува надвор од очите на јавноста, воедно во медијацијата нема двостепеност, како што е случај кај судската постапка. Во медијацијата страните во постапката го бираат медијаторот, додека пак кај парничната постапка, странките немаат право да го изберат судијата.

Клучни зборови: медијација, парнична постапка, Република Северна Македонија

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ **2**

Клучни зборови **2**

ВОВЕД **7**

ГЛАВА 1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ И ТЕОРЕТСКО МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН НЕГОВОТО ИСТРАЖУВАЊЕ **8**

1.Формулација на проблемот **8**

2. Предмет на истражување **8**

3. Цели на истражувањето **10**

3.1. Научна цел **10**

3.2. Општествена цел **10**

4. Хипотези **11**

5.Методолошка постапка **11**

6. Научна и општествена оправданост на истражувањето **12**

ГЛАВА 2. ОСНОВНИ ПОИМИ НА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА **14**

1. Поим и предмет на парничната постапка **14**

2. Структурални белези на парничната постапка **16**

3. Парница **18**

4. Процесни претпоставки **18**

5. Начела на парничната постапка **20**

5.1. Начело на диспозиција и начело на официјалност **20**

5.2. Расправно и истражно начело **20**

5.3. Начело на сослушување на странките **21**

5.4. Начело на утврдување на вистината **21**

5.5. Начело на слободна оценка на доказите **22**

5.6. Начело на усност и писменост **22**

5.7. Начело на непосредност **23**

5.8. Начело на јавност 23

5.9. Начело за јазикот во постапката 24

5.10. Начело за судење во разумен рок 24

5.11. Начело на процесна економија 24

5.12. Начело на совесно користење на процесните овластувања 24

5.13.Начело на концентрација на постапката и единство на главната расправа 25

ГЛАВА 3.СУБЈЕКТИ НА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА 27

1.Учесници во парничната постапка 27

2.Судот како субјект на парничната постапка 28

2.1. Надлежност на судовите 28

2.2. Ненадлежност на судовите 29

2.3. Судир за надлежноста 29

2.4. Состав на судот 30

2.5. Вредност на предметот на спорот 30

2.6. Изземање на судиите 31

3. Парнични странки 32

3.1. Засновување и престанок на својството странка 32

3.2. Постоење на странка и утврдување на идентитетот 33

3.3. Рамноправност на странките во парницата 33

3.4. Одредени својства на странките како процесни претпоставки 34

4. Сопарничарство 34

5. Учество на трети лица во парница 35

5.1. Вмешување 35

5.2. Известување на трето лице за парницата 36

5.3. Именување претходник 36

6. Застапници на странките 37

6.1. Поим, видови и карактеристики на застапувањето 37

6.2. Законски застапници 37

6.3. Застапници на правните лица врз основа на статут, договор или на закуп…..... 38

7. Полномошници 38

7.1. Поим за полномошник 38

7.2. Способност да се биде полномошник 39

7.3. Обем на полномошното 39

7.4. Престанок на полномошното 40

8. Значење на правилното застапување во парничната постапка 40

ГЛАВА 4 . ПАРНИЧНИ ДЕЈСТВИЈА 41

1. Поим за парнично дејствие 41

2. Видови на парнични дејствија 41

3. Парнични дествија на странките 42

4. Парнични дејствија на судот 43

5. Рокови 44

6. Рочишта 46

7. Пропуштање на парничните дејствија. 46

8. Враќање во поранешна состојба 47

9. Застои на парничната постапка 47

10. Докажување 49

10.1. Поим и видови докази 49

10.2. Предмет на докажување 50

10.3. Правни норми 51

10.4. Товар на докажување 51

10.5. Фази на докажување 52

11. Поим на доказни средства и видови доказни 53

11.1. Обезбедување на докази 55

12. Други процесни установи 56

12.1. Судско порамнување 56

12.2. Претходни прашања 57

12.3. Правна помош 58

12.4. Трошоци на парничната постапка 58

ГЛАВА 5 . ТЕК НА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА 60

1.Тужба 60

2. Видови тужби 62

3.Истакнување на повеќе тужбени барања во една тужба (објективна кумулација) 63

4. Дејство на поднесување на тужба до судот 64

5. Преиначување на тужба 65

6. Повлекување на тужба и одрекување на тужбеното барање 66

7. Дејство на доставувањето на тужбата на туженият 67

8. Однесување на туженият во парницата 67

9. Тек на првостепената постапка 68

9.1. Подготвување на главната расправа 68

9.2. Претходно испитување на тужбата 69

9.3. Доставување на тужбата на туженият на одговор 69

9.4. Подготвително рочиште 70

9.5. Закажување на рочиште за главна расправа 72

9.6. Главна расправа 72

9.7. Донесувување на конечна одлука 75

9.8. Пресуда 76

9.8.1. Видови пресуди 76

9.8.2. Донесување, објавување, писмена изработка и поправање на пресудата 81

9.9. Решение 84

9.10. Правосилност 84

9.11.Постапка по правни лекови 85

9.11.1. Редовни правни лекови 85

9.11.2. Вонредни правни лекови 92

10. Посебни парнични постапки 94

ГЛАВА 6 . МЕДИЈАЦИЈА 107

1. Поим за медијација 15

2. Видови медијација 107

3. Начела на медијација 25

3.1. Начело на доброволност 25

3.2. Начело на рамноправност и неформалност 26

3.3. Начело на непристрасност 26

3.4. Начело на доверливост 26

3.5. Начело на исклучување на јавноста во медијацијата 26

3.6. Начело на достапност на информации за медијацијата во другите постапки 27

3.7. Начело на ефикасност и економичност 27

3.8. Начело на еднаквост на страните 27

3.9. Начело на правичност 27

4. Постапка на медијација 103

5. Трошоци на постапката на медијација и награда за медијаторот 59

6. Поддршка на медијацијата 107

7. Комора на медијатори 108

8. Собрание на комората 110

8.1. Надзорен одбор 110

8.2. Управен одбор 111

8.3. Етички совет 111

9. Поим за медијатор 112

10. Обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата 113

10. Национален совет за медијација 113

ГЛАВА 7. КОМПАРАЦИЈА ПОМЕЃУ ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА И МЕДИЈАЦИЈАТА ВО РСМ 117

1. Парнични постапки во РСМ 117

2.Спорови решени со медијација во РСМ 119

ЗАКЛУЧОК 121

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 122

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

ЗПП – Закон за парнична постапка

ЗМ – Закон за медијација

РСМ– Република Северна Македонија

АРС – Алтернативно решавање на спорови

ВОВЕД

Со овој труд ќе се обидеме да се приближиме до медијацијата како алтернативна постапка за решавање на еден спор, односно ќе споредиме кои се предностите и слабостите на истата и дали е воопшто подобро, кога сме во можност да бираме, еден спор да биде решен по пат на медијација или со иницирање на тужба, односно истиот да биде решен во парнична постапка. Во парничната постапка судот расправа и одлучува за основните права и обврски на човекот и граѓанинот, во споровите од личните и семејните односи, работните односи, имотните и дугите граѓанско правни спорови на физички и правни лица. Парничната постапка се поведува со поднесување на тужба до надлежниот суд. Тужбата треба да содржи определено барање во поглед на главната работа и на споредните барања, факти врз кои тужителот ќе го заснова барањето и докази со кои се утврдуваат фактите. Парницата почнува да тече со доставувањето на тужбата до туженият. Спорот се решава во парница според правилата на парничната постапка, па според тоа, парницата претставува поединечна парнична постапка.

Медијацијата во РСМ е регулирана од 2006 година со донесување на првиот Закон за медијација. Согласно Законот за медијација, медијацијата претставува секое посредување при решавање на спорниот однос во постапка на медијација, во кое на страните во спорниот однос им се овозможува спорот да го решат по пат на преговарање, со помош на еден или повеќе медијатори со цел да се постигне заедничко прифатливо решение изразено во форма на писмена спогодба. Медијацијата, како еден од видовите на алтернативно решавање спорови, ја надополнува судската постапка и наоѓа широка примена во правниот промет, а особено во имотно-правни, семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни спорови, спорови од областа на образованието, заштита на животната средина и слично.

ГЛАВА 1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ И ТЕОРЕТСКО МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН НЕГОВОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

1.Формулација на проблемот

Проблемот на истражување во овој труд е да се осознае зошто постапката на медијација во РСМ не е доволно развиена и страните во многу ретки случаи се согласуваат својот спор да го решат по пат на мирен начин, односно со постапката на медијација. Имено, битен момент е да дознаеме дали страните во постапката во која следува задолжителен обид за медијација ќе бидат доволно информирани за тоа што воопшто значи медијацијата, како се отпочнува истата, колку време трае и какви се трошоците кои ќе настанат при решавање на еден спор со оваа постапка. Медијацијата претставува алтернативен вонсудски начин на решавање на спорови, каде што страните лично ја следат и ја контролираат постапката.

Во оваа постапка страните имаат можност да изберат кој ќе биде медијатор, односно кој ќе ја води постапката. Постапката на медијација е исклучена од јавноста и во неа учествуваат само медијаторот и страните. Со медијација се решаваат имотно-правни, семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни, спорови од областа на образованието, заштитата на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата, како и во други спорни односи каде медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно решавање.

Медијацијата започнува на денот кога страните во спорот во писмена форма ќе се согласат дека ќе учествуваат во постапка на медијација или со потпишување на изјава за согласност дадена на записник пред суд. Постапката на медијација се поведува со поднесување на барање до конкретно избраниот медијатор по писмен или електронски пат. Постапката за медијација завршува со спогодба која се смета за постигната од оној ден кога страните постигнале согласност за начинот на решавање на спорот.

2. Предмет на истражување

Предмет на истражување на овој труд ќе биде споредбата на медијацијата и парничната постапка во РСМ. Имено, создавањето слика за јавноста воопшто за придобивките во однос на едната со другата постапка.

Медијацијата се применува при: имотно-правни спорови, коишто произлегуваат од оставински постапки, семејни спорови, работни спорови, трговски спорови, потрошувачки спорови, осигурителни спорови, спорови што произлегуваат од постапките на нотарски платни налози, спорови од областа на образованието, спорови од областа на безбедност и здравје при работа, спорови од областа на здравствената заштита, спорови од областа на заштитата на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата, спорови поврзани со граѓанска одговорност за навреда и клевета и во други спорни односи каде што медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно разрешување настанати меѓу домашни и/или странски физички и правни лица.[1]

Постапката за медијација може да започне само доколку страните имаат волја да го решат својот спор на мирен начин, односно само доколку тие се согласат спорот да го решат со медијација. Оваа постапка започнува со поднесување на барање до медијатор, од едната страна или двете страни истовремено. Согласно Законот за медијација, постапката трае 60 дена, но во секој случај праксата покажува дека кога страните навистина имаат желба да го решат спорот и кога медијаторот поседува соодветни вештини, постапката завршува со направени три до четири средби.

Постапката на медијација, како што споменавме, завршува во рок до 60 дена од денот на давањето на изјавата за започнувањето на постапката, без оглед на нејзиниот исход. Кога постапката на медијација се одвивала пред започнување на судската постапка, а страните сакаат на спогодбата да ѝ дадат сила на извршна исправа, содржината на спогодбата во пишана форма, потпишана од страните, ја солемнизира нотар, согласно со закон. Постапката на медијација е економична, ефикасна и брза постапка, истата е доброволна и се спроведува со цел да се задржат или обноват добри односи помеѓу страните. За разлика од медијацијата, странките својот спор можат да го решат и со парнична постапка, односно кога едната од странките ќе поднесе тужба до судот и ќе иницира спорот да се реши во парнична постапка.

Тужбата треба да содржи определено барање во поглед на главната работа и на споредните барања, односно, факти врз кои тужителот ќе го заснова барањето и докази со кои се утврдуваат фактите. Парницата почнува да тече со доставувањето на тужбата до туженият. Согласно Законот за парнична постапка, судот расправа и одлучува за

[1]Член 1, став 2, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

основните права и обврски на човекот и граѓанинот во споровите од личните и семејните односи, работните односи, имотните и дугите граѓанско-правни спорови на физички и правни лица. Парничната постапка има неколку карактеристики и тоа: прво, таа е редовен метод на заштита на граѓанските субјективни права, второ, таа е спорна постапка бидејќи во неа се расправа и одлучува за спорови кои произлегуваат од определен круг правни односи и, како што кажавме, тоа се личните и семејните односи, работните, имотните и други граѓанско правни односи, и трето, парничната постапка е постапка за пресудување, бидејќи во неа судот ја определува содржината на правната заштита во споровите од наведените правни односи.

3. Цели на истражувањето

3.1. Научна цел

Проучување на постапката за медијација, парничната постапка, како и нивната споредба, треба да се истражи, особено да се дадат насоки за тоа, бидејќи јавноста воопшто не е запознаена со постапката за медијација, како и предностите и недостатоците од истата, од причини што за да се започне една постапка, претходно е потребно да се запознаеме со сите нејзини карактеристики. Имено, резултатите од ова истражување би можеле да се користат за некои идни истражувања. Споредбата помеѓу овие две постапки е интересна и бара целосна посветеност и ангажираност.

3.2. Општествена цел

Потребата за обработка на оваа тема е од големо значење, како да се заштити и запознае јавноста со еден поинаков начин на решавање на спорот, со можноста страните самите да учествуваат во постапката и тоа лично, со заштеда на парични средства и време за решавање на спорот. Потребно е да се нагласи дека судовите имаат обврска да им укажуваат на страните за можноста постапката да се реши на еден поинаков начин, односно вонсудско решавање на спорниот однос со помош на трета неутрална страна медијатор, кој го олеснува процесот на решавање на спорот и им овозможува на страните истиот да го решат по пат на преговарање на мирен начин. Доколку оваа постапка ѝ е позната на јавноста, истовремено ќе се олеснува работата на судот, односно нивната пренатрупаност со голем број на нерешени проблеми, а од друга страна, страните во

постапката за медијација ќе заштедат парични средства, време и заеднички ќе доаѓаат до решение кое е подеднакво прифатливо за нив.

4. Хипотези

Истражувањето во овој магистерски труд се заснова на соодветни хипотези, кои треба да се докажуваат. Заради сеопфатноста на истражувањето, ќе ги поставиме следните хипотези:

1. Општата јавност во Република Северна Македонија не е доволно информирана за мирното решавање на споровите по пат на медијација.

2. Медијацијата претставува економична, ефикасна и брза постапка.

3. Најголем дел од споровите во Република Северна Македонија се решаваат со парнична постапка, наместо со медијација.

4. Висината на направените трошоци од постапката на медијација, за разлика од парничните трошоци, е многу помала.

5. Рокот за решавање на спорот по пат на медијација е пократок, за разлика од рокот на парничната постапка.

6. Надлежноста на медијаторот се однесува на целата територија на државата, додека во судската постапка постои ограничување во однос на надлежностите на судовите.

5.Методолошка постапка

Методот кој ќе доминира при изработката на овој труд е компаративниот. Компарацијата на истражувањето е една од основните процеси при обработка на определен институт. Со компарирање на институтите најдобро ќе се согледаат сличностите и разликите кои постојат воопшто. Тоа би значело дека преку споредбената анализа ќе се формира целосна слика за ставовите за медијацијата и парничната постапка, за да би можеле да ги согледаме предностите и слабостите и да ја определиме најефективната заштитата во приватно-правните спорови. Покрај доминантната употреба на споредбениот метод, при анализите ќе се користат и други методи. Исто така, за целосно да го осознаеме настанокот и развојот на медијацијата и парничната постапка, ќе се користи и историскиот метод.

Анализата на прашањето за оправданоста на медијацијата се базира на социолошкиот метод. Анализите на правните извори за регулирање на оваа проблематика ќе се вршат со примена на аналитичко-синтетичкиот метод, без кој ниту едно планско истражување не може да се реализира. Имено, ако се земе предвид дека анализирањето и синтетизирањето на конкретно прашање е една од основните претпоставки за квалитетна проценка на ситуацијата, јасна е потребата од користењето на истиот.

Интернет-истражувањето е особено значаен и брз метод, бидејќи овозможува обезбедување на нови информации во областа која се истражува, а достапноста до тие информации на друг начин е многу посложена. Во изработката на овој труд ќе користиме анкети и прашалници до стручна јавност, односно адвокати, нотари, медијатори, судови и слично.

6. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Истражувањето ќе биде спроведено во текот на 2021 година на територијата на Република Северна Мкедонија. Целта на истото ќе биде да се направи детална анализа и споредба помеѓу постапката за медијација и парничната постапка во Република Северна Македонија, со оглед на тоа што граѓаните во нашата држава не се доволно запознаени со поимот „медијација“ и со самото тоа не се свесни за исходот на постапката и можноста на побрз, поекономичен и поефикасен начин да ги остварат своите права, така што сите страни ќе се чувствуваат како победници. Ќе тргнеме од самиот почеток на постапката за медијација, односно како се иницира истата, рамноправноста, доверливоста, еднаквоста и неутралноста на страните во постапката, колку време трае и како се одвива постапката, трошоците направени во постапката, како се определува медијаторот, сè до нејзиното конечно завршување. Медијацијата претставува процес на вонсудско решавање на спорниот однос со помош на трета неутрална страна, односно медијатор, кој го олеснува процесот на решавање на спорот и им овозможува на страните истиот да го решат по пат на преговарање, на мирен начин, со цел да се постигне заедничко прифатливо решение кое ќе биде изразено во форма на писмена спогодба.

Медијацијата ја надополнува судската постапка и може да започне како алтернатива на судската постапка. Со медијација се решаваат имотно-правни, семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни, спорови од областа на образованието,

заштитата на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата, како и во други спорни односи каде медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно решавање. Страните кои се во спор, доколку претходно ги исцрпиле можностите сами да изнајдат решение, можат по предлог на едната, другата или двете страни, да се сложат нивниот спор да се реши по пат на медијација. Согласно Законот за медијација, постапката трае 60 дена, но праксата покажува дека кога страните навистина имаат желба да го решат спорот и кога медијаторот поседува соодветни вештини, постапката завршува на 3-4 средби. Во постапката за медијација секоја страна ги подмирува своите трошоци, а заедничките трошоци ги подмируваат во еднакви делови, освен ако поинаку не се договорат. Постапката на медијација завршува во рок до 60 дена од денот на давањето на изјавата за започнувањето на постапката, без оглед на нејзиниот исход. Кога постапката на медијација се одвивала пред започнување на судската постапка, а страните сакаат на спогодбата да ѝ дадат сила на извршна исправа, содржината на спогодбата во пишана форма, потпишана од страните, ја солемнизира нотар, согласно со закон. Сметаме дека ова истражување освен што ќе придонесе за тоа да се збогати литературата во Република Северна Македонија која ќе биде достапна за целата јавност, исто така и ќе се промени погледот на граѓаните во однос на медијацијата и ќе поттикне доверба и сигурност кај истите, со што ќе се намали бројот на покренување на парнична постапка.

Исто така, со ова истражување ќе добиеме една комплетна слика за тоа како се поведува парнична постапка, кој може да ја поведе истата, како судат судовите во постапката, донесувањето на одлуки, определувањето на вредноста на спорот, трошоците на постапката, сè до завршувањето на истата, односно одлагањето на решавање на спорот и повисоките трошоци во однос на медијацијата. Парничната постапка се поведува со поднесување на тужба до надлежниот суд. Тужбата треба да содржи определено барање во поглед на главната работа и на споредните барања, факти врз кои тужителот ќе го заснова барањето и докази со кои се утврдуваат фактите. Парницата почнува да тече со доставувањето на тужбата до туженият. На крајот од ова истражување ќе дојдеме до заклучок дека постапката на медијација е економична, ефикасна и брза постапка, истата е доброволна и се спроведува со цел да се задржат или обноват добри односи помеѓу страните. Воедно дека судската постапка е јавна, а медијацијата е доверлива и се

спроведува надвор од очите на јавноста и во медијацијата нема двостепеност како во судската постапка. Кај медијацијата медијаторот го бираат страните во постапката, додека пак судијата немаат право да го изберат.

ГЛАВА 2. ОСНОВНИ ПОИМИ НА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА

1. Односот на парничната постапка со медијацијата

1.1.Поим и предмет на парничната постапка

Парничната постапка претставува основен и редовен метод на заштита на загрозените и повредените граѓански субјективни права од страна на надлежни државни органи, односно судовите. Содржината на оваа постапка ја сочинуваат процесните дејствија што ги преземаат процесните субјекти и тоа по определен редослед, под определени услови и во определена форма. Терминот „постапка, процедура“ доаѓа од латинскиот збор „*procedure“* што значи *се движи напред, во определена насока*, односно *се развива, напредува*.[2] Според Законот за парнична постапка, судот расправа и одлучува за основните права и обврски на човекот и граѓанинот во споровите од личните и семејните односи, работните односи, имотните и дугите граѓанско-правни спорови на физички и правни лица. Парничната постапка има неколку карактеристики и тоа: таа е редовен метод на заштита на граѓанските субјективни права, таа е спорна постапка бидејќи во неа се расправа и одлучува за спорови кои произлегуваат од определен круг правни односи и тоа, како што кажавме, тоа се личните и семејните односи, работните, имотните и други граѓанско-правни односи, и на крај парничната постапка е постапка за пресудување, бидејќи во неа судот ја определува содржината на правната заштита во споровите од наведените правни односи.[3] Секој граѓанско-правен спор значи нарушување на рамнотежата на граѓанско-правниот поредок и со тоа создава неизвесност и несигурност во граѓанско-правните односи, па така, поради повторно воспоставување рамнотежа на нарушениот поредок, нужно е да се реши настанатиот спор.

[2] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.59
[3] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.60

1.2.Поим за медијација

Медијацијата е алтернативна постапка за решавање на споровите помеѓу две или повеќе страни, која е уредена со Законот за медијација на Република Северна Македонија.

Медијацијата претставува процес на вонсудско решавање на спорниот однос со помош на трета неутрална страна, односно медијатор, кој го олеснува процесот на решавање на спорот и им овозможува на страните истиот да го решат по пат на преговарање, на мирен начин, со цел да се постигне заедничко прифатливо решение кое ќе биде изразено во форма на писмена погодба.

Страните може во меѓусебниот облигационен договор да внесат одредби со кои се обврзуваат во случај на спор, да се обидат спорниот однос да го решат по пат на непосредно преговарање или медијација, пред започнувањето на судската или друга постапка за правна заштита. „Страна“ во постапката за медијација може да биде физичко или правно, домашно или странско лице кое е учесник во постапката поради решавање на конкретниот спор, додека пак, „трето лице“ е физичко или правно лице, преку законски застапник за коешто и страните во постапката, а и медијаторот се согласни да учествува во постапката поради олеснување при спогодувањето.

Во однос на судската постапка, медијацијата е доброволна, неформална, доверлива, нејавна, брза и економична постапка. Медијацијата ја надополнува судската постапка и може да започне како алтернатива на судската постапка. Согласно Законот за медијација, постапката трае 60 дена, согласно Закон за парнична постапка, Закон за кривична постапка и Закон за правда за дете трае 45 дена, но праксата покажува дека кога страните навистина имаат желба да го решат спорот и кога медијаторот поседува соодветни вештини, постапката завршува на 3-4 средби. Со медијација се решаваат имотно-правни, семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни, спорови од областа на образованието, заштитата на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата, како и во други спорни односи каде медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно решавање.

Медијацијата се применува при: имотно-правни спорови што произлегуваат од оставински постапки, семејни спорови, работни спорови, трговски спорови, потрошувачки спорови, осигурителни спорови, спорови што произлегуваат од постапките на нотарски платни налози, спорови од областа на образованието, спорови од областа на безбедност и

здравје при работа, спорови од областа на здравствената заштита, спорови од областа на заштитата на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата, спорови поврзани со граѓанска одговорност за навреда и клевета и во други спорни односи каде што медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно разрешување настанати меѓу домашни и/или странски физички и правни лица. [4]

2. Структурални белези на парничната постапка

Текот на парничната постапка и нејзината формална содржина се пропишани со закон. Согласно член 175 од ЗПП, оваа постапка започнува со поднесување на тужба до судот. Титуларот на субјективното право, кој тврди дека неговото субјективно право е повредено или загрозено, со поднесување на тужба до судот да иницира парнична постапка, односно бара од судот правна заштита со определена содржина. Субјектот кој ја поднесува тужбата, како страна на материјално-правен однос, станува странка во парничната постапка – *тужител(actor).* Тужителот ја поднесува тужбата против лицето за кое тврди дека го повредило или загрозило неговото субјективно право, односно против т.н. *тужен(reus)* во поведената постапка. За да постои една парнична постапка, задолжително е постоењето на двете страни – тужител и тужен, односно тоа би значело дека без постоење на две парнични странки, нема парнична постапка. Двете парнични странки и судот ја сочинуваат наједноставната шема на парничната постапка во субјективна смисла што е воедно и доволна за да постои парнична постапка. Парничната постапка во субјективна смисла може да се усложни така што на страната на едната или на двете парнични странки, нема да учествуваат по еден, туку по повеќе процесни субјекти, со иста процесна улога – повеќе тужители или повеќе тужени (сопарничари). Шемата на оваа постапка може да се усложни и со учество на други лица во постапката и тие лица можат да имаат различна процесна улога. Во парничната постапка имаат учество и трети лица кои му помагаат на судот да ја изврши својата задача, а истовремено вршат и некоја своја граѓанска или професионална должност, како на пример, сведоци, вештаци, толкувачи и слично, или обавуваат работна должност, а такви се: записничарите,

[4]Член 1 став 2, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

преведувачи, доставувачи на писмена и слично. Оваа првостепена парнична постапка претставува единствена процесна целина која е сочинета од повеќе процесни потцелини, односно стадиуми и фази. Со моментот на поднесување на тужба до судот започнува стадиумот на подготвување на главна расправа, кој се состои од неколку фази и тоа: претходно испитување на тужбата, доставување на тужбата до тужениот за одговор, подготвително рочиште и закажување на главна расправа. Некои од овие фази се задолжителни, а некои факултативни. Главната расправа претставува централен стадиум на оваа постапка и истата подразбира непосредно, усно и јавно расправање пред судот, и тоа на едно или повеќе рочишта. Кога судот ќе одлучи дека треба да се донесе одлука, ја заклучува главната расправа и пристапува кон последниот стадиум на првостепената постапка – донесување на конечна одлука, со што завршува првостепената постапка.

Доколку странките сметаат дека ваквата одлука е незаконита или неправилна, тие можат во определен рок против неа да изјават редовен правен лек - жалба.

Со поднесување на жалба се иницира постапка пред судот од втор степен, каде второстепениот суд, постапувајќи по жалбата, ја преиспитува законитоста и правилноста на одлуката на првостепениот суд, и зависно од резултатите на испитувањето, може да ја потврди, укине или преиначи првостепената одлука. Ако против првостепената одлука не е изјавена жалба во пропишаниот рок или по изјавената жалба второстепениот суд ја потврди или преиначи првостепената одлука, одлуката станува правосилна.

Ваквата правосилна одлука претставува авторитетен и неотповиклив регулатор на правниот однос меѓу странките, а спорниот правен однос станува пресудена работа (res iudicata) и претставува пречка повторно да се води парнична постапка меѓу истите странки и за истата правна работа. Правосилната судска одлука може да се побива со правни лекови – ревизија и повторување на постапката, под услови пропишани со закон.

Со поднесување на ревизија се иницира постапка пред судот од трет степен, додека поднесувањето на предлогот за повторување на постапката, доведува до повторно постапување на судот од прв степен, а по исклучок и постапување на повисокиот суд.

Дали една парнична постапка ќе помине низ сите овие степени, стадиуми и фази зависи од законската дозволеност на определен степен, стадиум и фаза во конкретниот парничен предмет, а исто така и од волјата на самите странки во постапката.

3. Парница

Терминот парница потекнува од латинскиот збор *lis, litis* што значи *спор, расправија, кавга*. Спорот се решава во парница според правилата на парничната постапка, па според тоа, парницата претставува поединечна парнична постапка.

Разликата помеѓу парничната постапка и парницата се сведува на разлика меѓу општото и поединечното. Најпрво, парничната постапка и парницата се разликуваат по моментот на својот почеток - парничната постапка започнува со поднесување на тужба до судот, а парницата започнува да тече со доставување на тужбата до тужениот.

Со поднесувањето на тужбата до судот и поведувањето на парнична постапка се заснова двостран процесно-правен однос помеѓу тужителот и судот, додека со доставувањето на тужбата до тужениот, процесно-правниот однос се затвора како тристран меѓу тужителот, судот и тужениот.

Парницата секогаш започнува да тече подоцна во однос на почетокот на парничната постапка. Не секогаш поведената парнична постапка доведува до постоење на парница. Парницата започнува да тече во моментот кога судот ќе ја достави тужбата до тужениот, односно покрај иницијалниот процесно-правен однос меѓу тужителот и судот, се заснова и процесно правен однос помеѓу тужителот и тужениот, како и меѓу судот и тужениот, па така настанува парницата како тристран правен однос. Субјекти на парницата се двете парнични странки и судот и истата како процесно-правен однос престанува со правосилноста на одлуката со која се решава спорот или во некој поранешен момент од својот развој како резултат на волјата на самите странки, на пример, со повлекување на тужба, со склучување на судско порамнување и слично.

4. Процесни претпоставки

Околностите, односно условите од кои зависи дозволеноста на правната заштита, претставуваат процесни претпоставки. Процесните претпоставки се околности или услови кои ги предвидува процесното право и од нив зависи дозволеноста за постапката за давање на правна заштита. За тоа дали постојат или не постојат процесни претпоставки судот одлучува со решение. За разлика од процесните претпоставки, материјално правните претпоставки се факти кои се предвидени со материјалното право. Од нивното постоење зависи основаноста на бараната заштита, односно дали ќе биде усвоено или

одбиено тужбеното барање. Доколку се исполнети материјално-правните услови, судот го усвојува тужбеното барање бидејќи правната заштита основано е побарана, но ако тие не постојат, судот го одбива тужбеното барање како неосновано. За постоењето, односно непостоењето на материјално-правните претпоставки, судот одлучува со пресуда со која што го решава спорот.

Процесните претпоставки, во зависност од критериумот од кој се поаѓа при нивната анализа, се класифицираат на: општи процесни претпоставки, од чие постоење зависи дозволеноста на секоја парница, и посебни претпоставки, од чие постоење зависи дозволеноста на одреден вид на парница или решавањето на некое инцидентално прашање во текот на парницата, позитивни процесни претпоставки, односно оние без чие постоење водењето на парницата и донесувањето мериторна одлука не е дозволено, негативни процесни претпоставки, чие постоење го спречува водењето на парницата и донесувањето на мериторна одлука, апсолутни процесни претпоставки, за кои судот внимава по службена должност, и релативни процесни претпоставки, односно претпоставките на кои судот води сметка само по барање, односно по приговор на странките.

Судот има обврска да внимава на постоењето на процесните претпоставки по службена должност, затоа најдобро е уште на самиот почеток, односно од првиот потстадиум на подготвување на главна расправа, при претходно испитување на тужбата, да утврди дали во конкретниот случај е дозволено давање на правна заштита и доколку постојат процесни пречки, уште при претходното испитување на тужбата, судот веднаш донесува решение со кое ја отфрла тужбата. Покрај должноста на судот, странките исто така имаат право да му укажат на судот за постоењето на процесни пречки, а најчесто тоа го прави тужениот во одговорот на тужбата. Во постапката по вонредни правни лекови судот може да одлучува само за претпоставки за кои е врзана дозволеноста на лекот. Судот одлучува со посебно решение за постоењето на процесни пречки, само по исклучок судот може да одлучува за постоењето на процесни пречки заедно со одлуката на главната работа.

5. Начела на парничната постапка

5.1. Начело на диспозиција и начело на официјалност

Ова начело е едно од основните начела на парничната постапка, и се однесува на поведувањето на постапката, одржувањето на текот на постапката, одредувањето на предметот на постапката и располагањето со предметот на постапката. Согласно ЗПП, парничната постапка се поведува со поднесување на тужба од страна на тужителот, меѓутоа, постои и исклучок каде парничната постапка може да ја поведат и двете парнични странки, односно кога истите две странки бараат со предлог бракот да се разведе спогодбено. Парничната постапка судот не може да поведе по службена должност (nemo iudex sine actore, ne procedat iudex ex officio).[5] Согласно член 2 став 1 од ЗПП, во парничната постапка судот одлучува во границите на барањата што се ставени во постапката, односно судот не смее да досуди ништо друго и ништо повеќе од тоа што тужителот го бара со тужбата *(Ne eat iudex ultra et extra petita partium)*.

Судот може да го одбие тужбеното барање на тужителот, делумно или целосно да го уважи, но не може да му досуди повеќе од тоа што го бара со тужбата, ниту пак да му досуди нешто друго, освен она што го бара. Начелото на официјалност во парничната постапка се огледа во тоа што судот по веќе поведена постапка, по сопствена иницијатива презема парнични дејствија, исто така и по тоа што судот може по службена должност да определи вештачење и во случај кога странките не го побарале тоа. Во однос на службените овластувања кои судот ги има при управување со постапката, треба да знаеме дека редоследот на преземањето на дејствијата е уреден со законот, додека пак судијата по сопствена иницијатива ги презема дејствијата кои смета дека му се потребни за управување со постапката.[6]

5.2. Расправно и истражно начело

Расправното и истражно начело се одраз на начелото на диспозиција и официјалност, односно расправното начело е одраз на начелото на диспозиција, додека пак, истражното начело е одраз на начелото на официјалност. Расправното начело се

[5] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.77
[6] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.76-82

однесува на собирањето на процесниот материјал – на фактите и доказите и на иницијативата во поглед на нивното изнесување и предлагање.[7] Суштината на истражното начело се состои во тоа што судот по службена должност собира процесен материјал, односно факти и докази, ги утврдува фактите кои странките ги немаат изнесено и истовремено изведува докази кои странките не ги предложиле.

5.3. Начело на сослушување на странките

Начелото на сослушување на странките е најстаро начело на граѓанското процесно право и истото е познато и како начело на контрадикторност. Суштината на ова начело претставува тоа што судот на секоја странка ѝ овозможува да се изјасни за барањата и наводите на спротивната страна. Имено, ова начело се сведува на правилото дека на секоја странка треба да ѝ се овозможи – mutatis mutandis, да ги презема сите процесни дејствија кои може да ги презема и другата парнична странка.[8]

5.4. Начело на утврдување на вистината

Начелото на утврдување на вистината претставува методот кој судот го користи при собирање на процесниот материјал, врз основа на кој треба да ја донесе својата одлука. Во овој случај, судот треба точно и правилно да ги утврди фактите за да донесе правилна и законита одлука. Доколку судот правилно и законито ја утврдил фактичката состојба, ќе може правилно да го примени материјалното право, во спротивно, доколку фактичката состојба не е правилно утврдена, таа одлука би била резултат на неправилна примена на правото на постојната објективна фактичка состојба. Согласно ЗПП, и тоа член 7 став 1, странките имаат должност да ги изнесат фактите врз кои ги засноваат своите барања, а исто така да предложат и докази со кои се утврдуваат тие факти, додека пак, судот од друга страна е овластен да ги утврди и фактите кои странките не ги изнеле и да ги изведе доказите што странките не ги предложиле.[9]

[7]Арсен Јанески, Граѓанско процесно право, Парнично право, стр.83

[8] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.86-90
[9] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.90-95

5.5. Начело на слободна оценка на доказите

За да биде судската одлука со која се решава спорот правилна и законита, фактите и доказите кои судот ги зема како основа за својата одлука треба да бидат точни и вистинити. За да ја утврди вистинитоста на фактите, судот се служи со одредени методи според кои ги оценува доказите, и тоа: систем на слободна оцена на доказите и систем на легална, односно законска оцена на доказите. Во системот на легална оцена на доказите ирелевантен е личниот став на судијата. Доказната сила на едно доказно средство ја оценува однапред самиот законодавец. Судот има задача да утврди дали постојат претпоставките предвидени со закон за примена на законските правила за вистинитоста на одредени факти. За разлика, пак, од овој систем на оцена на доказите, кај системот на слободна оцена на доказите не постојат законски правила за изборот, испитувањето и доказната сила на доказните средства, за тоа одлучува судот, без да биде ограничен со какви било посебни доказни правила.[10]

5.6. Начело на усност и писменост

Начелото на усност подразбира дека сите парнични дејствија во постапката треба да се преземат во усна форма, а тоа значи дека според ова начело, судот суди само врз основа на резултатите на расправата којашто може да биде само усна. За разлика од тоа, според начелото на писменост, дејствијата во постапката треба да бидат преземени во писмена форма, односно на дејствијата во постапката кои не се преземени во писмена форма им се одзема секое значење – quod est in actis non est in mundo. Од причини што постапката е многу сложена и минува низ повеќе стадиуми и фази, овие начела тешко може да се прифатат, па така во постапката се комбинираат и двете. Битно е да се спомене дека начелото на усност има одредени предности за разлика од начелото на писменост. На пример, тоа овозможува јавност, непосредност и контрадикторност во расправањето. Воедно, битна разлика е тоа што ова начело дава можност во постапката да учествуваат и неписмени лица. Од друга страна, како позитивна страна на начелото на писменост се истакнува тоа дека писмено преземените дејствија остваат трајни траги воопшто за текот на целата постапка.[11]

---

[10] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.95-98
[11] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.98-100

5.7. Начело на непосредност

Начелото на непосредност подразбира дека помеѓу судот и доказните средства, односно изворот на информации да нема посредник. Кога станува збор за ова начело, битно е да правиме разлика помеѓу непосредно или посредно изведување на доказните средства и непосредно или посредно доказно средство. Имено, непосредното доказно средство може да биде изведено посредно или непосредно, но исто така и посредното доказно средство може да биде изведено посредно или непосредно. На пример, доколку сведокот е посредно доказно средство, него може да го сослуша судијата кој го води предметот – непосредно изведување на доказот, но може да го сослуша и замолен судија – посредно изведување на докази. За разлика од ова, кога станува збор за некое непосредно средство, на пример зграда, неа може да ја разгледа судијата кој го суди предметот – непосредно изведување на доказот, но, може тој доказ да се изведе и преку замолен судија – посредно изведување на доказот.[12]

5.8. Начело на јавност

Со Уставот на Република Северна Македонија од 1992 година е предвидено дека расправата пред судовите и изрекувањето на пресуда се јавни, тоа значи дека, начелото на јавност претставува уставно начело. Ова начело се остварува преку присуството на граѓаните на главната расправа пред судот, објавување на судскиот состав, објавување на судските одлуки и слично. Постојат два вида на јавност и тоа: општа јавност и странкарска јавност. Општата јавност ја сочинуваат сите заинтересирани и незаинтересирани лица кои не се учесници во постапката, додека пак странкарска јавност претставуваат самите странки, нивните застапници и замешувачите. Постојат и причини утврдени со закон според кои јавноста може да биде исклучена и тоа во интерес на моралот, јавниот ред или државната безбедност, заштита на приватниот живот, споровите во кои е потребно да биде сочувана воена службена или деловна тајна, споровите во кои треба да се заштити безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија, каде што судот ќе утврди дека јавноста би можела да биде штетна за интересите н правдата.[13]

[12] Јанески, А. Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.101
[13] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.102

5.9. Начело за јазикот во постапката

Начелото за јазик во постапката е актуелно и правно. Ова начело опфаќа два аспекти: начело за јазикот и писмото кои се во службена употреба во судот и начело за правото на употреба на својот јазик и писмо во постапката пред судот. Согласно Уставот на РСМ донесен во 1991 година, на целата територија на нашата држава и во нејзините меѓународни односи, службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Воедно и јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните претставува службен јазик. Странките кои зборуваат друг службен јазик имаат право пред судот да го употребуваат истиот.[14]

5.10. Начело за судење во разумен рок

Судот има должност постапката да ја спроведе без одложување, односно во разумен рок. Правото на судење во разумен рок е основно процесно човеково право. Ова право претставува право на странката да ѝ се даде ефикасна правна заштита, така што постапката ќе се спроведе во најкус можен рок, односно за што е можно пократко време.[15]

5.11. Начело на процесна економија

Начелото на процесна економија е насочено кон тоа парницата да се заврши во пократко време, со помалку труд и материјални средства, воедно да се постигне што поповолен резултат. Иако ова начело инсистира парницата да биде завршена во пократок рок, сепак тоа не смее да се одрази на точноста на одлуката.[16]

5.12. Начело на совесно користење на процесните овластувања

Начелото на совесно користење на процесните овластувања е загарантирано во ЗПП. Согласно член 9 од ЗПП, странките и другите чинители имаат должност пред судот да ја зборуваат вистината и да бидат совесни при користење на правата кои им се признати со овој закон. Оваа должност се однесува и на изјаснување на исказите за

[14] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.104-107
[15] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.108-110
[16] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.110

фактичката состојба. Ова начело не се однесува само на странките, туку и на замешувачите и нивните застапници.[17]

5.13.Начело на концентрација на постапката и единство на главната расправа

Со ЗПП е предвидена должност на претседателот на советот – судија поединец, да се грижи предметот на спорот сестрано да се претресе, постапката да не се одложува и расправата да може да се заврши на едно рочиште. Судијата поединец внимава во текот на постапката да бидат изнесени сите решителни факти, да се дополнат наводите од странките каде што има потреба за истите да бидат целосни, исто така и да се дополнат доказните средства кои се предложени од странките за да може да биде целосно утврдена фактичката состојба со што ќе се донесе правилна одлука.[18]

6.Начела на медијација

За разлика од начелата на парничната постапка, во медијацијата ги имаме следните начела:

6.1.Начело на доброволност

Начелото на доброволност се однесува на доброволно пристапување на страните во постапка на медијација со потпишување на писмена согласност, начинот на водење на постапката и доброволно прекинување на постапката. Судот или друг орган, кој со посебен закон е обврзан на страните да им укаже на можноста за користење на медијацијата, е должен да ги обезбеди потребните информации до страните за можностите на медијацијата. Исклучок од начелото на доброволност има кога медијацијата се спроведува за спор што произлегува од претходно склучен договор на страните и по упатување со одлука на суд или друг надлежен орган, за кој со закон е утврден задолжителен обид за медијација.[19]

[17] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.111-116
[18] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.116-120
[19] Член 7 Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

6.2.Начело на рамноправност и неформалност

Во постапката за медијација страните се рамноправни, а таа рамноправност е должен да ја обезбеди медијаторот во конкретниот случај. Доколку страните се спогодат за начинот на вршење на медијација, медијаторот ја спроведува медијацијата на начинот што го смета за соодветен, а притоа земајќи ги предвид предлозите на страните, околностите на случајот и потребата за брзо решавање на спорот.[20]

6.3.Начело на непристрасност

Ова начело е загарантирано во членот 9 од Законот за Мадијација на Република Северна Македонија, каде што децидно е наведено дека медијаторот во постапката за медијација е непристрасен и неутрален во однос на страните и на предметот на спорот.[21]

6.4.Начело на доверливост

Постапката на медијација не е јавна и во оваа постапка учествуваат: медијаторот, страните во спорот, лично или преку нивни полномошници, застапници или лица овластени од страните, како и трети лица за кои страните претходно се согласиле да учествуваат во постапката. Доверливоста се однесува на сите информации што произлегуваат или се поврзани со постапката на медијација кои ќе останат доверливи, освен ако страните писмено поинаку не се договориле. Информациите нема да имаат карактер на доверливост во случаите кога тоа е утврдено со закон, во случај кога тоа е побарано со цел да се обезбеди заштита на интересите на децата на страните во медијацијата, потоа, заради заштита од повреда на физичкиот или психичкиот интегритет на засегнатото лице во спорниот однос, кога тоа е од јавен интерес и нужно за спроведување на спогодбата која произлегува од постапката на медијација и за потребите на евалуација на работата на медијаторите од страна на Советот.[22]

6.5.Начело на исклучување на јавноста во медијацијата

Во постапката за медијација јавноста е исклучена. Во постапката за медијација учествуваат страните, а правното лице го застапува законски застапник, односно овластен

[20] Член 8 Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година
[21] Член 9 Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година
[22] Член 10 Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

полномошник. Трети лица можат да присуствуваат на постапката за медијација само со дозвола на сите страни кои учествуваат во постапката на медијација.

6.6.Начело на достапност на информации за медијацијата во другите постапки

Страните, нивните законски застапници и полномошници, медијаторите, третите лица кои присуствуваат на постапката на медијација, како и лицата кои извршуваат административни работи за потребите на медијацијата, не можат во која било судска или друга постапка да се повикаат на факти, да сведочат или да предлагаат докази.[23]

6.7.Начело на ефикасност и економичност

Постапката на медијацијата претставува една економична, ефикасна и брза постапка до која страните имаат лесен и еднаков пристап. [24]

6.8.Начело на еднаквост на страните

Страните имаат еднакви можности за учество во постапката за медијација, имено, медијаторот е должен да постапува еднакво со страните.[25]

6.9.Начело на правичност

Во постапката на медијација се гарантира правично постапување. Медијаторот во оваа постапка гарантира правичност и истиот е должен да ги поттикнува страните да соработуваат и истовремено да собираат информации за правично решавање на спорниот однос.[26]

ГЛАВА 2.СУБЈЕКТИ НА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА

1. Учесници во парничната постапка

Во парничната постапка точно е определено кој може да биде учесник во постапката, која е негова процесна улога и кои процесни дејствија може истиот да ги преземе. Како учесници во парничната постапка се јавуваат следните субјекти: тужителот,

[23] Член 11 Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година
[24] Член 14 Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година
[25] Член 12 Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година
[26] Член 14 Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

тужениот и судот. Освен горенаведените субјекти, во оваа постапка учествуваат и други субјекти, и тоа со цел, од една страна за да ги заштитат своите лични и правни интереси, а од друга страна, да им помогнат на странките да ги остварат своите права и интереси, како и да му помогнат на судот правилно да ја утврди фактичката состојба.

2. Судот како субјект на парничната постапка

Организацијата на државната власт во РСМ е поделена на: законодавна, извршна и судска. Судската власт претставува темелна вредност на уставниот поредок и истата ја извршуваат судовите. Судовите се грижат за непосредна примена на правото, независно од положбата и својството на странките, заштита, почитување и унапредување на човековите права и основните слободи, обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по било кој основ и обезбедување правна сигурност. Тие одлучуваат за правата на човекот и граѓанинот, споровите меѓу граѓаните и другите правни субјекти, кривичните дела и прекршоците, и сите други работи кои се во нивна надлежност. Организацијата на судовите во РСМ е уредена со закон за судовите, и тоа, во судскиот систем на нашата држава судската власт ја вршат основните, апелационите, управниот и врховниот суд. Основните судови се основаат за една или повеќе општини, додека апелационите судови се основаат за подрачјето на повеќе судови од прв степен. Врховниот суд на РСМ ја врши судската власт на целата територија на државата.

2.1. Надлежност на судовите

Надлежноста може да се дефинира во објективна и во субјективна смисла. Во објективна смисла надлежноста претставува поделба на работите меѓу државните органи за одлучување на определени правни работи или преземање на процесни дејствија. Додека пак, во субјективна смисла, надлежноста е право и должност на државните органи да постапуваат и одлучуваат по определена правна работа или да преземаат процесни дејствија. Постојат два вида на надлежност, и тоа: апсолутна и релативна надлежност. *Апсолутнатата надлежност* (судска надлежност) се дефинира како поделба на работите помеѓу домашните судови и другите домашни државни органи, и како поделба на работите помеѓу домашните судови и странските судови и други органи, а *релативната надлежност,* којашто уште се нарекува и компетенција, прави разграничување на

делокругот на работите помеѓу судовите во рамките на домашниот судски систем, и истата се дели на стварна, месна и функционална надлежност.

Стварната надлежност врши разграничување на делокругот на работите помеѓу судовите од различен вид, како и судовите од различен ранг во рамките на ист суд.

Месната надлежност претставува поделба на работите помеѓу судовите при вршење на судската власт. Таа овозможува да се изврши определба кој територијален суд, што според свој вид и ранг е навистина надлежен да одлучува за конкретното тужбено барање.

Со функционалната надлежност се врши разграничување на надлежноста на повеќе судови од ист вид, за нивно постапување во една иста правна работа, а исто така се врши и разграничување на надлежноста на два состави на еден ист суд во врска со постапување во една иста правна работа. Со оваа надлежност се определува кој суд ќе биде надлежен за одлучување по правните лекови, а исто така се одлучува и за други процесни прашања.

2.2. Ненадлежност на судовите

Надлежноста на судовите ја дефинираме како право, а воедно и должност на еден суд да постапува во определена правна работа, додека пак, негацијата на ваквото овластување и должност на судот претставува ненадлежност на судот. Во парничната постапка судот не може да одбие да одлучува за барање за кое е надлежен, а од друга страна, исто така не смее да одлучува и за барање за кое не е надлежен.

2.3. Судир за надлежноста

Надлежноста на судовите во парничната постапка е точно и јасно определена, меѓутоа сепак, постои можност да дојде до судир на сфаќањата за тоа кој од нив е надлежен да постапува и одлучува во конкретната правна работа. Судирот за надлежноста може да биде позитивен и негативен судир. Позитивен судир имаме тогаш кога повеќе судови се јавуваат како потенцијално надлежни да постапуваат и одлучуваат *in concreto,* додека пак кај негативниот судир имаме ситуација каде што повеќе судови ја отстрануваат должноста од себе да постапуваат во определена правна работа. Постапката со која се решава судирот за надлежноста на судовите се нарекува инцидентална постапка која ја

поведува судот на кој му е отстапен предметот од страна на судот кој се огласил за ненадлежен, доколку смета дека не е надлежен за решавање на конкретната правна работа.

2.4. Состав на судот

Една од процесните претпоставки кои се однесуваат на судот претставува и составот на судот, а тоа значи дека, освен тоа што судот треба да биде надлежен за решавање на конкретниот правен случај, истиот треба да биде и правилно составен.

Во парничната постапка со правилата за составот на судот се определува дали во конкретен случај треба да суди судија поединец или судски совет, а воедно се определува и каква треба да биде структурата на судскиот совет. Во парничната постапка судовите судат во совет, додека пак, со ЗПП се определува точно во кои случаи суди судија поединец. Во случај кога во прв степен суди судски совет, истиот секогаш брои тројца членови, и е составен од еден судија како претседател на советот и двајца судии поротници. Кога судот суди во втор степен на седница, истиот суди во совет составен од тројца судии.

2.5.Вредност на предметот на спорот

Вредноста на предметот на спорот во суштина претставува паричен израз на вредноста на барањето што тужителот го истакнал во тужбата, па така, вредноста најлесно се определува кога тужбеното барање гласи на определен паричен износ.

Во вредност на предметот на спорот се пресметува само вредноста на главното барање, а тоа претставува барањето за кое се поведува парничната постапка. Покрај главното барање, тужителот може да истакне и други споредни барања, како што се: каматата, парничните трошоци, договорната казна и други, меѓутоа тие не се од значење за утврдување на вредноста на предметот на спорот. Постојат и случаи каде што тужбеното барање се однесува на непарично побарување, како на пример, развод или поништување на брак, па во вакви случаи вредноста на предметот на спорот е определена со закон, односно Законот за судски такси. Судот ја утврдува вредноста на предметот на спорот врз основа на податоците наведени во тужбата и со оглед на околностите кои постоеле во времето на поднесувањето на тужбата. Во случаите на т.н. *facultas alternativa* (кога тужбеното барање не се однесува на паричен износ), а тужителот во тужбата има

наведено дека како замена за исполнување на тоа барање може да прими и определен паричен износ, тогаш како вредност на предметот на спорот ќе се земе истиот тој износ.[27]

2.6. Изземање на судиите

Правото на судење од страна на независен и непристрастен суд претставува човеково процесно право, кое се гарантира со сите релевантни меѓународни документи. Во нашата држава независноста на судството и на судиите е обезбедена со уставни и законски гаранции, кои сите заедно треба да обезбедат слобода на судството и на судиите од каков било потенцијален избор на зависност, нелегитимно влијание, поттикнување, притисоци, закани или интервенции, и тоа без разлика дали истите ќе бидат посредни или непосредни. Изземањето на судиите овозможува да се исклучат од вршење на судската функција оние судии или судии поротници, за кои поради одредени односи со странките или предметот на спорот постои сомневање за нивната непристрасност во судењето за конкретна правна работа. Причините поради кои може да бидат изземени судиите можат да бидат најразлични, ние правиме разлика меѓу две групи причини.

Првата група ја сочинуваат причините кои според своето значење и општите мерила со самото постоење го прават основано сомневањето дека судијата ќе биде непристрастен во конкретниот случај, и втората група, односно групата кои ја сочинуваат причините кои сами по себе не се сигурен показател дека непристрасноста на судијата е доведена во прашање, но се доволна основа за сомневање дека судијата може да биде непристрастен во конкретниот случај. Иницијатива за изземање на судијата или судијата поротник може да биде самиот судија, односно судија поротник или странките.

Судијата веднаш кога ќе дознае дека постои причина за изземање, и согласно ЗПП, има должност да ја прекине секоја работа врз тој предмет и за тоа да го извести претседателот на судот, по што, тој ке определи замена. ЗПП пропишува и репресивни мерки против лицата кои го злоупотребуваат овластувањето да бараат изземање судија спротивно на целите поради кои постои овој процесен институт.

---

[27] член 33, став1, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

3. Парнични странки

Во литературата поимот странка се определува во материјално-правна смисла, процесна и функционална смисла. Странка во материјално-правна смисла претставува оној правен субјект за чии права и обврски се одлучува во текот на постапката, додека пак, странка во процесна смисла претставува оној процесен субјект кој во свое име бара правна заштита и оној процесен субјект против кој е насочено барањето за давање на правна заштита. За функционалниот поим на странка станува збор кога некој поднесува тужба во свое име, но за туѓ интерес. Овој поим за странка го среќаваме кога посебни прописи го овластуваат некого кој не е субјект на спорниот однос да биде странка во парницата. Во парничната постапка, покрај тужениот и тужителот, постои можност во определени случаи и трети лица да добијат положба на парнична странка, и овие лица уште се нарекуваат и инцидентална странка или странка *ad hoc*. Во парничната постапка такви се законскиот застапник или полномошникот на странката, кој презема дејствија во постапката во име и за сметка на странката, замешувачот, сведокот, вештакот и слично.

3.2. Засновување и престанок на својството странка

Со самото поднесување на тужба до судот се стекнува положба на тужител и тужен во парницата. Лицето кое ја поднесува тужбата е тужител, додека својство на тужен се стекнува спротивно на својата волја, односно во моментот кога тужителот ќе поднесе тужба до судот. Својство на странка во парницата може да се стекне и со сукцесија.

Лицето кое со сукцесија се стекнува со својство на странка во парница , без оглед дали тоа ќе биде тужен или тужител, стапува на местото на лицето кое дотогаш било странка и ја прима парницата во состојбата во која се наоѓа во моментот на добивање на тоа својство во постапката. Потои сингуларна и универзална сукцесија. Универзална сукцесија имаме тогаш кога кај една од странките ќе настапи смрт, а парницата ја преземаат нејзините наследници.[28] За разлика од тоа, сингуларна сукцесија имаме во случај кога во парницата на местото на тужителот и тужениот ќе настапи нова странка, но само со согласност на двете првобитни странки во таа парница. Стекнатото право на парнична странка, тужител или тужен, останува до завршување на постапката, но во

[28] член 1, став 2 од Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

определени случаи ова својство може да престане. На пример, својството на странка во парницата престанува со смрт на физичкото лице, со престанок на правното лице, со завршување на парницата, а исто така својството на правно лице престанува и во текот на постапката доколку дојде до сукцесија и слично.

3.2. Постоење на странка и утврдување на идентитетот

Постоењето на странките претставува процесна претпоставка од чие постоење, односно непостоење, зависи дозволеноста за поведување на постапката. Парничните странки мора да постојат, доколку странките не постојат, или не постои една од нив, постапката е недозволена. Лицето кое ја поднесува тужбата до судот - тужителот е должен да овозможи целосна идентификација за себе и за својот противник.

Според ЗПП, поднесоците доставени до судот мора да се разбирливи и мора да содржат сè она што е потребно, со посебен нагласок на тоа дека треба да го содржат името, занимањето и живеалиштето (престојувалиштето) на странките доколку се физички лица, матичен или даночен број, односно фирмата и седиштето на правното лице, како и нивните законски застапници и полномошници доколку ги имаат. За секоја неуредно доставена тужба до судот, меѓу другото и поради неможност за утврдување на идентитетот на странката, судот е должен да ѝ укаже на странката да го коригира поднесокот. Судот за исправка на поднесокот ќе определи рок не подолг од 15 дена, па доколку странката не го врати поднесокот во определениот рок, истиот ќе се смета за повлечен, а во случај кога поднесокот биде вратен без исправка судот ќе го отфрли.

3.2. Рамноправност на странките во парницата

Во текот на целата постапка странките имаат рамноправна положба. Ова се огледа во тоа што на секоја од странките во текот на парницата ѝ е дадена можност да ги презема сите парнични дејствија што може да ги презема и спротивната странка. Рамноправноста на странките се огледа во тоа што секоја странка во парничната постапка пред судот може да презема процесни дејствија на својот јазик, потоа, тоа што секоја странка има право на одбрана, како и можност да ангажира стручно лице кое во нејзино име и за нејзина сметка ќе ја води парницата. Странките во оваа постапка се еднакви и рамноправни, и во поглед на правата, и во поглед на обврските кои ги имаат, меѓутоа таа нивна еднаквост е само

формална. Помеѓу странките, сепак, постојат фактички разлики и разлики кои произлегуваат од нивната различна процесна положба, тие се разликуваат според степенот на општо и посебно правничко знаење, исто така и според нивната имотна состојба и различна припадност, т.е. дали едно лице е домашен или странски субјект, или од тоа дали е тужител или тужен. На пример, во еден конкретен спор каде што едната од странките е во подобра материјална положба од другата странка, иако и двете формално-правно се рамноправни во таа постапка, тие сепак се нерамноправни. Ова значи дека странката која е во подобра имотна состојба ќе ги поднесе трошоците од таа постапка без проблем, додека пак кај другата странка овие трошоци може да ја загрозат нејзината егзистенција.

3.4. Одредени својства на странките како процесни претпоставки

За да може едно лице да биде странка во парничната постапка, истото е потребно да има способност да биде странка. Способноста да се биде странка е право и должност на еден субјект да може да биде странка, односно да може да тужи и да биде тужен. Странката мора да има парнична способност, односно да може сама да презема парнични дејствија или да овласти друго лице во нејзино име и за нејзина сметка да презема дејствија во парницата. Во одредени случаи, покрај горенаведената способност, странката треба да има и постулациона способност. Оваа способност претставува својство на парнично способното лице да може само, без посредство на други лица да презема парнични дејствија пред судот во правно релевантна изразна форма. Покрај процесната легитимација, постои и стварна легитимација *(legitimatio ad causam)* која претставува право и должност на субјектите кои се способни да бидат странки да бидат тужители или тужени во конкретен спор.

4. Сопарничарство

Наједноставна странкарска конструкција на парничната постапка имаме тогаш кога во улога на една парнична странка се јавува само еден субјект, односно едно лице како тужител и едно лице како тужен, меѓутоа, исто така е можно во улога на тужител и тужен да се јават повеќе субјекти. Кога со иста странечка улога во парницата се јавуваат повеќе процесни субјекти, станува збор за сопарничарство *(litis consortium)*.

Во пракса имаме активно и пасивно сопарничарство. Активно сопарничарство

имаме кога повеќе процесни субјекти се јавуваат на страната на тужителот, додека пак, кога множината на процесни субјекти постои на страната на туженият, тука станува збор за пасивно сопарничарство. Во случаи кога множина на процесни субјекти имаме и на двете страни, имаме двострано сопарничарство. Сопарничарството претставува факултативна процесна установа.

Тужителот одлучува дали ќе поднесе една тужба против повеќе лица или барањата кои ги има спрема нив ќе ги остварува со поединечни тужби. Постои исклучок кога независно од волјата на тужителот може да се заснова сопарничарство затоа што така е определено со закон или поради определен настан што се случил надвор од парницата, но неговото дејство непосредно се одразува во парницата.

5. Учество на трети лица во парница

ЗПП разликува неколку видови учество на трети лица во парницата, а тоа се: вмешување, известување на трето лице за парница и именување претходник.

5.1. Вмешување

Со цел да се задоволи базичното процесно начело дека на лицето за чии права се одлучува во постапката треба да му се овозможи да учествува во неа заради заштита на својата правна положба, современите процесни системи им дозволуваат на трети лица да учествуваат во туѓа парница. Лицето кое има правен интерес во парница што тече меѓу други лица една од странките да успее, може да ѝ се придружи на таа странка.[29]

Вмешувач е трето лице различно од парничните странки и нивните застапници кое стапува во туѓа парница, односно ѝ се придружува на една од странките бидејќи има правен интерес таа странка да успее во парницата. Постои обичен вмешувач и вмешувач со положба на единствен сопарничар. Вмешувачот со положба на единствен сопарничар може да поднесе вонреден правен лек и во парницата во која до настапувањето на правосилноста на одлуката за тужбеното барање не учествувал како замешувач.[30]

[29]Член 194 став 1, член 33, став1, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

[30]Член 197 став 2, член 33, став1, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

5.2. Известување на трето лице за парницата

Известувањето трето лице за парницата е дејствие со кое една од странките му дава на знаење на трето лице дека тече парница. Станува збор за ситуации кога некоја од странките се наоѓа со третото лице во некаков материјално-правен однос чија природа е таква што може да доведе до интервенциско дејство на пресудата, па е потребно третото лице да се извести за парницата што тече. Трето лице се известува за парницата што тече кога е тоа предвидено со правилата на материјалното право, кога тие предвидуваат дека е потребно третото лице да дознае за парницата што тече за да може спрема него да настапи определено граѓанско-правно дејство. Третото лице се известува за парницата што тече преку судот и со посредство на судот. Секоја странка е овластена од започнувањето на парницата, па сè додека таа не е правосилно завршена, со поднесок да го извести судот за своето барање третото лице да биде известено за парницата.

5.3. Именување претходник

Лицето кое е тужено како држател на предмет или како корисник на некое право, а тврди дека предметот го држи или правото го врши од име на трето лице, може да го повика преку судот тоа трето лице (претходник) наместо него да стапи како странка во парницата. Овластен да именува претходник е само тужениот, тој во парницата што е поведена против него го именува својот претходник со цел да заснова спрема него определено граѓанско-правно дејство, што е од значење за уредувањето на нивните меѓусебни односи.

Со именување на својот претходник, тужениот се обидува да се ослободи од парничната постапка што е поведена против него, така што укажува на лицето кое е повеќе пасивно каузално легитимирано од него и е поцелисходно постапката да се води против него. Тужениот може да го именува претходникот најдоцна на подготвителното рочиште, а ако тоа не е одржано, тогаш на главната расправа пред да се впушти во расправање за главната работа. Изјавата за именување претходник тужениот може да ја поднесе до судот писмено, во форма на поднесок, или да ја даде усно на записник кај судот. Изјавата треба да содржи: означување на претходникот, означување на правниот однос меѓу тужениот и претходникот, известување дека е поведена парница против тужениот и повик на претходникот.

6. Застапници на странките

6.1. Поим, видови и карактеристики на застапувањето

Застапувањето претставува вршење на правни дејствија во туѓо име и за туѓа сметка. Лицето кое врши правни дејствија во име и за сметка на друго лице се нарекува застапник. Од причини што правните субјекти не се секогаш во можност сами да ги преземаат правните дејствија, се јавува потребата за застапување. Застапник во парничната постапка е лицето кое во име и за сметка на странките ќе презема парнични дејствија. Застапникот е секогаш лице различно од парничните странки, кое во име и за сметка на една од странките, во границите на овластувањето за застапување презема парнични дејствија.

Во зависност од видот на странката, односно дали станува збор за физичко или правно лице, се разликуваат: застапници на физичките лица и застапници на правните лица. Во зависност од тоа што претставува основа, односно причина за застапување се разликуваат три вида застапници и тоа: законски застапници, застапните на правните лица врз основа на статут, договор или на закон и застапници врз основа на изјава на волја на застапениот - волеви застапници или полномошници.

6.2. Законски застапници

Странката која нема парнична способност ја застапува нејзиниот законски застапник. Законскиот застапник се определува со закон или со акт на надлежниот државен орган.[31] Законскиот застапник е физичко лице кое е деловно и парнично способно, тој е овластен да презема парнични дејствија, во име и за сметка на странката која е парнично неспособна или од други причини фактички не може да ги заштитува своите интереси во парницата. Меѓутоа, постојат исклучоци кога законски застапник ја застапува и парнично способната странка, доколку таа од други причини не може сама да ги заштитува своите интереси во парницата Бидејќи странката која е застапувана од законски застапник е деловно и парнично неспособна или не е способна да ги заштитува своите интереси, таа

[31] член 72 Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

самата не го поставува законскиот застапник. Законскиот застапник се определува со закон или со акт на надлежен државен орган.

6.3. Застапници на правните лица врз основа на статут, договор или на закуп

Како субјекти на граѓанско-правните односи правните лица имаат правна и деловна способност, а во парничната постапка тие имаат странкарска и процесна способност. Бидејќи правните лица се процесно способни, не е потребно тие во парницата да бидат застапувани од законски застапници кои во нивно име и за нивна сметка ќе ги преземаат процесните дејствија. Како исклучок од ова се правните лица на кои со правосилна одлука на надлежен орган им е забранета работата, како и правните лица над кои е отворена стечајна постапка,односно оние кои се парнично неспособни, така што нив во парничната постапка ги застапуваат законски застапници (ликвидатори и стечајни управници). Покрај тоа, на правното лице кое е тужена странка во постапката, судот може да му определи привремен застапник, под истите услови како и на туженият, кој е физичко лице. Полномошник на правно лице може да биде адвокат или лице - дипломиран правник кое е вработено во правното лице. Ако вредноста на предметот на спорот надминува 1.000.000 денари, полномошник на правно лице може да биде лице кое е дипломиран правник со положен правосуден испит и кое е во работен однос со правното лице.[32]

7. Полномошници

7.1. Поим за полномошник

Странката која е парнично способна, слободна е да одлучи дали парничните дејствија во постапката ќе ги презема лично или преку полномошник. Полномошното е овластување за застапување што властодавецот со правна работа му го дава на полномошникот. Со оглед на обемот ЗПП прави разлика меѓу два вида полномошно: полномошно за одделно процесно дејствие и полномошно за сите процесни дејствија-

[32] член 82, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

парнично полномошно, кон овие два вида полномошно се придружува и генералното полномошно.

7.2. Способност да се биде полномошник

Полномошникот е лице, односно застапник на странката, кое од нејзино име и за нејзина сметка презема процесни дејствија, и тоа како да ги презела самата странка. Покрај странката, полномошник може да определи и законскиот застапник на странката, застапникот на правното лице и вмешувачот. Полномошник во парнична постапка може да биде само физичко лице кое има целосна деловна, а со тоа и парнична способност. Полномошник во парнична постапка може да биде само физичко лице кое има целосна деловна и парнична способност. До донесувањето на ЗПП од 2005 година, како полномошник во парничната постапка можеше да се појави секое целосно парнично способно лице, освен лицата кои се занимаваат со надриписарство. Со ЗПП од 2005 година е ограничен кругот на лицата кои можат да бидат полномошници во парнична постапка, односно изрично определува дека полномошник на странка може да биде адвокат, лице - дипломиран правник кое со странката е во работен однос и роднина по крв во права лииија, брат, сестра или брачен другар, доколку се деловно способни.

7.3. Обем на полномошното

Полномошното е овластување за застапување што властодавецот со правна работа му го дава на полномошникот. Како што е случај во правните работи, така и во парницата, овластувањето за застапување односно полномошно, се заснова на едностранa изјава на странката, односно властодавец, со која таа го овластува полномошникот да ја застапува во парничната постапка. Странката го издава полномошното писмено или усно на записник, односно тонски запис во судот. Странката која не е писмена или не е во состојба да се потпише на писменото полномошно, наместо потпис ќе стави отпечаток од показалецот. Ако полномошното се дава на лице кое не е адвокат, полномошното се заверува кај нотар. Ако се посомнева во вистинитоста на писменото полномошно, судот со решение може да

определи да се поднесе заверено полномошно. Против ова решение не е дозволена жалба.[33]

7.3. Престанок на полномошното

Причините за престанок на полномошното се разликуваат во зависност од тоа дали станува збор за полномошно за одделно процесно дејствие или за парнично полномошно.

Полномошното за одделно процесно дејствие престанува со преземањето на тоа дејствие. Полномошното за одделно процесно дејствие престанува и со смрт на странката или на законскиот застапник на странката, престанок на правното лице, губење на деловната способност на странката или на нејзиниот законски застапник, смрт на полномошникот, губење на деловната способник на полномошникот, отказ или отпвикување на полномошното. Парничното полномошно редовно престанува со завршување на парницата. Ова се однесува на парничното полномошно издадено на лице кое не е адвокат. Ако парничното полномошно е издадено на адвокат, тој врз основа на тоа полномошно има одредени овластувања и по завршувањето на овластувањата. Парничното полномошно претставува и со смрт на странката кај физичко лице, односно со престанок на правното лице кое го издало полномошното, како и со настапување на правните последици од отворање стечајна постапка над властодавецот - стечаен должник.

8. Значење на правилното застапување во парничната постапка

Доколку странката која е правно лице не ја застапувало овластено лице, или ако парнично неспособната странка не ја застапувал законски застапник, или полномошникот немал посебно овластување, настанува апсолутна повреда на одредбите за правилно застапување поради која може да се изјави жалба. Второстепениот суд по службена должност внимава на горенаведеното. Овие повреди се причина за изјавување вонредни правни лекови како ревизија и повторување на постапка.

[33] член 88, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

ГЛАВА 4. ПАРНИЧНИ ДЕЈСТВИЈА

1. Поим за парнично дејствие

Парничната постапка е со закон регулирано постапување на судот, странките и другите учесници во постапката за постапување кон определена работа. Парничната постапка претставува збир на процесни дејствија што се преземаат од страна на процесните субјекти, или со други зборови, парничното дејствије е главен елемент на парничната постапка. Парничното дејствије започнува со преземање на определено дејствије од страна на процесните субјекти во усна или во писмена форма. Дејствијата што се преземаат се регулирани со нормите на процесното право. Со преземањето на парничните дејствија, субјектите ги применуваат нормите на процесното право. Доколку дејствијата не се регулирани со процесниот закон во тој случај не станува збор за парнично дејствие.

2. Видови на парнични дејствија

Во поглед на субјектите кои ги преземаат, парничните дејствија се делат на: парнични дејствија на судот и парнични дејствија на странките и другите учесници во постапката.

Во поглед на содржината на парничното дејствије се разликуваат: подготвителни и дејствија што значат донесување на одлука, односно парничните дејствија на судот, поднесување на предлози, давање на изјави или соопштенија.

Во поглед на формата, парничните дејствија можат да се поднесат во писмена или во усна форма. Во однос на функцијата што ја имаат, парничните дејствија можат да се поделат на: офанзивни и дефанзивни.

Во однос на тоа дали ги презема една од страните или две странки, парничните дејствија се поделени на: едностранн и двострани парнични дејствија.

Во однос на тоа дали парничните дејствија се условени, парничните дејствија се делат на: условни и безусловни парнични дејствија.

Во однос на тоа дали парничните дејствија на странките самите произведуваат процесно дејство, парничните дејствија се делат на: непосредни и посредни.

Во однос на тоа дали парничните дејствија што се преземени од странките можат да се отповикаат или не, дејствијата се делат на: отповикливи и неотповикливи, додека пак, дејствијата преземени од страна на судот се делат на: изменливии неизменливи, односно дејствија што се побиваат и дејствија што не се побиваат.

8. Парнични дествија на странките

Преземањето на парничните дејствија на странките се однесување на странките во парницата согласно нормите на процесното право. Странките волево одлучуваат за преземање на дејствијата и за тоа какво дејствие ќе биде преземено, односно странката одлучува самостојно за тоа какво учество ќе преземе во постапката, односно дали активно или пасивно учество. Исто така, потребно е да се нагласи дека странките сами ги поднесуваат и последиците. Постојат и ситуации кога судот ќе ѝ наложи на странката да преземе определено процесно дејствие, односно да приложи оригинална исправа или да дополни определен поднесок што е нецелосен, но ова, пред сè, е сугестија на странката да исполни свој процесен товар, а не должност. Најчести дејствија што се преземаат од страна на странките се: барања, поднесување на предлози, изнесување на тврдења, давање на изјави и соопштенија.

Дејствијата што ги преземаат странките се насочени кон остварување на определена цел, а согласно горенаведеното, дејствијата на странките се поделени на: офанзивни и дефанзивни парнични дејствија. Офанзивните дејствија на странките се сложени и најчесто се преземаат за правна заштита. Со помош на офанзивните дејствија може да се изврши промена на некоја постоечка правна ситуација или истата да биде санкционирана. Додека пак, дефанзивните парнични дејствија претставуваат можност странката да бара од страна на судот да го отфрли или да го одбие офанзивното парнично дејствие, подобро кажано, дефанзивното парнично дејствие е начин или една можност противникот да се спречи во остварување на офанзивното парничното дејствие. Со дефанзивното парнично дејствие странката го спречува, односно го оспорува офанзивното дејствие.

4. Парнични дејствија на судот

Парничните дејствија на судот се дејствија што ги презема судот како субјект во парницата. Со тоа судот ја извршува функцијата судење и со тоа ја исполнува должноста за правна заштита. Парничните дејствија судот ги презема по службена должност или по предлог на странката, од самиот почеток на поднесување на тужбата, па сè до правосилно завршување на парницата. Во однос на тоа кои парнични дејствија може да ги преземе судот, можеме да наведеме дел од нив и тоа: донесување на одлуки, управување со постапката, примање на парнични дејствија, регистрирање на парничните дејствија и на крајот доставување на писмена.

Донесување на одлуки - Одлуките, односно процесот на донесување е доста сложен и со нив судот го искажува својот став за сè она што е поставено во текот на постапката. Судот најчесто ги донесува одлуките во форма не пресуда и решение. Со пресуда судот донесува одлука мериторно, односно за основаноста и неоснованоста на тужбеното барање, додека пак, за прашања од процесноправна природа, судот донесува одлука во форма на решение.

Управување со постапката - Судот презема голем број на дејствија, со што се овозможува законито, правилно, ефикасно и економично решавање на предметот во однос на управувањето судот, закажува и одлага рочишта, врши определување и продолжување на роковите, исто така го одржува редот на рочиштето, врши спојување и раздвојување на парницата, одлучува за прекин на постапката, изведува докази, одлучува за повторно отворање на главната расправа.

Примање на парнични дејствија - Поднесоците се писмена форма на парнични дејствија на странките и на другите учесници во постапката, а како поднесоци кои се доставуваат до судот се сметаат: тужба, одговор на тужба, изјави и соопштенија што се поднесуваат надвор од расправата.[34] Поднесоците мораат да бидат разбирливи и мора да го содржат сето она што е потребно за да може да се постапи по нив. Тие особено треба да содржат означување на судот, име и презиме поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице запишани во Централниот регистар на Република Македонија

[34] Јанески, А. Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.248-277

или друг регистар поткрепени со доказ од соодветниот регистар, нивните законски застапници и полномошници, ако ги имаат, предмет на спорот, вредноста на спорот, содржина на изјавата и потпис на подносителот, односно електронски потпис, и-мејл адреса и контакт телефон.[35]

Регистрирање на парничните дејствија - Записниците се јавна исправа со која се докажува вистинитоста на она што во нив се потврдува или определува и тие се составуваат за дејствија кои се преземаат на рочиште за главна расправа, но и за рочиште за изведување на докази надвор од главна расправа.

Доставување на писмена - претставува парнично дејствије кое е преземено од страна на судот, а потребата од доставувањето како парнично дејствие се јавува поради потребата лицето до кое е адресирано, односно адресарот да се запознае со содржината на истото. Најчесто доставувањето како парнично дејствие кое го презема судот произлегува од начелото на сослушување на странките, односно можност секоја странка да се изнесе за барањата и наводите на спротивната странка.

5. Рокови

Роковите се процесни средства, односно роковите се временски период во кој може да се преземе определено парнично дејствие. Роковите, нивното траење и сметање имаат императивен карактер, а режимот на процесните рокови е уредено согласно со закон.

Во зависност од тоа кој ги определува роковите, односно дали роковите се определени од страна на судот или согласно законот, постојат: законски рокови и судски рокови. Законските рокови не можат да се менуваат, туку тие се определени со закон. Исто така, законските рокови не се продолжуваат, додека пак, судските рокови ги определува судот врз основа на законско овластување, со оглед на околностите во конкретниот случај, но сето тоа е во границите на законскиот максимум и минимум. Судските рокови од друга страна можат да се продолжуваат.

---

[35] член , став 3 Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

Друга поделба е направена според тоа дали по истекот на рокот парничното дејствие може да се преземе, односно дали и пред истекот на рокот може да се преземе парнично дејствие, и според тоа, роковите се поделени на: преклузивни и инструктивни рокови.

Преклузивнте рокови се оние со чие пропуштање се губи правото да се преземе парничото дејствие, додека пак, со инструктивните рокови не се губи правото на преземање на парнично дејствие. Самото име на инструктивните рокови упатува на тоа дека тие всушност претставуваат инструкција за судот или за странката за рокот до кога треба да биде преземено дејствието.

Во зависност од моментот на сметање на роковите, тие се делат на: објективни и субјективни рокови. Субјективните рокови се сметаат од моментот кога лице осознало за околноста која е релевантна за сметање на рокот. Од друга страна, објективните рокови се сметаат од моментот на настанување на околноста и тоа независно кога лицето дознало за таа околност.[36]

Роковите се сметаат на денови, месеци и години. Кога рокот е определен на денови, во рокот не се засметува денот кога доставувањето или соопштувањето е извршено, туку за почеток на рокот се зема првиот нареден ден. Роковите определени на месеци, односно на години завршуваат со истекот на оној ден од последниот месец, односно година кој по својот број одговара на денот кога започнал рокот. Ако го нема тој ден во последниот месец, рокот завршува последниот ден на тој месец. Кога последниот ден на рокот паѓа на државен празник или во недела или во некој друг ден кога судот не работи, рокот истекнува со истекот на првиот нареден работен ден. Кога поднесокот е врзан за рок, се смета дека е даден во рокот ако пред да истече рокот му е предаден на надлежниот суд. Кога поднесокот е упатен по пошта со препорачана пратка, денот на предавањето на поштата се смета како ден на предавање на судот до кој е упатен. Кога поднесокот е испратен по електронски пат, денот на испраќањето се смета како ден на предавање на судот до кој е упатен. Лицата кои се наоѓаат во Армијата на Република Македонија на

[36] Јанески, А. Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.278

воена служба, денот на предавањето на поднесокот на воената единица, односно на воената установа или на штаб се смета како ден на предавање на судот.[37]

6. Рочишта

Рочиштата се определени моменти на определено место кога судот ги презема парничните дејствија со учество на странките и другите ученици во постапката. Согласно горенаведеното, рочиштата ги закажува судот и истиот е должен за тоа навремено да ги повика странките и другите учесници во постапката. Временскиот период меѓу приемот на поканата и одржувањето на определеното рочиште треба да изнесува најмалку 8 дена. Рочиштата се одржуваат во судската зграда и тонски се снимаат во определени ситуации. Судот може да одлучи рочиштето да се одржи надвор од судската зграда кога ќе најде дека е тоа нужно или дека на тој начин ќе се заштеди во време или во трошоците на постапката.

7. Пропуштање на парничните дејствија.

Парничните дејствија се преземаат во определени рокови, на определени рочишта, како и во определен стадиум, односно фаза од парничната постапка. Странките во постапката самите одучуваат во кој момент ќе преземат или ќе пропуштат определено парнично дејствие. Странките пропуштаат да преземат определено дејствие ако тие воопшто не го презеле или ако го пропуштиле рокот за неговото преземање, не го презеле дејствието во процесниот стадиум во кој тоа можело да се преземе и во моментот кога странките нема да се појават на закажаното рочиште. Странките сами ги сносуваат последиците од пропуштањето, но секако тука е значајно да се спомне дали причината за пропуштањето е свесна волја на странките или пропуштањето е направено без нивна волја.

Со пропуштање на парничното дејствие се доведува до преклузија и тоа кога ќе настане се исклучува можноста парничното дејствие да се преземе дополнително, покрај

[37] член 104, член 105, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

тоа постојат и други последици, односно тие се изразуваат како фикции за определена процесно-правна волја на странките. Тука би се осврнале на еден краток пример - кога тужителот нема да ја плати судската такса во рок од 15 денеа од денот на поднесување на тужбата, истата ќе се смета за повлечена.

8. Враќање во поранешна состојба

Враќањето во поранешна состојба е можност, односно начин парницата да се врати во онаа состојба во која била пред пропуштањето. Ова е начин странките да не ги трпат последиците од пропуштањето на определно процесно дејствие, секако само во ситуации кога пропуштањето е направено без вина на странките.

Постапката за враќањето во поранешна состојба започнува со поднесување на предлог до судот кој требало да го преземе пропуштеното дејствие. Предлогот се поднесува во рок согласно законот за парнична постапка, односно постојат два рока и тоа: објективен и субјективен рок. Субјективниот рок изнесува 15 дена, и тоа од денот кога престанала причината што го предизвикува пропуштањето, а кога странките дознале подоцна од денот на дознавањето. Објективниот рок изнесува 3 месеци и тоа сметајќи од денот на пропуштањето. По истекот на роковите, не може да се бара враќање во поранешна состојба.

9. Застои на парничната постапка

Граѓанската постапка е една од најстарите правни облици на заштита на личните права и е со закон регулирано постапување на судот, странките и другите учесници во постапката. Истата претставува посебен начин на давање правна заштита на граѓанските субјективни права, доколку се утврди дека заштитата е оправдана. Во парничните постапки граѓанските судови расправаат и одлучуваат за основни права и обврски на граѓанинот во спорови од лични и семејни односи, од работни и од трговски односи, како и од имотни и други граѓанско правни односи. Парничната постапка се поведува со тужба, а странките во постапката се јавуваат во својство на тужител, тужен и трети лица. Основниот закон по кои се водат судот и странките во оваа постапка е Законот за

парнична постапка.[38] Истата претставува непрекинат временски тек кој завршува кога судот ќе донесе пресуда со која го решава спорот. Значи станува збор за конечно запирање на парничните активности, но се разбира има и отстапувања или привремен застој на парничните активности. Постојат различни видови на привремени застои на постапката кои се разликуваат по обемот на правните последици кои ги предизвикуваат. Како привремени застои се дефинираат: прекин на постапката и застанување со постапката.

Прекинот на постапката е привремен застој на парничните активности и истиот се случува кога странката ќе умре, странката ќе ја загуби парничната способност, а нема полномошник во таа постапка, законскиот застапник на странката ќе умре или ќе престане неговото овластување за застапување, а странката нема полномошник во постапката, странката која е правно лице ќе престане да постои, односно кога надлежниот орган правосилно ќе одлучи за забрана на работата, ќе настапат правните последици од отворање на стечајна постапка, двете странки тоа ќе го побараат заради решавање на спорот со медијација или на друг начин, поради војна или други причини ќе престане работата во судот. Овие ситуации упатуваат на тоа дека странките, или пак, судот се објективно спречени да преземаат процени дејствија. Прекинот на постапката трае сè додека не престанат причините што предизвикале прекин на постапката. Прекинот на постапката трае онолку колку што траат причините поради кои тој настанал, а за да продолжи прекинатата постапка не е потребно само да престане причината што го предизвикала прекинот, туку е потребно судот да донесе решение за продолжување на постапката.

Кога како причина се наведува барањето на странките спорот да го решат по пат на медијација, истата продолжува по барање на една од странките, а ако такво барање нема, постапката ќе продолжи по истекот на 45 дена од денот на прекинот.

Застанувањето на постапката е привремен застој на парничните активности. Во законот за парнична постапка е наведено конкретно за овој вид на прекин на постапката, туку само определува кога судот може да застане со постапката.

Разликите на прекинот и застанувањето со постапката, се следниве со застанување на постапката престануваат само некои, а не сите процесни активности, со застанувањето

[38] Елена Наковска, Небојша Милосављевиќ, Анамарија Спасевска, Прирачник прв пат во суд насоки и препораки - Граѓанска постапка, стр. 18-21. https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/CM-P072020-MKD.pdf

на постапката се преземаат сите процесни дејствија што се врзани за рокови и застанувањето со постапката е фактички, привремен застој на некои процесните активности. Судот во овој случај не донесува решение за застанување на постапката, туку траењето на застанувањето е определено со закон. Од ова може да се извади еден заклучок дека до застанување со постапка доаѓа кога треба да се остави простор за да се преземе некое дејствие, односно кога на судот му е потребно време да ги добие и да ги разгледа резултатите од некои преземени процени активности. [39]

10. Докажување

10.1. Поим и видови докази

Докажувањето, пред сè, е активност на употреба на доказите во постапката. Терминот доказ се користи за да се означи средство што е извор на сознание на фактите, односно доказот е синоним за доказно средство, кое пак, претставува основа за вистинитоста или невистинитоста на едно фактичко тврдење. Во зависност од тоа што се очекува да се постигне со определен доказ, се прави поделба на: главен доказ, противдоказ и доказ за спротивното. Главниот доказ е доказ што може да го предложи секоја странка во постапката, тужителот или тужениот. Со доказот странките го утврдуваат постоењето или непостоењето на фактите врз кои тие го основаат своето барање. Противдоказ е доказ што го предлага странката за да докаже дека не е вистинито фактичкото тврдење на противникот и противдоказот секогаш е врзан со главниот доказ. Доказ за спротивното е главен доказ кој го поднесува странката, но без основа на него да заснова некое барање, туку да го оспори тврдењето на противникот, доказот за спротивното има најчесто тема што е контрадикторна на доказната тема на главниот доказ.

Друга поделба е направена за односот на доказот со фактите. Се прави поделба на: непосредни и посредни докази. Кога доказот со она што е утврдено овозможува директно утврдување на фактите, се смета како непосреден доказ. Со непосредниот доказ судот извлекува заклучок за постоењето или непостоењето на фактите, додека пак, некои факти судот може да ги утврди индиректно. Во таа ситуација судот не го утврдува релевантниот факт бидејќи за тој факт нема доказ, туку утврдува друг факт што е правно ирелевантен, но

[39] Јанески, А. Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.288-293

од неговото постоење може со определен степен на веројатност да заклучи дека всушност постои правно релевантен факт, што треба да го утврди.

10.2.Предмет на докажување

Потребно е судот да има целосна слика за предметот на докажување, да знае што и во кои граници подлежи на докажување, во спротивно постои недоверба во рабатата на судот, односно ќе се уништи значењето на докажувањето.

Во областа на правото фактите имаат потесно значење, односно тие се нарекуваат правни факти. За правните факти објективното право надоврзува некое правно дејство кое се гледа во промена, настанување или престанок на некој правен однос.

Согласно Законот за парнична постапка, судот при донесување на одлуките секогаш се раководи во границите на фактичките тврдења на странките, но сепак предметот на докажување не е во надлежност само на странките, туку судот има задача да ги утврди и оние факти кои странките не ги изнесле.

Во Законот за парнична постапка се предвидени и факти кои не се предмет на докажување, а тоа се: ноторни факти, претпоставени факти, признатите факти и факти што се утврдени со правосилна пресуда, донесени во кривичната постапка.

Општопознати факти или ноторни факти - ноторноста е потполна, што значи дека таа не е постигната со докажување, или пак, со доброволно признавање од страна на противникот, туку таа потои и надвор од парницата, но секако е дозволено и можно да се докажува спротивното, односно дека некој факт не е ноторен, како и дека не постои ноторниот факт.

Претпоставените факти како и ноторните факти не се докажуваат, тие се факти кои се претпоставуваат. Претпоставеното постење на определен факт се нарекува претпоставка или презумпција. Овие правни претпоставки го ослободуваат судот од должноста да утврдува постоење на одреден факт.

Признати факти се факти што странката ги признава пред судот во текот на парницата. Секоја од странките, односно и тужителот и туженият може да изјави пред судот дека се вистините фактичките тврдења на противникот. Фактите што странката ги признава, судот ги става во основа на својата одлука без докажување. Секако треба да

напоменеме дека во никој случај и под никоја околност странката не може го да признае фактичко тврдење на противникот за кое смета дека не вистинито.

Странката која признала некој факт како вистински, може да го порекне во целост или делумно со додавање на друг факт. Исто така, странката може да го отповика признанието на фактите од лични побуди или кога на тоа ќе упати судот дека со признанието на определен факт можат да настанат последици.

10.3. Правни норми

Правните норми, нивната содржина и нивното постоење не се докажуваат. Тоа е единствена задача на судот, што значи дека судот секогаш самостојно и независно по службена должност ја утврдува и применува меродавната правна норма која одговара во конкретниот случај. Судот го познава правото и секогаш се води по својата проценка, независно од предлогот и иницијативата на странките.

10.4. Товар на докажување

Товарот на докажување е должност на определени субјекти да предложат докази врз основа на што се утврдува вистинитоста за определено тврдење. Заедно со товарот на докажување е и товарот на тврдење со кој процесните субјекти треба да ги изнесат пред судот тврдењата за фактите на кои се засновани барањата. Странките секогаш настојуваат да го убедат судот во вистинитоста на тврдењата од кои зависи основаноста на нивното барање. Успехот на секоја странка зависи, пред сè, од доказната сила или способноста на доказните средства да го убедат судот во вистинитоста на тврдењата.[40] Товарот на докажување како процесно-правен институт нема фиксни граници, односно не е врзан само со една фаза од постапката. Тој може да премине во која било фаза од постапката во согласност со Законот за парнична постапка, во зависност од конкретната тужба.[41]

[40] Јанески А. Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.296-309

[41] Жанета Попоска, Зоран Михајлоски Атанас Георгиевски, Водич за улогата на Комисијата за заштита од дискриминација во судска постапка и Преминување на товарот на докажување, стр.43 .https://www.osce.org/files/f/documents/8/8/116820.pdf

10.5. Фази на докажување

Процесните дејствија на докажување можат да се распределат во неколку фази и тоа: предлагање на докази, избор на докази, подготовка за изведување на докази, изведување на докази и оцена на доказите.

Едно од првите процесни дејствија е предлагање на докази и истото се презема во рамките на расправното и истражното начело во парничната постапка. Доказната постапка ја започнуваат странките, а во определени случаи тоа може да биде и судот. Предлогот за предлагање на докази, како што погоре наведовме, го поднесуваат странките и истиот треба да содржи тема, индивидуално означување на доказните средства за секој факт поодделно и на крајот предлог за судот да дозволи изведување на предложените докази. Странките можат да предлагаат докази најдоцна до првото рочиште за глава расправа, но и во текот на целата главна расправа кога е веројатно дека без своја волја не можеле да ги изнесат, односно да ги приложат на првото рочиште за главна расправа.

Второ процесно дејствие е избор на докази, тоа е во надлежност на судот, односно странките се исклучени од оваа активност. Судот е тој што одлучува за тоа кои од предложените докази ќе се утврдат заради утврдување на решителните факти. Судот секогаш одлучува со решение за изведувањето на доказите, без разлика дали се предложени од страна на странките или тие ги има утврдено судот самостојно.

Третото процесно дејствие е подготовка за изведување на докази. Подготовката му претходи на доказното решение кое го донесува судот. Подготовката на изведување на доказите се донесува на подготвителното рочиште на главна расправа.

Законот за парнична постапка укажува на потребата странките и судот доказите да ги прибават уште на подготвителното рочиште.

Четврто процесно дејствие е изведување на докази. Изведувањето на доказите е во надлежност на судот. Судот со учеството на странките ја истражува содржината на секој доказ поединечно, односно судот презема сè што е во негова надлежност за да може определениот доказ да се искористи за утврдување на релевантните факти. Доказите потребно е да се изведат на главната расправа и тоа пред судот кој е надлежен да одлучува за тужбеното барање, согласно принципот на непосредно изведување на докази и слободна оценка.

Петтото процесно дејствие е оценка на доказите. Како последна фаза судот секогаш се води според принципот на слободна оценка на доказите, а кои факти ќе се земат како докажани одлучува судот врз слободно убедување и оцена на секој доказ посебно и сите докази заедно. Судот критички го оценува секој доказ, прави детална проценка и анализа за изведувањето на нови докази и за тоа какви резултати дале веќе изведените докази и што би се очекувало од новите докази, односно дали воопшто е потребно да бидат изнесени нови докази.

11. Поим на доказни средства и видови доказни

Законот за парнична постапка ги определува следниве доказни средства:

1.Увид - се презема кога за утврдување на некој факт или разјаснување на некоја околност е потребно непосредно забележување од страна на судот. Увидот се врши на рочиштето за главна расправа и тоа во зградата на судот или надвор од неа, во ситуации кога предметот што треба да се разгледува не може да се донесе или неговото донесување би предизвикало значителни трошоци. Увидот судот го врши сам или со присуство на вештаци.

2. Исправи - телесен предмет на кој е запишан некој знак или е изразена некоја мисла, битно е на исправата да е запишана некоја мисла и да биде забележан некој факт кој има значење во правните односи. Исправите се автентични кога потекнуваат од изведувач и кога не е променета нивната содржина. Дозволено е да се докажува дека во јавните исправи невистинито се утврдени фактите или дека исправите се неправилно составени. Кога судот се сомнева во автентичноста на исправата, може да побара за тоа да се изјасни органот, односно институцијата од која би требало да потекнуваат исправите. [42]

3. Сведоци - тоа е физичко лице коешто му дава на судот исказ за своето забележување на фактите во минатото. Во практика, сведоците се доказно средство во голем број на парници и судот често со само тоа доказно средство утврдува што е вистина во конкретниот спор. Законот за парнична постапка уредува прашања коишто се неопходни за правилно користење на ова доказно средство. На прво место тука е

[42] Јанески А. Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.309-320

должноста на секое лице да одговори на позивот и да сведочи пред судот. Должноста на сведочењето лежи само на лицата коишто се способни да даваат известувања за фактите коишто се докажуваат. Законот за парнична постапка ја исклучува употребата на овој доказ ако одредено лице со својата изјава ја повредило должноста на чување на службена тајна или војна тајна, ако надлежните органи не го ослободат од таа должност. Законот за парнична постапка посветува посебно внимание на оценувањето на исказите на сведоците. [43] Способноста на сведокот да ги забележи фактите и да ги задржи во сеќавањето, зависи од општата култура на сведоците и функционирање на сетилата и паметењето. Исказот на сведоците се цени и според околностите под коишто сведокот ги запазил фактите. Сведокот којшто е повикан да присуствува со одреден настан или да ги види фактите по случувањето, секако подобро ќе воочи што се случува и ќе се сеќава што се случило, отколку сведокот којшто случајно дошол.[44]

4. Вештаци - тоа е лице коешто користејќи се со своето стручно знаење ги изнесува своите сегашни запазувања - наод и дава мислење за фактите коишто се предмет на докажување. Вештакот може да биде лице коешто исполнува услови да биде сведок, но притоа мора да има стручно знаење за утврдување, односно разјаснување на некои факти. Судот го користи ова доказно средство кога сам нема потребно стручно знаење коешто треба да го употреби. Странката којашто предлага вештачење, должна е во предлогот да го назначи предметот и обемот на вештачење и да предложи лице за вештак од листата на постојани судски вештаци. За тој предлог, спротивната страна има право да се изјасни. Ако странките не постигнат договор за лицето коешто ќе биде одредено за вештак и за предметот и обемот на вештачење, за тоа мора да одлучи судот. Независно од договорот на странките, судот може да одреди друг вештак, ако оцени дека сложеноста на вештачењето тоа го бара.

5. Сослушување на странките - сослушувањето на странките е предвидено само во парична постапка. Доказите за сослушување на странките, за разлика од останатите докажни средства, имаат супсидијарен карактер, се изведуваат кога нема други докази или кога и покрај изведените други докази судот има потреба да ги сослуша странките заради

[43]Докажни средства во парнична постапка во имотни односи - Магистерски труд, М. Ангеловска, стр. 24 https://eprints.ugd.edu.mk/15822/1/__tsclient_D_marinaaaaaaa.pdf

[44]Докажни средства во парнична постапка во имотни односи - Магистерски труд, М. Ангеловска, стр.25 https://eprints.ugd.edu.mk/15822/1/__tsclient_D_marinaaaaaaa.pdf

утврдување на важни факти. Судот ќе одлучи дали овој доказ да го изведе по своја иницијатива, а кога за тоа постои предлог на странките, судот цени по своја слободна оцена дали е потребно овој доказ да се изведе. Во практика, често веќе во тужбата странките предложуваат сослушување на странки. Овој предлог судот секогаш треба да го оценува со оглед на другите докази коишто се предлагаат. Бидејќи странката се сослушува во сопствена работа, таа не може на сослушувањето да се принуди како што може сведокот.[45]

11.1. Обезбедување на докази

Обезбедувањето на докази се извршува на два начини. Првиот начин се врши на начин што странките самите ги преземаат дејствијата пред почетокот на парничната постапка и вториот начин е дејствија што странките ги преземаат во содејствие на судот пред почетокот на постапката или во текот. За да се спроведе постапката за обезбедување на докази, потребно е да се поднесе предлог. Предлогот може да биде поднесен од страна на странките, но и од вмешувачите, да постои оправдан страв дека некој доказ не ќе може да се изведе или дека неговото подоцнежно изведување ќе биде отежнато, како и кога обезбедувањето на докази е потребно пред или во текот на постапката по вонредни правни лекови. Тука може да се бара обезбедување на докази поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка. Кога се бара обезбедување на доказ пред поведувањето на постапката, како и во итни случаи ако постапката веќе тече, надлежноста е на судот од прв степен на чие подрачје се наоѓаат предметите што треба да се разгледаат, односно судот на чие подрачје престојува лицето кое треба да се сослуша и за тоа одлучува судијата поединец на надлежниот суд.

Во поднесокот со кој се бара обезбедување на докази предлагачот е должен да ги наведе фактите што треба да се докажат, доказите што треба да се изведат и причините поради кои смета дека подоцна доказот не ќе може да се изведе или дека неговото изведување ќе биде отежнато. Во поднесокот треба да се наведе името и презимето на противникот, освен ако од околностите произлегува дека тој не е познат. Во судската практика обезбедувањето на докази поретко се користи. Против решението на судот со

[45]Доказни средства во парнична постапка во имотни односи - Магистерски труд, М. Ангеловска, стр.25-28 https://eprints.ugd.edu.mk/15822/1/__tsclient_D_marinaaaaaaa.pdf

коешто се усвојува предлогот за обезбедување на докази, како и против решенијата со коешто се одлучува дека изведувањето на докази започува пред решението да се достави на противникот, не е дозволена жалба. Ако доказите се изведени пред постапката да биде покрената, записникот за изведување на докази ќе се чуваат кај судот пред којшто доказите се изведени. Ако постапката е во тек, а обезбедување на докази не ги извел парничниот суд, записникот ќе се достави на парничниот суд.[46]

12. Други процесни установи

Постојат различни начини за решавање парничните спорови, меѓутоа најстар начин на решавање на споровите, е изнесување на истите пред суд. Постојат различни причини кои го наведуваат тужителот да поведе парнична постапка, но без оглед на причината поради која се покренува и води постапката, и без оглед на спротивните интереси кои ги имаат двете странки во текот на постапката, очекувањата на странките секогаш се насочени кон една заедничка цел - ефикасно и економично завршување на постапката. Завршувањето на парничната постапка значи донесување на конечна и мериторна одлука за основаноста на тужбеното барање со која судот мериторно одлучува за правната работа што е предмет на постапката, како што спомнавме тоа е најстар начин на зашврување на постапката, Меѓутоа постои и еден поинаков начин на завршување на постапката, и тоа завршување на првостепената парнична постапка со судско порамнување.

12.1. Судско порамнување

Судското порамнување (resiudicialitertransacta) е договор склучен во писмена форма пред надлежен суд со кој странките ги уредуваат своите граѓанско правни односи.[47]

Судското порамнување е диспозитивно парнично дејствије на двете парнични странки кои заеднички и спогодбено диспонираат со предметот на постапката, а како последица од склучување на судско порамнување е тоа што тие повеќе немаат правен интерес да бараат судска правна заштита, така што на тој начин се завршува веќе започнатата парница, а странките ги задржуваат добрите односи, исклучувајќи ја

[46] член 257-261, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

[47] Triva Sinisa, Dika Mihajlo, Građansko parnično procesno pravo, Zagreb, 2004, str. 471

неизвесноста од успехот на парничната постапка.[48] Битно е да напоменеме дека странките во текот на целата постапка пред парничниот суд можат да склучат порамнување за предметот на спорот.

Судското порамнување произведува процесно-правно и материјално-правно дејство. Основата на процесното-правно дејство е завршување на постапката. Кога порамнувањето се однесува на целиот предмет на спорот, тогаш парницата се завршува, иако во Законот за парнична постапка не е наведено дека судското порамнување е еден вид на завршување на постапката, како и кога постапката се завршува со правосилна судска пресуда, со неговото склучување настанува состојба *res iudicata*, што значи дека постапката е завршена. Исто така, склученото судско порамнување е пречка за да се води нова парница за истата правна работа.

Судското порамнување исто така произведува и дејствије и врз материјално-правните односи на странките. Со него се менува или укинува постоечкиот правен однос, или пак, се создава нов однос.[49] Во однос на тоа дали може да се побива или не судското порамнување, судската практика укажува за можноста од поднесување на тужба за поништување на судското порамнување, а ова е од причина што, како што споменавме, судското порамнување е акт на волјата на странките, а не на страната на судот. Судот ја пропишува можноста за побивање бидејќи постојат ситуации кога судското порамнување е склучено под закана, присилба или во заблуда.

12.2. Претходни прашања

Претходното прашање е правно прашање коешто го условува решавањето на друг конкретен спор.[50] Претходното прашање е прашање кое се однесува на основаноста на тужбеното барање. Она што треба да го посочиме е дека по претходно прашање се подразбира прашање за некое право или правен однос од чие претходно решавање зависи одлуката за меритумот на спорот. Претходното прашање секогаш се однесува на постоењето или непостоењето на некое право или правен однос и секогаш се поставува

[48]М. Трајкова, Завршување на провостепената парнична постапка со или без мериторна одлука на судот, јули, 2013 година https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/pravdiko.pdf
[49] Јанески А. Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.338

[50] M. Dika i J. Čizmić, Komentar Zakona o parničnom postupku Federacije BiH, Sarajevo, 2000, str.58

конкретно во однос на главната работа. Одлуката за претходното прашање е одлука за главната работа.

Согласно Законот за парнична постапка, се применува мешовитиот систем на решавање на претходното прашање. Кога одлуката на судот зависи од претходното решение на прашањето дали постои некое право или правен однос, а за тоа прашање уште не донел одлука судот или друг надлежен орган како за главното прашање, судот може сам да го реши тоа прашање, ако со посебни прописи поинаку не е определено. Тоа значи дека парничниот суд е овластен, но не и должен сам да решава за нерешените претходни прашања, туку ја прекинува постапката сè додека надлежниот орган правосилно не го реши главното прашање.

12.3. Правна помош

Судовите се должни да укажуваат еден на друг правна помош во парничната постапка. Правната помош во парничната постапка се состоии од преземање на парничните дејствија од страна на друг суд, наместо од парничниод суд. На судот на кој му е потребна правната помош поднесува молба, односно замолница и се бара од замолениод суд да преземе определено парнично дејствије, но не може да се бара во никој случај замолениот суд да решава за главната работа. Замолениот суд е должен да постапи по молбата и да состави записник и да го достави до парничниот суд. Ако замолениот суд не е надлежен да го изврши дејствието за кое е замолен, ќе му ја отстапи молбата на надлежниот суд, односно на друг државен орган и за тоа ќе го извести судот од кој ја примил молбата, а ако надлежниот суд, односно државниот орган не е познат, ќе ја врати молбата.[51]

12.4. Трошоци во парнична постапка и трошоци во медијација

12.4.1 Трошоци на парничната постапка

Како парнични трошоци се сметаат издатоците кои се направени во текот или по повод постапката. Тука е вклучена наградата на адвокатот и на другите лица на кои законот им признава право на награда, судските такси, надоместоците за патните трошоци, трошоци за увид, награда за работата на вештаците, трошоци за обезбедување на

[51] Јанески, А. Граѓанско процесно право , Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.345-347

докази, трошоци за објавување на огласи, трошоци за привремени мерки.[52] Должноста за надоместок на трошоците е самостојна, Секоја странка претходно сама ги поднесува трошоците што ги предизвикала со своето дејствие. Судот нема да постапува по тужба ниту да преземе друго дејствие за кое не е платена судската такса.

Кога некоја од странките ќе предложи изведување на докази, должна е по налог на судот однапред да го положи износот потребен за намирување на трошоците коишто ќе настанат по повод изведувањето на докази. Доколку изведувањето на доказите ќе биде предложено од двете странки или кога судот ќе го определи тоа, судот ќе го определи износот потребен за намирување на трошоците да го положат двете странки на еднакви делови. Судот може да одлучи износот да го положи само една од страните и истиот ќе се откаже од изведување на докази кога износот потребен за намирување на трошоците не биде положен во рокот што тој го определил.

12.4.2.Трошоци на постапката на медијација и награда за медијаторот

Во постапката за медијација секоја страна ги намирува своите трошоци, а заедничките трошоци ги намируваат на еднакви делови, освен доколку страните претходно поинаку не се договориле. Заедничките трошоци ја сочинуваат наградата на медијаторот и трошоците на медијаторот во врска со постапката на медијација, додека пак, постапката на медијација може да биде и бесплатна за страните во случај кога страните и медијаторот се договорат за тоа или кога тоа е уредено со закон.

Висината на наградата и надоместокот на трошоците на медијаторот се определуваат со Тарифник кој го донесува министерот за правда по претходно прибавено мислење од Комората на медијатори. Надоместокот на реалните трошоци на медијаторот се определува според административно-техничките трошоци кои ги опфаќаат трошоците потребни за започнување на постапката и нејзино спроведување.

Постапката на медијација може да биде бесплатна за страните во случај кога страните и медијаторот ќе се договорат за тоа или кога тоа е уредено со закон. Медијаторот може да побара од страните да депонираат аванс за трошоците на постапката, а по завршувањето на постапката на медијација, медијаторот е должен на

[52] Јанески, А. Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.347

страните да им достави доказ за потрошените средства, како и преглед на преземените дејствија, тарифирани согласно со Тарифникот за надоместок и награда на медијаторот. Непотрошените средства им се враќаат на страните во постапката за медијација и тоа во рок од 8 дена од завршувањето на постапката. Медијаторот може да поведе постапка за наплата на надоместокот и наградата што му следува во постапката за медијација, доколку не му биде исплатена во рок од седум дена од потпишувањето на спогодбата од страните во постапката за медијација.

ГЛАВА 5. ОДНОСОТ НА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА И ПОСТАПКАТА НА МЕДИЈАЦИЈА

1. Тужба

Според Законот за парнична постапка, член 175, парничната постапка се поведува со тужба. Тужбате претставува парнично дејство со кое се иницира парничната постапка со цел да се заштити некое повредено или загрозено граѓанско субјективно право. Тужба може да поднесе секое лице кое тврди дека неговото право е повредено или загорозено и да бара од судот да му даде правна заштита со определена содржина, а со тоа добива својство на тужител во постапката. Тужбата е израз на волјата на тужителот, односно акт на неговата диспозиција. Без тужба како диспозитивно дејство нема парнична постапка – Nemo iudex sine actore.[53]

Тужба во материјална смисла претставува барање што тужителот го поднесува до судот против туженият поради правна заштита со определена содржина. Тужителот во тужбата тврди дека туженият има определена граѓанско-правна обврска која доброволно не е исполенета и бара од судот да го осуди туженият на нејзино исполнување и бара во однос на туженият да се утврди содржината на определен правен однос или да се произведат определени промени во правните односи. Во формална (процесна) смисла тужбата претставува писмен поднесок во кој тужителот го истакнува своето барање за правна заштита со определена содржина.[54] Освен како поднесок, барањето за правна заштита може да се истакне и усно на записник во судот. Во една тужба во формална

[53] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.358
[54] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.358-359

смисла можат да бидат содржани повеќе барања за правна заштита на еден или повеќе тужители против еден или повеќе тужени. Во процесна смисла, тужбата се определува исто како и процесното дејствије, односно процесен инструмент за остварување на правото на правна заштита и како процесна претпоставка.

По својата правна природа тужбата е странично парнично дејствие со кое тужителот поведува парнична постапка за заштита на своето граѓанско субјективно право. Како процесно дејствије на тужителот, тужбата содржи барање до судот да донесе пресуда, меѓутоа иако судот е врзан со тужбеното барање, тој не мора да донесе пресуда чија содржина ја определува тужителот во тужбата, а тоа значи дека судот може да го усвои барањето целосно, делумно или да го одбие барањето.

Задолжителната содржина на тужбата ја сочинуваат така наречените задолжителни елементи, без кои нема да постои тужбата како парнично дејствије и како поднесок и ситите се делат на: задолжителни елементи на тужбата за сите случаи и задолжителни елементи на тужбата за посебни случаи.

Задолжителни елементи на тужбата за сите случаи се:

Тужбеното барање - Петитумот, претставува тврдење на тужителот дека треба да настапи одредена правна последица како резултат на примената на определената правна норма врз определена фактичка состојба. Со ова барање тужителот го прецизира и го сецифицира видот и содржината на правната заштита што се бара во тужбата. Во оваа постапка, странките расправаат, а судот одлучува во границите на тужбеното барање или барања што се ставени во постапката - *neat iudex iltra et petita pertium.*[55]

Фактичка основа на тужбата (causa remota actionis) - Должност на тужителот е во тужбата да ги наведе фактите на кои го заоснова своето тужбено барање. Имено, станува збор за тврдења на тужителот за тоа дали постојат или не постојат определени факти од кои зависи настанувањето на правната последица која е формулирана во тужбата. Тужителот има должност во тужбата да ги наведе само фактите на кои го заоснова своето барање, односно фактите за кои смета дека му даваат основа да го истакне конкретното тужбено барање и истото да го супстанцира, а исто така да ги истакне фактите што според неговото мислење се доволни за да настани бараната правна

[55] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.359

последица, а не сите факти што го чинат животниот настан од кој настанал спорот што е предмет на постапката.[56]

Доказите – Во тужбата тужителот мора да ги предложи доказите со кои ќе се утврдат фактите на кои тој го заснова своето барање.[57]

Податоците што мора да ги содржи секој поднесок : означување на судот, име, занимање, живеалиште , односно престојувалиште на странките – физички лица, односно седиште и фирма на странките – правни лица, на нивните законски застапници и полномошници, предмет на спорот, содржина на изјавата и потпис на тужителот.[58]

2. Видови тужби

Од големо значење во теоријата на граѓанското процесно право е поделбата на тужбите на видови, со оглед на содржината на правната заштита што се бара со тужбата, независно од природата на повреденото субјективно право.

Според овој критериум, тужбите се делат на: декларaторни, конститутивни и кондемнаторни тужби.

Декларaторната тужба во парничното право уште се нарекува и тужба за утврдување, а целта на оваа тужба е утврдување на правен однос. Фактички со оваа тужба тужителот бара од судот да му даде правна заштита, односно да утврди постоење или непостоење на некое право или правен однос или да утврди вистинитост, односно невистинитост на некоја исправа. Декларaторните тужби, зависно од тоа каква заштита се бара со нив, можат да се јават во два вида и тоа: позитивни и негативни тужби. Ваква тужба може да се поднесе кога тоа со посебни прописи е предвидено, кога тужителот има правен интерес судот да го утврди постоењето, односно непостоењето на некое право или правен однос, или вистинитост, односно невистинитост на некоја исправа пред пристигнатоста на барањето за чинење од истиот однос, или кога тужителот има некој друг правен интерес за поднесување на ваква тужба.[59]

---

[56] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.360
[57] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.361
[58] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.361
[59]член 177, став 2, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ, бр.124/15“

Конститутивната тужба уште се нарекува и правнообликувачка, преобразувачка тужба или тужба за преобразување. Целта на оваа тужба е со пресудата што треба да се донесе по оваа тужба да се изврши обликување или преобразување на некоја правна ситуација. Како конститутивни тужби се сопственичките тужби. Со оваа тужба тужителот бара од судот да му даде правна заштита, на начин што со својата одлука ќе изврши определени промени во граѓанско-правните односи, односно ќе заснова правен однос што дотогаш не постоел или ќе измени или ќе укине веќе постоечки правен однос.

Кондемнаторната тужба истовремено се нарекува и осудувачка тужба, односно тужба за осуда на чинење. Заштита со оваа тужба е предвидена за случаите кога тужениот извршил повреда или вознемирување на некое право на тужителот.

Во оваа тужба тужителот тврди дека поради однесувањето на тужениот фактичките односи помеѓу нив не се такви како што треба да бидат според правните норми, со коишто треба да бидат предадени, па поради тоа потребно е да се преземат мерки на односи и да се воспостават во согласност со правните норми. Кондемнаторна природа имаат следните тужби: тужба за осуда на плаќање на надомест на штета поради неисполнување на договор, тужба за осуда на плаќање на купопродажната цена и слично.

3. Истакнување на повеќе тужбени барања во една тужба (објективна кумулација)

Еден тужител како физичко или правно лице може да поднесе една или повеќе тужби, но заради економичноста во водењето на постапката, заради рационалноста на правната заштита, како и заради единствена примена на законските прописи, дозволено е сите тужби тужителот да ги поднесе во еден примерок, односно една тужба.

Тогаш имаме тужба со повеќе тужбени барања, а во ЗПП таквото поднесување на тужба се нарекува објективна комулација. Објективна комулација е исполнување на повеќе тужбени барања против ист тужен во еден примерок. За да постои објективна комулација, потребно е да бидат исполнети два услови: по сите тие тужбени барања да постои стварна надлежност на ист суд и сите тие тужбени барања да произлегуваат од ист фактички или правен однос. Зависно од редоследот на истакнатите барања во тужбата и дали судот е должен да донесе одлука за сите истакнати барања, а исто така и дали

тужениот е должен да ги исполни сите обврски, се разликува: обична, евентуална и алтернативна кумулација.

Обична кумулација имаме кога тужителот во тужбата истакнал две или повеќе тужбени барања и бара од судот сите да бидат усвоени. На пример, кога поради неисполнување на некој договор за испорака на стока, тужителот бара испорака на истата стока и надомест на штета поради задоцнување.

За разлика од обичната, евентуална кумулација имаме кога тужителот во тужбата ќе истакне две или повеќе барања во меѓусебна врска и бара од судот да го усвои следното од истакнатите барања, доколку најде дека барањето истакнато пред него не е основано. Евентуална кумулација е дозволена доколку основното и евентуално истакнатите тужбени барања мора да бидат во меѓусебна врска, за секое од истакнатите барања да постои стварна надлежност на ист суд и за сите барања да е пропишан ист вид постапка. Тужителот може две или повеќе тужбени барања во меѓусебна врска да ги истакне во една тужба и така судот да го усвои следното од тие барања, ако најде дека она што пред него е истакнато не е основано.[60]

Алтернативната кумулација на тужбени барања претставува посебен вид на кумулација која е дозволена само по исклучок, односно кога тоа произлегува од нормите на материјалното право. Во основата на овој вид на кумулација се т.н. алтернативни облигации, односно облигации кои за свој предмет имаат две или повеќе чинења, а конечниот предмет на облигацијата зависи од изборот на овластеното лице. Тука, правото на избор на предметот му припаѓа на доверителот, на должникот или на трето лице.

4. Дејство на поднесување на тужба до судот

Поднесувањето тужба претставува парнично дејствие кое се смета за преземено со самото доставување на тужбата во судот. Тужбата до судот може да се поднесе во вид на поднесок, односно писмено, а исто така и усно со записник во судот. Тужбата како поднесок може да биде доставена непосредно во судот или истата да се упати до судот преку пошта. Со приемот на тужбата од страна на судскиот службеник се смета дека

[60]член 178, став 2, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ, бр.124/15“

тужбата е поднесена, додека пак, кога истата се праќа по пошта, таа се смета за поднесена во моментот кога е предадена во пошта. Поднесувањето тужба до судот произведува определено материјално-правно и процесно-правно дејство. Со поднесувањето тужба во судот се прекинува течењето на рокот на застареност и тоа само под услов ако постапката продолжи, а не во случај кога истата ќе биде отфрлена, повлечена или доколку тужбеното барање биде одбиено. Покрај тоа, со поднесувањето на тужбата се одржува преклузивниот рок, доколку таков рок е пропишан за поднесување, а исто така, должникот паѓа во доцнење ако рокот за исполнување на обврската не е определен, воедно и наследниците стекнуваат право да ја продолжат постапката за заштита на некои лични права кои престануваат со смртта на носителот, доколку носителот ја поднел тужбата додека бил жив, со поднесувањето на тужбата се определува и меродавното право во правните работи со странски елемент и слично.

За разлика од горенаведените материјално-правни дејства, основно процесно-правно дејство на поднесување на тужбата во судот е тоа што со овој акт се поведува парнична постапка. Процесно-правното дејство од поднесувањето тужба во судот се однесува и на надлежноста на судот, вредноста на предметот на спорот и диспозицијата на странките. Имено, со поднесувањето тужба до судот се заснова надлежноста на еден суд (perpetuatio fori) која се оценува според околностите кои постоеле во моментот на поднесувањето на тужбата. Исто така, тужителот го реализира своето право на избор кај избраната месна надлежност, ја реализира спогодбата за месна надлежност, се определува вредноста на предметот на спорот, парничарите стекнуваат својство на странка, тужителот е врзан за својата тужба и не може без согласност на туженият да ја преиначи. Тужителот може да ја преиначи тужбата доколку по поднесувањето на тужбата околностите се преомениле, така што од истиот фактички однос ќе бара друг предмет или паричен однос, а туженият не може да се противи на тоа и слично.

5.Преиначување на тужба

Во текот на постапката може да се јави потреба од промена на предметот на спорот, односно тужителот врз основа на дотогашните резултати од расправањето оценил дека тужбеното барање требало да биде формулирано поинаку, дека требало да истакне и друго барање за правна заштита, или пак, барањето требало да го истакне во однос на друго лице како тужен. Во никој случај тужителот не е спречен да ги истакне своите

барања во посебна парница, меѓутоа од причини на рационалност, економичност и целесообразност во постапувањето, треба да му се даде можност на тужителот промените на тужбата да ги направи во текот на парницата. Ова право на тужителот да врши промени на тужбата не може да биде апсолутно, туку промената на првобитната тужба се дозволува во обем и на начин предвидени со закон.

Во зависност од тоа што е предмет на промена, преиначувањето на тужбата може да биде објективно и субјективно. Објективно преиначување на тужбата имаме кога се прави промена на предметот на спорот, односно промена на тужбеното барање, а субјективно преиначување постои кога се прави промена на парничните странки. Според ЗПП, не е исклучена можноста истовремено да се врши и објективно и субјективно преиначување на тужба. Објективно преиначување на тужбата имаме кога тужителот ја променил идентичноста на тужбеното барање, го зголемил постојното тужбено барање и истакнал и друго тужбено барање покрај постојното. Тужбата не е преиначена ако тужителот го променил правниот основ на тужбеното барање, ако го намалил тужбеното барање, или ако променил, дополнил или исправил одделни наводи, така што поради тоа тужбеното барање не е променето.[61]

6. Повлекување на тужба и одрекување на тужбеното барање

Тужителот може да ја повлече тужбата и тоа без согласност од тужениот пред да започне расправањето за главната работа. Тужбата може да се повлече и подоцна, односно сè до заклучувањето на главната расправа, но само доколку тужениот биде согласен со тоа. Повлекувањето на тужбата е диспозитивно парнично дејствие на тужителот, со коешто тој изјавува дека се откажува од барањето за правна заштита кое е истакнато во конкретната парница. Доколку тужениот во рок од осум дена од денот на известувањето за повлекувањето на тужбата не се изјасни за тоа, ќе се смета дека се согласил со повлекувањето. Тужбата која ќе биде повлечена се смета како да не била ни поднесена и

[61] член 181 став 3 Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ, бр.124/15“

истата може повторно да се поднесе до судот. Тужителот кој ќе ја повлече тужбата е должен да и ги надомести парничните трошоци на спротивната странка.[62]

7. Дејство на доставувањето на тужбата на туженият

Поднесувањето на тужбата во судот произведува правно дејство, и тоа материјално-правно дејство и процесно-правно дејство. Со поднесување на тужбата во судот се отвара една постапка, односно парница, се заснова двостан процесно-правен однос правен однос меѓу тужителот и судот, а со тоа се создава должност за судот согласно законот да ја испита основаноста на тужбеното барање и да донесе пресуда со која го усвојува или одбива тоа барање. Комплетниот тристран однос помеѓу тужителот, туженият и судот се заснова со доставувањето на тужбата до туженият.

Материјално-правното дејство се огледа во зачувувањето, зголемувањето и остварувањето на субјективното право, односно со поднесување тужба до судот се прекинува застарувањето на побарувањето, се прекинуваат преклузивните рокови.

Додека пак, процесно-правното дејство се гледа во однос на надлежноста на судот и диспозицијата на странките. Со доставувањето на тужбата на туженият, почнува да тече парницата.

8. Однесување на туженият во парницата

Откако ќе се достави тужбата до туженият, односно истиот ќе биде известен дека против него има поведено парнична постапка, тој зазема определен став спрема тужбата.

Според законот, туженият не е обврзан на определено однесување, тој сам избира како ќе се однесува во парницата, дали ќе се воздржи од какво било изјаснување за тужбата, односно ќе остане пасивен, дали ќе го признае тужбеното барање, дали ќе се порамни со тужителот, или пак, ќе се спротивстави на тужбата. Доколку туженият се воздржи од какво било изјаснување за тужбата, тој создава претпоставки судот да донесе мериторна одлука со која спорот ќе се реши во корист на тужителот. Доколку туженият го признае тужбеното барање, судот без натамошно расправање ќе донесе пресуда со која се усвојува тужбеното барање, односно пресуда врз основа на признание. Исто така, туженият може да се спогоди со тужителот за спорот за кој тече парницата, односно да склучи со него судско порамнување. Ако пак, туженият одлучи да се спротивстави на

[62] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.381

тужбеното барање, тој може да користи соодветни напаѓачки средства, како противтужба и приговор заради пребивање.

9. Тек на првостепената постапка

Постапката се состои од три фази и тоа: подготвување на главна расправа, главна расправа и донесување на одлука. За правилен тек на постапката, судот и странките потребно е да преземат определени парнични дејствија за конечно завршување на постапката и донесување на мериторна одлука за тужбеното барање. [63]

9.1. Подготвување на главната расправа

Подготвувањето на главната расправа има за цел да ја доведе постапката во состојба што ќе овозможи брзо и непречено одвивање на главната расправа. Потребно е судот да испита дали се исполнети процесните претпоставки од кои зависи дозволеноста на одлучувањето и отстранување на пречките, потребно е да се решат инцидентните прашања, како и да се собере потребниот материјал. Како што спомнавме, подготвувањето на главната расправа е прв стадиум на постапката. Со самиот приемот на тужбата веднаш се пристапува кон подготвување на главната расправа, со подготвување се врши проверка на тужбата, се доставува тужбата до тужителот на одговор, се одржува подготвителното рочиште и се закажува главната расправа, но само дел од овие се задолжителни активности и тоа само претходно испитување на тужбата и закажување на главната расправа.[64]

Со подготвување на главната работа раководи претседалетот на судот или судија поединец. Претседателот на судот во овој стадиум од постапката одлучува за обезбедување на докази, прекин на постапката, преиначување на тужбата, трошоци на постапката, прекин на постапката, спојување и раздвојување на постапката, закажување или одлагање на рочишта, враќање во поранешна состојба, ослободување на странката за плаќање на трошоци, назначување на привремен застапник, уредност на полномошната. Во овој стадиум судот не донесува одлука за меритумот на спорот, туку само во ситуации како што се донесување на пресуда врз основа на признание, пресуда поради неподнесување на одговор на тужба, пресуда без одржување на расправа.

---

[63] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.398
[64] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.398-40

9.2. Претходно испитување на тужбата

Судот ја испитува тужбата од аспект на нејзината форма и содржина. Секогаш кога се пристапува кон испитување на тужбата, се почнува од наводите во тужбата и врз основа на фактите што му се познати на судот. Кога ќе утврди дека тужбата е неразбирлива или нецелосна или дека постојат недостатоци кои се однесуваат на способноста на тужителот или на туженият да бидат странки во постапката, или недостатоци во поглед на законското застапување на странката, или недостатоци кои се однесуваат на овластувањето на застапникот да поведе постапка кога е потребно такво овластување, претседателот на советот заради отстранување на овие недостатоци, ќе ги преземе потребните мерки. Кога претседателот ќе увиди дека тужбата е ненавремено поднесена, ќе донесе решение со кое се отфрла тужбата, ако утврди дека решавањето на тужбеното барање не спаѓа во негова надлежност или ако со посебни прописи е определен рок за поднесување на тужбата.[65]

9.3. Доставување на тужбата на туженият на одговор

Тужбата со прилозите се доставува до туженият на одговор во рок од осум дена од денот на приемот, доколку не е потребно да се преземат дејствија на уредување на тужбата и наплата на судската такса. Ако има потреба од преземање на дејствија за уредување на тужбата, тужбата ќе биде доставена на одговор во рок од осум дена по преземените дејствија. Со поканата туженият се предупредува дека е должен да даде писмен одговор на тужбата во рок што ќе го определи судот, кој не може да биде пократок од 15 дена, ниту подолг од 30 дена од денот на приемот на тужбата. Исто така, судот е должен во поканата да го предупреди туженият на правните последици од не давање на писмен одговор на тужбата во определениот рок. Кога тоа го бараат посебните околности на случајот, а особено ако тоа е потребно за одлучување по предлогот за определување на привремена мерка, судот веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на предлогот закажува рочиште за расправање по предлогот и ќе нареди примерок од тужбата да му се достави на туженият.[66]

Туженият треба да се изјасни за барањата и наводите од тужбата и да предложи

[65] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.400-402
[66]Јанески, А. Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.398-404

докази со кои ги поткрепува тие наводи. Кога тужениот го оспорува тужбеното барање, во одговорот на тужбата е должен да ги наведе фактите врз кои ги заснова своите наводи и доказите со кои се утврдуваат тие факти.

Начинот на тоа како ќе продолжи текот на постапката зависи од одговорот на тужбата на тужениот. Кога тужениот не го оспорува тужбеното барање и кога ќе се откаже од тужбата, судот донесува пресуда врз основа на признание. Ако тужениот го оспорува тужбеното барање, во одговорот на тужбата е должен да ги наведе фактите врз кои ги заснова своите наводи и доказите со кои се утврдуваат тие факти. Со одговорот на тужбата, тужениот е должен да ги приложи и исправите на кои се повикува, ако тоа е можно. Кога судот ќе утврди дека не е спорна фактичката состојба меѓу странките, односно тужениот не ги оспорува фактите, независно од тоа што истиот го оспорил тужбеното барање, судот донесува пресуда без одржување на расправа.[67]

9.4. Подготвително рочиште

Подготвителното рочиште е подготовка за главната расправа. По приемот на одговорот на тужба или по протекот на рокот за поднесување на одговор на тужба, судот најдоцна во рок од 15 дена ќе закаже подготвително рочиште. Тоа служи за решавање на прашања кои се однесуваат на пречките за натамошниот тек на постапката, доколку истите постојат. Подготвителното рочиште се одржува за да се олесни натамошниот тек на постапката, истото се одржува пред претседателот на судот. Со подготвителното рочиште се отстрануваат пречките кои постојат и се дефинира процесниот материјал. Подготвителното рочиште не се одржува во споровите од мала вредност.

Подготвителното рочиште треба да се определи така што на странките да им остане доволно време за подготвување, а најмалку осум дена од приемот на поканата. Судот е должен во споровите во кои е дозволена медијација, заедно со поканата за подготвителното рочиште да достави до странките писмено укажување дека спорот може да се реши во постапка за медијација.

---

[67] член 125, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ, бр.124/15“

Во поканата за подготвителното рочиште на странките ќе им се наложи на рочиштето да ги донесат сите исправи што им служат како доказ, како и сите предмети што треба да се разгледаат во судот. Исто така, во поканата за подготвително рочиште судот ќе им укаже на странките за последиците од изостанувањето од подготвителното рочиште, како и за тоа дека се должни најдоцна на ова рочиште да ги изнесат сите факти врз кои ги засноваат своите наводи, да ги предложат сите докази со кои ги докажуваат фактите, да ги приложат сите исправи и предмети што имаат намера да ги употребат како доказ и да се изјаснат за тоа дали се согласни спорот да го решат во постапка за медијација. Ако странките се согласат спорот да се решава во постапка за медијација, судот ќе донесе ќе ја прекине постапката. Кога странките не се согласиле спорот да се решава по постапка за медијација, подготвителното рочиште почнува со излагање на тужбата, а потоа туженият го изнесува својот одговор на тужбата.[68]

Постои исклучок од ова правило, односно странките можат да изнесат нови факти и да предложат нови докази, како и да упатат поднесоци во кои ќе наведат нови факти и нови докази на првото или кое било наредно рочиште на главната расправа, само доколку не биле во можност да ги изнесат, односно предложат претходно без нивна вина. Во овој дел од постапката битно е да се напомене дека тужител (оној кој ја поднел тужбата), и кој е уредно поканет, а не се појави на подготвителното рочиште и претходно не го оправда отсуството, тужбата ќе се смета за повлечена ако со тоа се согласи туженият. Исклучок во ситуацијата е доколку тужителот има ангажирано адвокат или полномошник, и истиот се јави во суд во име на тужителот. Во тој случај судот смета дека има овластен застапник во име на тужителот и во ситуација на отсуство на тужителот судот нема да донесе решение за повлекување на тужбата. Истото важи и за главната расправа и секое подоцнежно рочиште.

Ако туженият не е присутен, тужбата ќе се смета за повлечена ако во рок од 8 дена по приемот на известувањето за повлекувањето, тужителот не се изјаснил дека се противи на тоа. Доколку туженият е уредно поканет, а не се појави на подготвителното рочиште да го оспори тужбеното барање, судот ќе расправа само со присутната странка. Ако на

[68] член 271-272, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ, бр.124/15“

рочиштето не се појават и двете странки, тогаш судот ќе го одложи рочиштето.[69] Потребно е да се нагласи дека без разлика дали станува за тужител или тужен, потребно е на подготвителното рочиште да се изнесат сите факти и докази врз кои ги засноваат своите наводи, како и да ги достават исправите и предметите кои имаат намера да ги употребат како доказ во постапката.[70]

9.5. Закажување на рочиште за главна расправа

Закажувањето на подготвителното рочиште е последна фаза на подготвителното рочиште. Судот на подготвителното рочиште ќе ги определи денот и часот на одржување на рочиштето за главна расправа. Исто така, судот соопштува кои докази ќе се изведуваат и кои сведоци и вештаци ќе бидат поканети на главната расправа. Во ситуации кога нема да се одржи подготвителното рочиште, странките за денот и часот на одржување на главната работа се известуваат со покана. Судот ќе ги предупреди странките за последиците од изостанок на главната расправа. При закажување на рочиштето за главна работа, судот може да одреди главната расправа да се одржи веднаш по подготвителното рочиште.[71]

9.6. Главна расправа

Главната расправа е централен стадиум на постапката. Судот секогаш одлуките ги донесува врз основа на усно, непосредно и јавно расправање. Главната расправа претставува збир на парнични дејствија што странките и судот ги преземаат со цел да се собере процесниот материјал и да се добие претстава на одлуката за основаноста на тужбеното барање. Сепак, треба да нагласиме дека главната расправа се одвива на едно или на повеќе рочишта, и независно од бројот на рочишта за главна расправа, таа е единствена процесна целина. Претседателот на советот, односно судијата поединец ја отвора главната расправа и го објавува предметот што ќе се суди. Притоа утврдува дали се присутни сите повикани лица, па доколку некој е отсутен, проверува дали се уредно повикани и дали го оправдале својот изостанок. Кога сите странки кои се повикани на главната расправа се присутни, судот носи решение за одржување на главната расправа. Во текот на главната расправа се расправа за предлозите на странките и за фактичките

[69] https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/CM-P072020-MKD.pdf
[70] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.405-408
[71] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.408

наводи со кои странките ги образложуваат своите предлози, односно ги побиваат предлозите на противникот, како и за доказите понудени од нивна страна и се изведуваат доказите.

Текот на изведувањето на доказите го определува советот, односно судијата поединец со решение, во кое се назначуваат околностите за кои треба да се изведе доказот и доказното средство. Во доказната постапка се изведуваат сите материјални и вербални докази предложени како од страна на тужителот, така и од страна на туженият.

Доколку има сведоци кои треба да се сослушаат пред судот, тогаш страните во постапката можат да им поставуваат прашања на сведоците, вештаците и на странките. А доколку истите имаат ангажирано адвокат или полномошник, тогаш тие непосредно го испитуваат сведокот. Редоследот на испитување на сведоците е законски определено, а тоа значи дека странката (или нејзиниот законски застапник или полномошник), која го предложила сведокот, вештакот и сослушување на странки, прва поставува прашања, а потоа прашања поставува спротивната странка. Во текот на испитувањето на сведоците, судијата може да забрани поставување на одредено прашање, или пак, одговор на одредено прашање, ако во прашањето е веќе содржано како треба да се одговори на него или ако прашањето не се однесува на предметот. Кога странката, нејзиниот законски застапник или полномошник, ќе завршат со поставување на прашања, претседателот на советот може да поставува прашања на сведокот, вештакот или странката, а потоа членовите на советот можат непосредно да му поставуваат прашања. Сведоците се сослушуваат поединечно и без присуство на другите сведоците кои подоцна ќе се сослушуваат.

Кога во постапката не се предложени други докази или кога и покрај изведените други докази е потребно да се утврдуваат важни факти, на предлог на странките, судот може да определи доказ - сослушување на странки. Тоа значи дека треба да ги изнесат сите факти за случајот. Начинот на сослушување на странките се одвива по истиот редослед како и кога се сослушуваат сведоци пред судот. Тоа значи дека странката (или нејзиниот законски застапник или полномошник) која предложила доказ – сослушување на странки, прва поставува прашања, а потоа прашања поставува спротивната странка. Доказот со сослушување на странките се изведува без полагање заклетва. По изведувањето на сите докази, двете странки, почнувајќи од тужителот, имаат право накусо

да му се обратат на судот со завршни зборови, со кои се резимираат правните и фактичките. Со нив се резимираат сите клучни факти кои биле изнеле пред судот во текот на постапката. Завршните зборови се истакнуваат усно, на главната расправа, а по барање на која било од странките тие можат да се достават и писмено, само доколку има оправдани причини за тоа.

Главната расправа е јавна, што значи дека на расправата исклучиво можат да присуствуваат само полнолетни лица. Лицата кои присуствуваат на расправата не смеат да носат оружје или опасно орудие. Советот може да ја исклучи јавноста за целата главна расправа или за еден нејзин дел, ако тоа го бараат интересите за чувањето на службена, деловна или лична тајна, интересите на јавниот ред или причините на моралот. Исклучувањето на јавноста не се однесува на странките, нивните законски застапници, полномошниците и замешувачите. За исклучувањето на јавноста одлучува советот со решение кое мора да биде образложено и јавно објавено, а против решението за исклучување на јавноста не е дозволена посебна жалба.

Со главната расправа раководи претседателот на советот, односно судијата ги испитува странките, изведува докази, им дава збор на членовите на советот, на странките, на нивните законски застапници и на полномошниците и ги објавува одлуките на советот. Должност на претседателот на советот, односно судијата поединец е да се грижи предметот на спорот сестрано да се претресе. Советот одлучува кога пред ист суд течат повеќе парници меѓу исти лица, или во кои исто лице е противник на разни тужители или разни тужени. Сите овие парници можат да се спојат заради заедничко расправање, ако со тоа би се забрзало расправањето или би се намалиле трошоците. За сите споени парници судот може да донесе заедничка пресуда.

Советот може да определи заради заедничко расправање пред него да се спојат повеќе парници и тогаш кога за некои од нив е надлежен судија поединец на истиот суд. Советот може да определи одвоено да се расправа за одделни барања во иста тужба и по завршувањето на одвоеното расправање да донесе посебни одлуки за тие барања. Кога советот ќе одлучи да се одложи рочиштето за главната расправа, претседателот на советот ќе се грижи за следното рочиште да се прибават сите докази, чие изведување е определено за тоа рочиште и да се извршат други подготовки за да може расправата да се заврши на тоа рочиште. Кога рочиштето се одлага, претседателот на советот на присутните ќе им го

соопшти денот и часот на новото рочиште. Против решението на судот со кое се одлага рочиштето, не е дозволена посебна жалба.

Ако рочиштето се одложи, ново рочиште ќе се одржи пред истиот совет. Ако новото рочиште се одржува пред истиот совет, главната расправа ќе продолжи и претседателот на советот накратко ќе го изложи текот на поранешните рочишта. Ако рочиштето се одржува пред изменет совет, главната расправа ќе продолжи, а претседателот на советот накратко ќе го изложи текот на поранешните рочишта. Советот може да одлучи повторно да се изведат некои од веќе изведените докази.

Должност на претседателот на советот е во текот на главната расправа да се грижи за одржувањето на редот во судницата и за достоинството на судот. Ако лицето кое учествува во постапката или лицето што како слушател присуствува на расправата го навредува судот или другите учесници во постапката, ја попречува работата или не им се покорува на наредбите од претседателот на советот за одржување на редот, претседателот на советот ќе го опомене. Ако опомената е безуспешна, советот може опоменатото лице да го отстрани од судницата или да го казни со парична казна, а може и да го отстрани и да го казни со парична казна. Кога странката е отстранета од судницата, рочиштето ќе се одржи и без нејзино присуство.[72]

9.7. Донесување на конечна одлука

Постапката пред судот завршува откако ќе помине во сите фази, пропишани со Законот за парнична постапка, но исто така може да заврши и во некоја од претходните фази на првостепеното постапување. Тоа значи дека постапката може да заврши со решение и тоа уште во фазата на подготвување на главната расправа или на самата главна расправа. Кога судот не може да донесе мериторна одлука по тужбеното барање, постапката може да заврши во претходните фази на постапувањето, врз основа на некое диспозитивно дејствије на странките, како што е повлекување на тужба, склучување на судско порамнување.

[72] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.410-417

Кога ќе се помине стадиумот на подготвување на главната расправа и самата главна расправа, следува донесување на конечна и мериторна одлука по тужбеното барање. Конечните и мериторните одлуки можат да се донесат во форма на пресуди и решенија.

9.8. Пресуда

Пресудата претставува судска одлука со која се одлучува за основаноста на тужбеното барање. Пресудата е конечна одлука со која се завршува првостепената парнична постапка. Пресудата е и мериторна одлука и со неа се одлучува дали странките ја заслужуваат правната заштита што ја бараат од судот. Со пресуда судот одлучува за главната работа и за споредните барања. Ако постојат повеќе барања, судот за сите тие барања по правило ќе одлучи со една пресуда. Кога повеќе парници се споени заради заедничко расправање, а за конечна одлука узреала само една парница, може да се донесе пресуда само во поглед на таа парница.[73]

9.8.1. Видови пресуди

Поделбата на пресудите е направена според различни критериуми и тоа:

Според основа на содржината на правната заштита се разликува: декларaторна, конститутивна и кондемнаторна. [74]

Со декларaторната пресуда се утврдува постоењето, односно непостоењето на некое право или правен однос. Декларaторната пресуда може да биде: позитивна и негативна. Со позитивната пресуда се утврдува дека постои определено право или правен однос, додека пак со негативната декларaторна пресуда се утврдува дека не постои некое прраво или правен однос. Целта на донесување на декларaторните пресуди е давање на декларaторна правна заштита.

Со конститутивна се заоснова правен однос, се менува или се укинува дотогаш постоечкиот правен однос, или во ситуации кога правниот однос не може да се промени само со волјата на странките, без одобрение односно содејствие на судот. Конститутивната пресуда се донесува во оној момент кога судот ќе утврди дека барањето

[73] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.417
[74] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.418

е основано. Целта на конститутивната пресуда е давање на правна заштита, а истата се остварува во моментот на настанување на правосилност на пресудата.

Со кондемнаторна пресуда судот го усвојува кондемнаторното тужбено барање како основано и истиот му наложува на туженият во корист на тужителот нешто да даде, стори, трпи или пропушти. Со оваа пресуда судот може да да му наложи на туженият да изврши определено чинење, само ако тоа пристигнало до заклучувањето на главната расправа, но исто така судот може да го осуди туженият на определено чинење кое не пристигнало до заклучување на главната расправа. Кога на странката во кондемнаторната пресудата ѝ се наложува извршување на некакво чинење, судот ќе се определи рокот во кој ова чинење е должна да го изврши. Рокот на извршувањето на чинењето изнесува 15 дена, но за чинењата кои не се состојат во парично давање, судот може да определи подолг рок. Во меничните и чековните спорови овој рок изнесува осум дена. Рокот за извршување на чинењето или парничен рок почнува да тече првиот ден по доставувањето на преписот на пресудата до странката на која и е наложено извршување. Парничниот рок е граѓанско-правен рок, рок за извршување на граѓанско-правна обврска. Целта на кондемнаторната пресуда е давање на правна заштита, но за разлика од претходните две пресуди, правната заштита што се дава со кондемнаторната пресуда не се остварува со нејзината правосилнот, туку само кога ќе се изврши трпењето, чинењето или пропуштањето што на тужителот му е наложено со пресудата.

Според обемот на правна заштита, се разликува: целосна и нецелосна пресуда, додека пак кај нецелосните пресуди се разликува: делумна пресуда, дополнителна и меѓупресуда. Целосната пресуда е основа пресуда која ја донесува судот, истиот со целосната пресуда одлучува за сите барања во постапката, целосната пресуда е конечна мериторна одлука. Нецелосна пресуда, е пресуда кога судот донесува одлука само за некои од истакнатите барања, или само за еден ден од тужбеното барање. Нецелосната пресуда е поделена на три вида на нецелосни пресуди и тоа: делумна пресуда, дополнителна и меѓупресуда. Со делумната пресуда судот одлучува за едно или за неколку истакнати барања во постапката. Кога судот ќе утврди дека на расправа узреале за конечна одлука само некои од повеќето тужбени барања, или ако само дел од барањето узреало за конечна одлука, може во поглед на узреаното барање, односно за делот од барањето да ја заклучи расправата и да донесе пресуда делумна пресуда. Должност на

судот е без одлагање да донесе делумна пресуда ако врз основа на признание или одрекување од повеќе истакнати барања само некои узреале за конечна одлука, или ако само еден дел од барањето узреало за одлука.

Ако тужбеното барање кое се однесува на повеќе сопарничари узреало за конечна одлука врз основа на признание или одрекување само спрема некој од сопарничарите, или ако некое од повеќето тужбени барања кое се однесува на различни сопарничари узреало за конечна одлука врз основа на признание или одрекување, судот е должен да донесе делумна пресуда само спрема сопарничарот на кого се однесува. Во поглед на правните лекови и извршувањето, делумната пресуда се смета како самостојна пресуда. При изнесена жалба против делумна пресуда, судот ќе ги умножи списите од предметот и заедно со преписот на одлуката и жалбата и одговорот на жалбата ќе ги достави на второстепениот суд, а постапката во однос на барањата или делот од барањето за кој не одлучил ќе продолжи. На ист начин првостепениот суд ќе постапи и кога против делумната пресуда е изјавен вонреден правен лек.

Дополнителната пресуда судот ја донесува кога пропуштил да одлучи за сите барања или само за дел од барањата, по иницијатива на странката. Потребата да се донесе оваа пресуда е поради пропустот на судот во целосната пресудада одлучи за истакнатите барања за сите или само за дел од барањата. Оваа пресуда судот може да ја донесе само по предлог на странките - тужителот или туженият, но не и по службена должност.

Меѓупресуда судот донесува кога туженият ги оспорил и основот на тужбеното барање и износот на тужбеното барање, а во поглед на основот работата узреала за донесување на одлука. Меѓупресудата судот ја донесува по службена должност кога смета дека нејзиното донесување е целесообразно. Исто така, кога судот донсеува меѓупресуда, со неа се утврдува постењето на правниот основ во тужбеното барање.

Меѓупресудата се донесува кога тужбеното барање да се однесува на определен паричен износ, или на определено количество на заменливи предмети, тужбеното барање да е оспорено по основ и по износ, кога работата во поглед на основ не узреала за донесување на одлука и кога донесувањето на меѓупресудата е целесообразно.

Според начинот на настанување, се разликуваат следниве видови на пресуди: контрадикторна и неконтрадикторна пресуда. Кога судот одлучува за донесувањето на одлуката, истата ја донесува врз основ на тужбеното барање, односно како

контрадикторна пресуда се смета пресудата која судот ја донесува врз основа на резултатите на расправањето. Неконтрадикторна пресуда е пресуда која не произлегува врз основа на резултатите на расправањето и со неа мериторно се одлучува за тужбеното барање.

Во поглед на ставот на судот за основаноста на тужбеното барање се разликуваат: пресуди со кои во целост се усвојува тужбеното барање, пресуди со кои целосно се одбива тужбеното барање и мешовити пресуди со кои делумно се усвојува, односно делумно се одбива тужбеното барање.

Пресуда врз основа на признание - признанието е диспозитивно дејство на тужителот со кое тој ја признава основаноста на тужбеното барање, како и последиците од признанието. Признанието може да се однесува на цело тужбено барање или само на дел од тужбеното барање. Ако тужениот до заклучувањето на главната расправа го признае тужбеното барање, судот без натамошно расправање ќе донесе пресуда со која го усвојува тужбеното барање (пресуда врз основа на признание). Судот нема да донесе пресуда врз основа на признание и кога се исполнети потребните услови, ако најде дека се работи за барање со кое странките не можат да располагаат. Признанието на тужбеното барање, на рочиштето или во писмен поднесок, тужениот може и без согласност на тужителот да го отповика до донесувањето на пресудата.[75]

Судот со пресудата врз основа на одрекување го одбива тужбеното барање, без претходно да ја утврди вистинитоста на фактичките тврдења истакнати во тужбата. Ако тужителот до заклучувањето на главната расправа се одрече од тужбеното барање, судот без натамошно расправање ќе донесе пресуда со која го одбива тужбеното барање (пресуда врз основа на одрекување). За одрекување од тужбено барање не е потребна согласност на тужениот. Судот нема да донесе пресуда врз основа на одрекување и кога се исполнети потребните услови, ако најде дека се работи за барање со кое странките не

[75]член 317, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

можат да располагаат.[76] Одрекувањето од тужбеното барање е отповикливо парнично дејствије на тужителот, а отповикувањето тужителот го прави без согласност на туженият.

Во законот за парнична постапка е предвидено дека судот ќе донесе пресуда поради неподнесување одговор на тужба пресуда тогаш кога нема да се писмен одговор на тужбата во определениот рок.

Ако туженият не поднесе одговор на тужбата во определениот рок, судот ќе донесе пресуда со која го усвојува тужбеното барање (пресуда поради неподнесување на одговор на тужба) ако бидат исполнети следниве услови, ако:

1) на туженият тужбата и поканата за давање одговор на тужба му биле уредно доставени;

2) основаноста на тужбеното барање произлегува од фактите наведени во тужбата;

3) фактите врз кои се заснова тужбеното барање не се во спротивност со доказите кои тужителот ти поднел или со општопознатите факти и

4) не постојат општопознати околности од кои произлегува дека туженият од оправдани причини бил спречен да поднесе одговор на тужба.[77]

Пресудата поради изостанок е неконтрадикторна пресуда која е насочена кон усвојување на тужбеното барање и таа се донесува против туженият кој не е активен во постапката. Оваа пресуда судот ја донесува само по предлог на тужителот, не по службена должност. Кога туженият во одговорот на тужбата не го оспорил тужбеното барање, или нема да дојде на подготвителното рочиште до неговото заклучување, или на првото рочиште за главната расправа ако подготвително рочиште не е одржано или ако дојде на овие рочишта, но не сака да се впушти во расправање или се отстрани од рочиштето, а не го оспори тужбеното барање, ќе се донесе пресуда со која се усвојува тужбеното барање (пресуда поради изостанок), ако се исполнети следниве услови:

1) туженият бил уредно повикан;

---

[76] член 318, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

[77] член 319, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

2) тужителот предложи донесување на пресуда поради изостанок;

3) туженият одговорот на тужба или со друг поднесок не го оспорил тужбеното барање;

4) основаноста на тужбеното барање произлегува од фактите наведени во тужбата;

5) фактите врз кои се заснова тужбеното барање не се во спротивност со доказите што самиот тужител ги поднел или со факти што се општопознати и

6) не постојат општопознати околности од кои произлегува дека туженият го спречиле оправдани причини да дојде на рочиштето.[78]

Пресудата без одржување на расправа е неконтрадокторна пресуда и судот ја донесува врз основа на неспорната фактичка состојба на предметот. Судот се раководи од процесното однесување на туженият во парницата, односно кога туженият ги признава решителните факти. Ако туженият во одговорот на тужбата ги признал решителните факти, независно од тоа што го оспорил тужбеното барање, судијата поединец, односно претседателот на советот може без закажување на рочиште да донесе пресуда, ако не постојат други пречки за нејзино донесување.[79]

9.8.2. Донесување, објавување, писмена изработка и поправање на пресудата

Судот кога донесува пресуда секогаш се води според сопствената проценка на постапката, односно за да се донесе пресудата, судот одлучува по сопствената волја. Кога ставот на судот за основаноста на тужбеното барање станува достапен за другите лица кога судот ќе ја објави пресудата, со објавувањето на пресудата судот е врзан за неа. Судот пресудата ја донесува и објавува во име на граѓаните на Република Македонија. Пресудата се донесува веднаш по заклучувањето на главната расправа на записник и ја објавува судијата поединец, односно претседателот на советот.

[78] член 320 Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

[79] член 321, став1, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

Кога пресудата се објавува, претседателот на советот, односно судијата поединец јавно ја чита изреката и накратко може да ги соопшти причините за пресудата. Ако јавноста на главната расправа била исклучена, изреката на пресудата секогаш ќе се прочита јавно, а судот ќе одлучи дали и во која мера ќе се исклучи јавноста при објавувањето на причините на пресудата. Секоја објавена пресуда мора писмено да се изработи во рок од осум дена, а во посложените предмети исклучително во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Оригиналот на пресудата го потпишува претседателот на советот, односно судијата поединец. Во рок од осум дена од денот на писмената изработка на пресудата до странките се доставува заверен препис на пресудата со поука за правото на изјавување правен лек против пресудата. Писмено изработената пресуда мора да има увод, изрека и образложение.

Уводот на пресудата содржи: назначување дека пресудата се изрекува во име на граѓаните на Република Македонија, назив на судот, име и презиме на претседателот и на членовите на советот, односно судијата поединец, име и презиме, живеалиште, односно престојувалиште на странките, на нивните застапници и полномошници, кратко означување на предметот на спорот, денот на заклучувањето на главната расправа, назначување на странките, на нивните застапници и полномошници кои присуствувале на таа расправа, како и денот кога е донесена пресудата.

Изреката на пресудата содржи одлука на судот за усвојување или одбивање на одделни барања што се однесуваат на главната работа и на споредните барања и одлука за постоењето или непостоењето на побарувањето истакнато заради пребивање

Во образложението судот ќе ги изложи: барањата на странките и нивните наводи за фактите врз кои се засноваат тие барања, доказите, решителните факти што ги утврдил, како и прописите врз кои судот ја засновал пресудата. Во образложението на пресудата поради неподнесување на одговор на тужба, пресудата поради изостанок, пресудата поради неодржување на расправа, пресудата врз основа на признание или пресудата врз основа на одрекување или пресудата со која ќе се одбие ревизијата како неоснована, ќе се изнесат само причините што го оправдуваат донесувањето на вакви пресуди.

Поправање на пресудата е можност да се отстранат техничките грешки при составувањето на пресудата и тоа преправка на грешки во имињата и броевите, како и други очигледни грешки во пишувањето и сметањето, недостатоците во формата и

несогласноста на преписот на пресудата со оригиналот. За поправањето на пресудата судот може да одлучи без сослушување на странките. Поправањето се врши со посебно решение и се внесува на крајот на оригиналот, а до странките се достави препис од решението. Доколку меѓу оригиналот и преписот на пресудата постои несогласност во поглед на некоја одлука содржана во изреката на пресудата, до странките се доставува поправениот препис на пресудата со назначување дека со овој препис на пресудата се заменува поранешниот препис на пресудата.[80]

Слика 1: Пример за увод на пресудата

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД во ..... како првостепен парничен суд преку судијата А. А. како претседател на советот и судиите поротници Б. Б. и В. В. како членови на советот, постапувајќи по тужбата на тужителот Г. Г. против туженият Д. Д., по основот надомест на штета, вредност од ..... денари, по одржаната усна, главна и јавна на ден ..., во присуство на тужителот Г. Г. и туженият Д. Д., ја донесе и јавно ја објави следната:

П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот Г. Г. СЕ УСВОЈУВА во целост/ ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА/ СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

[80] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.434-438

9.9. Решение

Решението е одлука што судот ја донесува во парничната постапка. Кога тој нема да одлучи со пресуда, судот одлучува со решение за прашања од процесна природа. Во исклучителни ситуации судот може да одлучи со решение и за меритумот на спорот, во постапка за смеќање на владение, и постапка за издавање на казнен налог. Судот е врзан за решенијата кои ги донесува. Судот донесува решенија во сите фази на постапката, во подготвителната расправа, како и на главната расправа и тоа на рочиште или надвор од рочиште. Сите решенија што се донесуваат на рочиштето ги објавува претседателот на советот, односно судијата поединец, истото се доставува до странките во заверен препис, во ситуации кога решението не се доставува писмено, тоа спрема странките има дејство веднаш штом е објавено.

Решенијата што ги донесува судот надвор од рочиштето им се соопштуваат на странките со доставување на заверен препис на решението. Ако со решението претходно се одбива предлог на една странка, без претходно сослушување на спротивната странка, до таа странка нема да се достави решението. Писмениот состав на решението содржи увод и изрека, не и образложение. Решението мора да биде образложено ако со него се одбива предлог на странката или ако со него се решава за предлози на странките кои меѓу себе се во спротивност. [81]

9.10. Правосилност

Пресудата која повеќе не може да се побива со жалба станува правосилна доколку со неа е одлучено за барањето на тужбата или противтужбата. Судот во текот на целата постапка по службена должност внимава дали работата е пресудена правосилно и ако утврди дека постапката е поведена за барање за кое веќе е одлучено правосилно, ќе ја отфрли тужбата. Ако во пресудата е одлучено за побарување што туженият го истакнал со приговор заради пребивање, одлуката за постоење или непостоење на ова побарување

[81] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.439

станува правосилна.[82] Судот е врзан за својата пресуда веднаш штом е објавена. Спрема странките пресудата има дејство дури од денот кога им е доставена.[83]

9.11.Постапка по правни лекови

Правото на правен лек им припаѓа на сите кои сметат дека не е донесена правилна одлука и не му е дадена потребната правна заштита. Ова право им припаѓа на странките и другите лица кои бараат од судот да ја преиспитува одлуката кога семетаат дека нивните права се повредени бидејќи станува збор за неправилна и незаконита одлука и бараат од судот истата да ја укине или да ја преиначи донесената одлука, или да ја замени со друга што е поволна за нив. Постапката не ја поведува судот по службена должност, туку ја поведуваат странките. Правните лекови се можност странките да бараат од судот преиспитување на одлуката кога таа е незаконска и неправилна, се овозможува отстранување на незаконитостите во постапката, се обезбедува правна сигурност и владеење на правото, се влијае врз судството и се овозможува воедначување на судската практика. Според Законот за парнична постапка, постојат редовни и вонредни правни лекови. Редовни правни лекови се: жалба против пресуда, решение, а како вонредни правни лекови се сметаат: ревизија против пресуда, решение и повторување на постапката.[84]

9.11.1.Редовни правни лекови

- **Жалба против пресуда**

Против пресуда донесена во прв степен странките можат да изјават жалба. Жалбата против пресудата е редовен правен лек и за неа одлучува второстепениот суд. Навремено

[82] член 322, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

[83]член 323, став1, Закон за парнична постапка, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09, „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15

[84] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.444-450

изјавена жалба спречува пресудата да стане правосилна во делот што се побива со жалбата. Жалбата се доставува до спротивната страна заради одговор на жалба и со тоа се заклучува дека жалбата е двостран поравен лек. Рокот за жалба изнесува15 дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата, ако во овој закон не е определен друг рок. Во меничните и чековните спорови овој рок изнесува осум дена. Сè додека тече рокот за поднесување на жалба, пресудата не може да стане правосилна.

Законот за парнична постапка укажува на тоа дека не е пропишана задолжителна форма на жалбата, туку таа може да се поднесе во форма на поднесок, и усно на записник пред судот. Жалбата треба да содржи означување на пресудата против која се изјавува жалба, изјава дека се побива пресудата во целост или во определен дел, причина за жалбата и потпис на подносителот на жалбата. Кога врз основа на податоците од жалбата не може да се утврди која пресуда се побива или ако жалбата не е потпишана, првостепениот суд со решение против кое не е дозволена жалба, ќе го повика жалителот во определен рок да ја дополни или исправи жалбата со поднесок или на записник кај тој суд, а ако жалителот во определениот рок не постапи по барањето на судот, судот со решение ќе ја отфрли жалбата како нецелосна.

Како што спомнавме, жалбата е правен лек со која се побива пресудата на судот од прв степен, и со неа изнесува незадоволството од постапувањето и одлучувањето на судот од прв степен, како и грешките кои истиот ги има направено. Согласно Законот за парнична постапка, пресудата може да се побива поради:

1. суштествена повреда на одредбите на парничната постапка;
2. поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба;
3. поради погрешна примена на материјалното право.

Пресудата поради изостанок, пресудата поради неподнесување на одговор на тужба и пресудата без одржување на расправа, не може да се побива поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба. Пресудата врз основа на признание и пресуда врз основа на одрекување можат да се побиваат поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка или поради тоа што изјавата за признание, односно за одрекување е дадена во заблуда или под влијание на присила или измама. Кога пресудата врз основа на признание и пресудата врз основа на одрекување се побива поради тоа што изјавата за признавање или одрекување е дадена во заблуда или под влијание на присила, измама или

закана, странката може во жалбата да изнесе нови факти и да предложи нови докази кои се однесуваат на тие мани во волјата.

Суштествени повреди постојат кога судот во текот на постапката не применил или неправилно применил некоја одредба од овој закон, а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна пресуда.

Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка секогаш постои, ако: судот бил непрописно составен, или ако во донесување на пресудата учествувал судија или судија поротник кој не учествувал на главната расправа, или ако во донесувањето на пресудата учествувало лице кое нема својство на судија или судија поротник, во донесувањето на пресудата учествувал судија или судија поротник кој според законот мора да се изземе, е одлучено за барање во спор што не спаѓа во судска надлежност, судот ја засновал својата одлука врз недозволени располагања на странките, закон судот донел пресуда поради изостанок, пресуда поради неподнесување на одговор на тужба и пресуда без одржување на расправа, пресуда врз основа на признание, или пресуда врз основа на одрекување, на некоја странка не ѝ е дадена можност да расправа пред судот, кога судот го одбил барањето на странката во постапката да и обезбеди толкувач, а странката поради тоа се жали, судот донел пресуда без главна расправа, а бил должен да одржи главна расправа, во постапката како тужител или тужен учествувало лице кое не може да биде странка во постапката, одлучено е за барање за кое веќе тече парница, или за кое веќе порано правосилно е пресудено, или за кое веќе е склучено судско порамнување; противно на законот била исклучена јавноста на главната расправа, пресудата има недостатоци поради кои не може да се испита, а особено ако изреката на пресудата е неразбирлива, ако противречи сама на себеси, судот ги повредил одредбите за употреба на јазикот во постапката, судот го повредил правото на странка на поставување на прашања на противната странка, на сведоците и на вештаците, рочиштето не е тонски снимено. За оваа процесна повреда жалба може да изјави само странката на која се однесуваат на погоренаведените повреди.

Судот погрешно ја утврдил фактичката состојба кога погрешно го утврдил решителниот факт, односно воопшто не го утврдил, додека пак, нецелосно утврдена фактичка состојба постои кога на тоа укажуваат фактите или доказите кои странката без успех ги предложила во текот на постапката. Кај нецелосната утврдена фактичка состојба

пропустот е тоа што судот не ги земал предвид предложените факти и докази од страна на странките. Второстепениот суд не внимава по службена должност дали првостепениот суд правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба, туку само кога жалителот ќе упати на тоа.

Погрешна примена на материјалното право постои кога судот не ја применил одредбата на материјалното право што требало да ја примени или кога таквата одредба не ја применил правилно. За разлика од фактичката состојба, при примената на материјалното право, второстепениот суд внимава по службена должност, не по упатување на жалителот.

Постапката по жалба се поведува во оној момент кога жалителот ќе изјави жалба до судот што ја изрекол првостепената пресуда во доволен број примероци за судот и за спротивната странка. Жалбата која е ненавремената, нецелосната или недозволената жалба судијата поединец или претседателот на советот на првостепениот суд без одржување на рочиште ја отфрла со решение. Жалбата се смета дека е ненавремена ако е изјавена по истекот на законскиот рок за нејзино поднесување, додека пак жалбата е недозволена ако ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување на жалбата, или лице кое се одрекло или се откажало од жалбата или ако лицето кое ја изјавило жалбата нема правен интерес за поднесување на жалбата. Првостепениот суд е должен примерокот од навремена, целосна и дозволена жалба да го достави до спротивната странка која може да поднесе одговор на жалбата најдоцна во рок од осум дена.

Второстепениот суд одлучува по жалбата, по правило, без да одржи расправа, но кога советот на второстепениот суд ќе најде дека заради правилно утврдување на фактичката состојба е потребно пред второстепениот суд да се повторат веќе изведените докази, ќе закаже расправа пред второстепениот суд. На расправата се повикуваат странките, односно нивните законски застапници или полномошници, како и оние сведоци и вештаци за кои судот ќе одлучи да се сослушаат. Секогаш расправата пред второстепениот суд почнува со извештајот на известителот кој ја излага состојбата на работата, не давајќи свое мислење за основаноста на жалбата.

Второстепениот суд ја испитува првостепената пресуда во оној дел во кој се побива со жалбата, во границите на жалбените причини, а по службена должност внимава на примена на материјалното право и на повреда на одредбите на парничната постапка.

Второстепениот суд може на седница на совет или врз основа на одржана расправа да ја отфрли жалбата како ненавремена, нецелосна или како недозволена, да ја одбие жалбата како неоснована и да ја потврди првостепената пресуда, да ја укине оваа пресуда и предметот да го врати на првостепениот суд на повторно судење, да ја укине првостепената пресуда и да ја отфрли тужбата или да ја преиначи првостепената пресуда, исто така. Второстепениот суд може да ја укине пресудата и кога странката бара нејзино преиначување, а може да ја преиначи пресудата иако странката бара таа да се укине. Кога второстепениот суд одлучува по жалба на расправа, е должен одлуката да ја донесе и објави веднаш или во рок од осум дена. Пресудата мора писмено да се изработи во рок од осум дена, а во посложените предмети во рок од 15 дена од денот на објавувањето и истата да се достави до првостепениот суд во рок од осум дена.

Второстепениот суд донесува одлука по жалба најдоцна во рок од три месеци, а во посложените предмети во рок од шест месеци од денот на приемот на предметот во работа. Ненавремена, нецелосна или недозволена жалба ќе отфрли второстепениот суд со решение, ако тоа не го сторил првостепениот суд. Второстепениот суд со пресуда ќе ја одбие жалбата како неоснована и ќе ја потврди првостепената пресуда кога ќе најде дека не постојат причини поради кои пресудата се побива. Второстепениот суд со решение може да ја укине првостепената пресуда, ако утврди дека постои суштествена повреда на одредбите на парничната постапката и ќе го врати предметот до првостепен суд .

Второстепениот суд со решение ќе ја укине пресудата на првостепениот суд и ќе му го врати предметот на тој суд на повторно судење, ако смета дека заради правилно утврдување на фактичката состојба треба да се одржи нова главна расправа пред првостепениот суд. Кога второстепениот суд на седница на совет или на расправата смета дека заради правилно утврдување на фактичката состојба треба да се утврдат факти или да се изведат докази кои жалителот без успех ги предложил пред првостепениот суд, ќе ја укине првостепената пресуда и ќе му го врати предметот на првостепениот суд на повторно судење. Второстепениот суд може со решение да ја укине пресудата на првостепениот суд и предметот да му го врати на повторно судење на тој суд, кога ќе утврди дека со првостепената пресуда е пречекорено тужбеното барање.

Второстепениот суд со пресуда ќе ја преиначи првостепената пресуда, ако врз основа на расправа утврдил поинаква фактичка состојба од онаа што е утврдена во првостепената пресуда, првостепениот суд погрешно ги оценил исправите или посредно изведените докази, а одлуката на првостепениот суд е заснована исклучително врз тие докази, првостепениот суд од фактите што ги утврдил извел неправилен заклучок за постоењето на други факти, а врз тие факти е заснована пресудата и смета дека фактичката состојба во првостепената пресуда е правилно утврдена, но дека првостепениот суд погрешно го применил материјалното право.

Кога првостепената пресуда се укинува и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење заради правилно утврдување на фактичката состојба, ќе се наведе во што се состојат недостатоците во утврдувањето на фактичката состојба, односно зошто одредени факти и докази се важни и влијаат врз донесувањето на правилна одлука.

Кога второстепениот суд пропуштил да одлучи во поглед на сите делови на пресудата кои се побиваат со жалба, или ако пропуштил да ги донесе сите одлуки со кои се отфрла односно одбива или уважува жалбата, или ако пропуштил да одлучи во поглед на една или повеќе жалби, жалителот може во рок од 15 дена од доставувањето на второстепената одлука да предложи второстепениот суд да ја дополни својата одлука. Предлог за донесување второстепена одлука не може да се поднесе заради тоа што второстепениот суд не одлучил за сите причини поради кои жалбата била изјавена. Предлогот се поднесува до првостепениот суд, кој е должен без одлагање предлогот заедно со сите списи по предметот да го достави до второстепениот суд.

Првостепениот суд е должен да ги изведе сите парнични дејствија и да ги расправи сите спорни прашања на кои укажал второстепениот суд во своето решение. На новата главна расправа странките можат да ги изнесат само оние факти и докази кои претходно ги предложиле во текот на првостепената постапка. Ако пресудата се укине поради тоа што ја донел ненадлежен суд, новата расправа пред првостепениот суд ќе се одржи според одредбите што важат за одржување на главна расправа во случај кога ќе се промени составот на советот. Претседателот на советот, односно судијата поединец е должен по приемот на одлуката на второстепениот суд да закаже рочиште за главна расправа

најдоцна во рок од осум дена, а рочиштето да го одржи во рок од 45 дена од денот на приемот на одлуката на второстепениот суд.[85]

- **Жалба против решение**

Жалбата против решение е редовен правен лек о истата се изјавува решенијата кои не се правосилни во прв степен. Рокот за изјавување на жалбата е 15 дена од денот на доставувањето на првостепеното решение и се изјавува од истите причини кои се поднесува жалбата против пресуда. За неа одлучува повисокиот суд од судот што го донел решението, и истата не се доставува на противната страна на одговор. Жалбата против решение е самостојна жалба, односно таа се изјавува како посебна жалба

Против решение на првостепениот суд е дозволена жалба, освен кога со Законот за парнична постапка не е определено дека жалба не е дозволена. Кога посебна жалба не е дозволена, решението на првостепениот суд може да се побива само во жалбата против конечната одлука. Во случаите во кои според овој закон посебна жалба е допуштена против решението со кое постапката пред првостепениот суд не завршува, првостепениот суд ќе ги умножи списите и заедно со жалбата ќе ги достави до второстепениот суд, а ќе ја продолжи постапката за решавање на прашањата на кои жалбата не се однесува.

Навремено поднесената жалба го задржува извршувањето на решението, кога со Законот за парнична постапка не е определено поинаку. Решението против кое не е дозволена посебна жалба, може веднаш да се изврши. Второстепениот суд кога решава по жалбата може да ја отфрли жалбата како ненавремена, нецелосна или недозволена, да ја одбие жалбата како неоснована и да го потврди решението на првостепениот суд и да ја уважи жалбата и решението да го преиначи или да го укине и по потреба предметот да го врати на повторно одлучување. Законот за парнична постапка определува спрема кои решенија воопшто не може да се изјави жалба, а тоа се решението за продолжување на судскиот рок, решението за одлагање на рочишта, решение со кое се усвојува барањето за изземање. Во постапката по жалбата против решение се применуваат одредбите што важат за жалбата против пресуда.[86]

[85] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.450
[86] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.465-467

9.11.2. Вонредни правни лекови

- **Ревизија**

Ревизијата е вонреден правен лек, кој го користат странките за да обезбедат материјално-правна и процесно-правна законитост на судските одлуки. Ревизијата се изјавува против пресуда донесена во втор степен. Ревизијата се поднесува до Врховниот суд на Република Северна Македонија. За ревизијата одлучува Врховниот суд на Република Македонија и истиот е должен да донесе одлука најдоцна во рок од осум месеци од денот на приемот на предметот во работа. Ревизија се поднесува до судот што ја изрекол првостепената пресуда и истата мора да биде во доволен број примероци како за судот, така и за спротивната странка. Ревизијата може да се поднесе во рок од 30 дена од денот на доставувањето на пресудата, ако вредноста на спорот надминува 1.000.000 денари. Меѓутоа, ревизијата не секогаш се поврзува исклучиво со вредноста на спорот.

Имено, како исклучок од правилото за вредноста на спорот за поднесување на ревизија се споровите за издршка, во спорови за надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката, во спорови од работните односи по повод престанок на работен однос, во спорови за заштита на авторско право освен за паричните побарувања по тој основ, во спорови што се однесуваат на заштита и употреба на пронајдоци и технички унапредувања, мостри, модели и жигови и на правото на употреба на фирма или назив, како и во спорови од нелојален натпревар и монополистички однесувања, освен за паричните побарувања по тие основи и во спорови во кои во постапка по жалба второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда.

Ревизијата по исклучок е дозволена ако второстепениот суд во изреката на пресудата што ја донел, тоа го дозволил. Ревизијата може да се поднесе поради: суштествени повреди на одредбите од парничната постапка, ако првостепениот суд донел пресуда без главна расправа, а бил должен да одржи главна расправа ако е одлучено за барање за кое веќе тече парница или ако спротивно на законот била исклучена јавноста на главната расправа, поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка што е сторено во постапката пред второстепениот суд и поради погрешна примена на материјалното право. Во ревизијата странката треба точно да ги наведе и образложи причините поради кои е изјавена. Врховниот суд ја испитува побиваната пресуда само во

оној дел во кој таа се побива и во границите на причините кои се точно наведени во ревизијата. За ревизијата Врховниот суд одлучува без да одржи расправа.[87]

- **Повторување на постапката**

Предлог за повторување на постапката е вонреден правен лек и се поднесува за правосилни одлуки, независно во кој степен настапила правосилноста. Предлогот за повторување на постапката се поднесува секогаш до судот што ја донел одлуката во прв степен, кој по правило и одлучува за предлогот, освен ако причините за повторување се однесуваат на постапката пред повисок суд. Повторувањето на постапката може да се бара во рок од 30 дена. Овој рок е субјективен рок и се смета од денот на дознавањето на причината за повторување. Субјективниот рок не започнува да тече пред правосилноста на пресудата, а објективниот рок е пет години од правосилноста на одлуката. Кога ќе истече објективниот рок, странката го губи правото да бара повторување на постапката.

За повторувањето на постапката странките поднесуваат предлог. Предлогот се доставува до судот кој ја донел одлуката во прв степен. Повторување на постапката може да се бара поради: суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, појава на кривични дела и на нови факти и докази, кои доколку му биле познати на судот, би можело да донесе поинаква одлука, повреда на човековите права и слободи утврдени со пресуда на Европскиот суд за човекови права.

Повторување на постапката се применува кога при донесувањето на одлуката учествувал судија, односно судија поротник кој според законот морал да биде изземен, на некоја странка со незаконито постапување, а особено со пропуштање на доставувањето не ѝ била дадена можност да расправа пред судот, во постапката како тужител или тужен учествувало лице кое не може да биде странка во постапката или ако странката која е правно лице не ја застапувало овластено лице, или ако парнично неспособната странка не ја застапувал законски застапник, или ако законскиот застапник, односно полномошник на странката немал потребно овластување за водење на постапката или за одделни дејствија во постапката, доколку водење на постапката, односно вршење на одделни дејствија во постапката не било дополнително одобрено, одлуката на судот се заснова врз лажен исказ на сведок или вештак, одлуката на судот се заснова врз исправа што е фалсификувана или

[87] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.467

во која е заверена невистинита содржина, до одлуката на судот дошло поради кривично дело на судијата, односно на судијата поротник, на законскиот застапник или на полномошникот на странката, на спротивната странка или на некое трето лице, странката стекне можност да ја употреби правосилната одлука на судот која порано меѓу истите странки е донесена за исто барање, одлуката на судот се заснова врз друга одлука на суд или врз одлука на некој друг орган, а таа одлука ќе биде правосилно преиначена, укината, односно поништена, странката узнае за нови факти или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука тие факти или докази да биле употребени во поранешната постапка и со одлука на надлежен орган дополнително правосилно е одлучено за претходно прашање.[88]

9.10. Посебни парнични постапки

Во законот за парнична постапка се предвидуваат покрај редовната постапка и посебни парнични постапки. Потребата од посебните парнични постапки произлегува од општествено значење на спорниот материјално-правен однос или од видот на материјално-правниот однос, односно посебните парнични постапки се потребни за итно решавање на споровите, потребата да се заштитат учесниците во постапката. Посебната парнична постапка има карактер на посебен закон, односно истата се применува заради решавање на спорови кои се разликуваат од класичните граѓанско-правни спорови. [89]

- **Постапка во спорови од работни односи**

Во постапката во споровите од работните односи, а особено при определувањето на роковите и рочиштата, судот секогаш ќе обрне посебно внимание на потребата од итно решавање на работните спорови. Надлежни за да постапуваат во оваа постапка се основните судови. Во постапката во споровите од работните односи рокот за одговор на тужба е осум дена. Во споровите од работните односи кои се однесуваат за престанок на работниот однос, рочиштето за главна расправа мора да се одржи во рок од 30 дена од денот на приемот на одговорот на тужбата. Во постапката во споровите од работните односи, постапката пред првостепениот суд мора да се заврши во рок од шест месеца од денот на поднесувањето на тужбата. Во постапката во споровите од работните односи,

[88] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.477
[89] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.485

второстепениот суд е должен да донесе одлука по жалба поднесена против одлуката на првостепениотсуд во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата, односно во рок од два месеца доколку пред второстепениот суд се одржи расправа.

Постои специфичност и во однос на застапувањето на работникот. Како полномошник на работникот може да се појави лице кое е дипломиран правник, и е во работен однос во синдикатот чиј член е работникот. Во текот на постапката судот може на предлог на странката да одреди привремени мерки заради спречување на насилно постапување или заради отстранување на ненадоместлива штета. Жалбата против решението од не го задржува извршувањето на решението. Рокот за поднесување жалба изнесува осум дена.[90]

- **Постапка во спорови поради смеќавање на владение**

Владението е фактичка власт на стварта, како објект на владение се сметаат дека се стварите. Со владението на стварта се изедначува и фактичкото извршување на содржината на стварната службеност во однос на надлежноста. Постапката обезбедува правно на заштита на владението од смеќавање и одземање, што значи дека на владетелот на стварта и правото му е загарантирана оваа заштита. Целта на постапката е да се спречи самоволието, воспоставување и зачувување на последната фактичка власт на стварта која постоела пред смеќавањето.

Судот кога постапува по ова постапка потребно е итно да решава според природата на секој поединечен случај. Во постапката во споровите поради смеќавање на владение рокот за одговор на тужба е осум дена. Рочиштето за главна расправа мора да се одржи во рок од 30 дена од денот на приемот на одговорот на тужбата. Постапката пред првостепениот суд мора да се заврши во рок од шест месеца од денот на поднесувањето на тужбата. Во постапката во споровите поради смеќавање на владение, второстепениот суд е должен да донесе одлука по жалба поднесена против одлуката на првостепениот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата. Во текот на постапката судот може, по предлог на странка и без сослушување на противната странка, да одреди привремени мерки заради отстранување на итна опасност од противправно оштетување. Кога судот расправа за тужбата поради смеќавање на владение, ќе се ограничи само на расправање и

[90] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.486

докажување на фактите за последната состојба на владението и за настанатото смеќавање. Рокот за исполнување на должностите што им се наложени на странките судот ќе го определи според околностите на секој поединечен случај. Рокот за поднесување жалба изнесува осум дена. Судот може да одлучи жалбата да не го задржува извршувањето на решението. Против решенијата донесени во постапката поради смеќавање на владение, ревизија не е дозволена.[91]

- Постапка по платен налог

Постапката по патен налог е мандатна постапка и истата се поведува по тужба за осуда на плаќање на паричен износ. Постапката е скратена и во неа се остварува заштита на пристигнатие парични побарувања за кои постојат докази. Постапката по платен налог е скратена постапка. Се прескокнува стадиумот на главна расправа и дел од подготвување на главната расправа. Сослушувањето на туженият изостанува во оваа постапка. Постапката започнува со поднесување на тужба, а судска такса се плаќа во рок од осум дена, во спротивно тужбата се смета за повлечена. Постапката мора да заврши во рок од три месеци. Во постапка по жалба против одлуката на првостепениот суд, второстепениот суд е должен да донесе одлука во рок од триесет дена. Платен налог издава судијата поединец, односно претседателот на советот без одржување на рочиште. Во него судот ќе изрече дека туженият е должен во рок од осум дена, а во меничните и чековните спорови во рок од три дена по приемот на платниот налог, да го исполни барањето на тужбата заедно со трошоците или во истиот рок да поднесе приговори против платниот налог. Во платниот налог судот ќе го предупреди туженият дека ќе ги отфрли ненавремено поднесените приговори. Платен налог се доставува до двете странки.[92]

- **Постапка во спорови од мала вредност**

Постапката во спорови од мала вредност се применува кога е потребно да се постигне брзина во решавањето на споровите што имаат помала вредност и значење. Спорови од мала вредност се спорови во кои тужбеното барање се однесува на побарување во пари кое не го надминува износот од 600.000 денари. Како спорови од мала

[91] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.488
[92] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.492

вредност се сметаат и споровите во кои тужбеното барање не се однесува на побарување во пари, а тужителот во тужбата навел дека се согласува наместо исполнување на определено барање, да прими определен паричен износ кој не го надминува износот од 600.000 денари. Спорови од мала вредност се и споровите во кој предмет на тужбеното барање не е паричен износ, туку предавање на подвижен предмет чија вредност не надминува 600.000 денари. Не се сметаат како спорови од мала вредност споровите за недвижности, споровите од работни односи од статусен карактер и споровите поради смеќавање на владение. Во постапката во спорови од мало значење пресудата се објавува веднаш по заклучување на главната расправа.[93]

- **Постапка пред избраните судови**

Постапката пред избраните судови е постапка што се води пред домашните судови чие седиште е во Република Северна Македонија. Договорот за избран суд е полноважен само ако е склучен во писмена форма. Договор за избран суд може да се склучи како во поглед на определен спор, така и во поглед на идните спорови што можат да произлезат од определен правен однос, и истиот може да се докажува само со исправи. Бројот на судиите на избраниот суд мора да биде непарен. Кога со договорот на странките не е определен бројот на судиите, секоја странка назначува по еден судија, а тие избираат претседател. Кога странката според договорот за избраниот суд треба да назначи судија на избраниот суд, доставува покана до противната странка во рок од 15 дена да го изврши ова назначување и да ја извести за тоа, а притоа страната која ја упатува поканата треба да има назначено свој избран судија. Кога назначувањето на судијата е во надлежност на трети лица, секоја странка може да му ја упати покана на тоа лице. Кога судијата нема да биде назначен навремено, судијата на предлогот од странката ќе го назначи судот. Ако избраните судии не можат да се согласат за изборот на претседателот, а од договорот не произлегува нешто друго, претседателот на предлог од секој судија или странка ќе го назначи судот. За назначување на судија, односно на претседател на избраниот суд е надлежен судот кој за спорот би бил надлежен во прв степен доколку не е склучен договорот за избраниот суд. Против решението на судот не е дозволена жалба.

[93] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.498-499

Секоја странка може со тужба да бара судот да прогласи престанување на важноста на договорот за избраниот суд ако странките не можат да се согласат за изборот на судиите што тие заеднички треба да ги назначат, иако лице кое во самиот договор за избраниот суд е назначено за судија на избраниот суд не сака или не може да ја врши оваа должност. Сослушување на сведоци пред избраниот суд се врши без полагање на заклетва. Спрема сведоците, странките и другите лица кои учествуваат во постапката, избраниот суд не може да употреби присилни средства ниту да изрекува казни.

Кога избраниот суд се состои од повеќе од еден судија, пресудата се донесува со мнозинство гласови. Кога не може да се постигне мнозинство, избраниот суд е должен за тоа да ги извести странките. Одлуката на избраниот суд мора да се образложи. Оригиналот на пресудата и сите преписи ги потпишуваат сите избрани судии. Пресудата на избраниот суд има спрема странките сила на правосилна пресуда. Истата може да се поништи по тужба од странката, а поништување се бара: ако воопшто не е склучен договор за избраниот суд или ако тој договор не бил полноважен, во поглед на составот на избраниот суд или во поглед на одлучувањето е повредена некоја одредба на овој закон или на договорот за избраниот суд, пресудата не е образложена, избраниот суд ја пречекорил границата на својата задача, изреката на пресудата е неразбирлива или е противречна сама на себеси, пресудата на избраниот суд е во спротивност со Уставот и постои некоја од причините за повторување на постапката.

Тужбата за поништување на пресудата на избраниот суд може да се поднесе во рок од 30 дена. Овој рок се смета од денот кога пресудата е доставена до странката, а ако странката за причините дознала подоцна, тогаш од денот на дознавањето. По истекот на една година од правосилноста на пресудата на избраниот суд, не може да се бара поништување на оваа пресуда.

- Постапка во стопанските спорови

Постапка во стопанските спорови е посебна парнична постапка, и истата ја решаваат судовите со општа надлежност. Постапката се применува за парично побарување чија што вредност не надминува 1.000.000 денари, а по кои постапката се поведува со тужба пред суд. Странките се должни пред поднесувањето на тужбата да се обидат спорот да го решат по пат на медијација. При поднесување на тужбата тужителот е

должен да приложи писмен доказ издаден од медијатор дека обидот за решавање на спорот по пат на медијација не успеал.

Одредбите за постапката во стопанските спорови се применуваат во споровите од меѓусебните стопански односи во кои двете странки се правни лица и во споровите што се однесуваат на бродовите и на пловидбата на внатрешните води, како и во споровите врз кои се применува пловидбеното право (пловидбени спорови), освен споровите на превозот на патници. Одредбите за постапката во стопанските спорови се применуваат и во споровите што произлегуваат од меѓусебните стопански односи на имателите на дуќани и на другите поединци кои во вид на регистрирано занимање вршат некоја стопанска дејност, односно од меѓусебните стопански односи на тие лица и правните лица. Одредбите за постапката во стопанските спорови се применуваат и во споровите меѓу лицата во споровите од кои двете странки се правни лица на овој закон и странски физички и правни лица што произлегуваат од нивните меѓусебни стопански односи, како и во такви меѓусебни спорови на странски физички или правни лица.

Во постапката во стопанските спорови судија поединец суди ако вредноста на предметот на спорот не го надминува износот од 3.000.000 денари. Ревизија во стопанските спорови против правосилна пресуда донесена во втор степен е дозволена ако вредноста на предметот на спорот на побиваниот дел на правосилната пресуда надминува 1.500.000 денари. Во постапката во стопанските спорови се применуваат следниве рокови: и тоа рок од 30 дена по истекот на кој не може да се поднесе на предлог за враќање во поранешна состојба, рок од осум дена за поднесување на жалба против пресуда, односно решение, а рок од три дена за поднесување на одговор на жалба и рок од осум дена за извршување на чинење, а за чинења што не се состојат во парично давање, судот може да определи подолг рок. Во постапката во стопанските спорови не се применуваат одредбите за подготвително рочиште.[94]

- **Посебни постапки во семејните спорови**

Постапката во семејните односи е посебна постапка. Семејно-правните односи се разликуваат од граѓанско-правните односи. Семејно-правните одоноси се односи кои се под заштита на државата. Постојат повеќе видови на посебни постапки во семејните

[94] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.500

спорови и тоа се: постапка во брачните спорови, постапка за развод на брак, постапка за мирење на брачните другари, постапка за поништување на брак, постапка по патернитетни и матернитетни спорови [95]

- **Постапка во брачните спорови**

Постапка во брачните спорови е постапка која се однесува на брачниот статус и со оваа постапка се бара промена на постојаниот статус на брачните другари.[96]

- **Постапка за развод на брак**

Постапка за развод на брак е постапка со која престанува полноважниот брак меѓу брачните другари. Бракот може да престане со смрт на еден од брачните другари, кога еден од брачните другари ќе биде прогласен за исчезнат, со поништување и со развод на бракот. Бракот исто така може да се разведе со заемна согласност на брачните другари или по барање на еден од брачните другари кога нивните меѓусебни односи се нарушени и нивниот заеднички живот станал неподнослив. Во брачните спорови покрај судот од општа месна надлежност, месно надлежен е и судот на чија територија брачните другари имале последно заедничко живеалиште. Постапката се поведува со тужба кога брачните другари бараат бракот да се разведе по заемна согласност, парничната постапка се поведува со тужба со спогодбен предлог за развод на бракот. Тужба за развод на брак можат да поднесат брачните другари. Правото за поднесување на тужба не е ограничено со рокови и тоа не застарува. Во тужбата за развод на брак можат да се применуваат и други барања, како барање за издржување, чување и воспитување на децата, барање за издржување на брачниот другар. [97]

---

[95] Јанески, А. Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.485-502

[96] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.505

[97] член 39-43 Закон за семејство на РСМ, „Службен весник на Република Македонија“, број 80/92. Измени на законот се објавени во „Службен весник на Република Македонија“, број 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15 и 53/21.

- **Постапка за мирење на брачните другари**

Карактеристично за оваа постапка е тоа што во стадиумот на подготвување на главната расправа се применува уште една фаза покрај испитувањето на тужбата и доставувањето на тужбата на туженият, а таа фаза е обид за мирење на брачните другари. [98] Постапката има за цел да ги поправи односите меѓу брачните другари. Постапката за мирење на брачните другари нема да се спроведе ако: еден од брачните другари е неспособен за расудување, еден или двајцата брачни другари живеат во странство, едниот брачен другар е со непознато место на живеење подолго од шест месеци и по противтужба за развод на брак, без оглед кога е таа поднесена, а обидот за мирење на брачните другари по тужбата завршил безуспешно.

Постапката за мирење ја спроведува Центарот за социјална работа. Кога постапката за мирење на брачните другари ја спроведува судот, претседателот на советот закажува посебно рочиште. Рочиштето за мирење се одржува само во присуство на претседателот на советот, без присуство на записничар. Рочиштето за обид за мирење е посебно рочиште и тоа не смее да се спои со рочиштето за главна расправа. На рочиштето за обид за мирење се повикуваат двајцата брачни другари лично да присуствуваат. Кога бракот се разведува по заемна согласност на брачните другари, а брачните другари на рочиштето за главна расправа изостанат, а не го оправдале изостанокот, ќе се смета дека предлогот е повлечен. При оцена на спогодбата на брачните другари судот е должен да прибави мислење од Центарот за социјална работа и истиот е должен во рок од 15 дена од приемот на барањето од судот да даде мислење.[99]

Пресудата со која се разведува бракот по предлог за спогодбен развод на брак може да се побива поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од член 354 став 2 на Законот за парничната постапка; поради погрешна примена на материјалното право и поради тоа што предлогот за развод на брак по заемна согласност бил даден во заблуда, под влијание на сила или закана. Против првостепената пресуда странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена. Против одлуката на второстепениот суд не е дозволена ревизија, односно кога со правосилна пресуда бракот е разведен или поништен, одлуката

[98] Јанески, А. Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.508-513

[99] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.508

за развод на брак, односно поништување на брак, не може да се побива со вонредни правни лекови.[100]

- **Постапка во патернитетни и матернитетни спорови**

Во оваа постапка судот постапува при решавање на спорните односи кои произлегуваат меѓу родителите и децата. Предмет на постапката во патернитени спорови се утврдување на вонбрачно татковство, оспорување на татковство, поништување на татковство со признание, додека предмет на работа во матернитетните спорови се оспоруваење на мајчинство и утврдување на мајчинство. Постапката започнува со поднесување на тужба. Истата се поднесува до судовите со општа надлежност или пред судот на чие подрачје тужителот има живеалиште, односно престојувалиште. Во споровите за утврдување и оспорување на татковство и мајчинство, против правосилна пресуда е дозволена ревизија.[101]

Како странки во спорот за утврдување на татковство се лицето чие татковство се утврдува, детето и мајката на детето. Постапката за оспорување на мајчинството се води одделно од постапката за утврдување на мајчинството.[102]

- **Постапка во споровите за доверување на деца на чување и воспитување**

Судот кога одлучува по овие постапки не е врзан со барањата на странките, што значи донесува одлука што тој смета дека е најповолна за децата и секогаш одлучува во посебна парница или заедно со некој брачен спор. Судот донесува одлука за доверување на децата на чување и воспитување кога донесува пресуда со која се утврдува дека бракот не постои и во спорови за утврдување или оспорување на татковство или мајчинство. Против второстепената одлука за доверување на деца на чување и воспитание е дозволена ревизија.[103]

---

[100] член 237-246, Закон за семејство на РСМ, „Службен весник на Република Македонија“, број 80/92. Измени на законот се објавени во „Службен весник на Република Македонија“, број 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15 и 53/21.

[101] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.516

[102] член 262-271, Закон за семејство на РСМ, „Службен весник на Република Македонија“, број 80/92. Измени на законот се објавени во „Службен весник на Република Македонија“, број 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15 и 53/21.

[103] Јанески, А., Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009, стр.521

- **Постапка во спорови за издржување на деца**

Постапката може да се решава како самостојна постапка или заедно со некој брачен спор, односно со пресудата со која бракот се поништува или се разведува или во спорови за утврдување или оспорување на татковство или мајчинство, кога донесувањето на оваа одлука, со оглед на исходот на спорот и околностите на случајот, е можно и потребно. Жалбата изјавена против одлуката на судот во споровите за издржување не го задржува нејзиното извршување. Во споровите за издржување е дозволена ревизија.[104]

9.11.Постапка на медијација

Медијацијата започнува на денот кога страните во спорот во писмена форма се согласиле дека ќе учествуваат во постапка на медијација или со потпишување на изјава за согласност дадена на записник пред суд. Постапката на медијација се поведува со поднесување на барање до конкретно избраниот медијатор по писмен или електронски пат.[105] Барањето за поведување постапка на медијација може да го поднесе секоја страна во спорот посебно или двете страни заедно. Медијаторот по упатеното барање должен е во рок од три работни дена да постапи по барањето, односно да упати покана до спротивната страна.

Поканата за изјаснување за учество во постапка на медијација, медијаторот ја изготвува во писмена форма и ја доставува до страната која подносителот на барањето ја навел како спротивна страна со која е во спорен однос, преку пошта со препорачана пратка и повратен рецепис или по електронски пат. За физички лица поканата се праќа по пошта на посочената адреса или по електронски пат доколку лицето има наведено електронска адреса, додека за правните лица поканата се праќа по пошта или по електронски пат, согласно податоците заведени во трговскиот регистар или друг регистар. Страната којашто смета дека постои спорен однос, упатува писмена покана преку

[104] член 272-273, Закон за семејство на РСМ, „Службен весник на Република Македонија“, број 80/92.
Измени на законот се објавени во „Службен весник на Република Македонија“, број 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15 и 53/21.
[105] Член 17 Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

медијатор до другата страна или до повеќе страни (доколку во спорот се вклучени повеќе страни). Во рок од седум дена по добивањето на поканата за медијација поканетата страна треба да се јави на средба со медијаторот или на заедничка средба со медијаторот и страната која ја упатила поканата за медијација.

Доколку на средбата една од страните не е согласна спорот да се решава во постапка на медијација, истото писмено го потврдува. Ако страната која поканила друга страна на медијација не добие одговор за прифаќањето на поканата за медијација најдоцна во рок од 15 дена од денот на испраќањето на поканата или во друг пократок рок кој е утврден со поканата, се смета дека предлогот за поведување на постапка на медијација не е прифатен. Министерството за правда води Регистар за примени барања за медијација во електронска форма. Секој медијатор има овластен електронски пристап до Регистарот, каде што во рок од 3 дена од поднесувањето, ги внесува податоците од барањето поднесено до него.

Слика 2: Образец - Барање за спроведување на постапка на медијација

(Меморандум на страната иницијатор)

До
Медијатор _____
(основни податоци и адреса)

ПРЕДМЕТ: Барање за спроведување на постапка на медијација

Согласно одредбата од чл.47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Парнична постапка (Сл.в.на РМ бр.124/15), Ве молам да спроведете постапка на медијација за решавање на спор со правното лице _____, со седиште _____, со ЕМБС_____, со с-ка (број на сметка и банка), застапувано од управител _____ со е-маил_____, мобилен/телефон_____ .

Предмет на спорот е _____ (основ и краток опис).

Вредноста на спорот изнесува _____ денари (или евра во денарска противвредност).

Во прилог на Барањето,Ви доставувам:

1. полномошно за застапување од адвокат _____ од _____ со тел.број_____
2. Тековна состојба од ЦРРМ за страната иницијатор
3. Тековна состојба од ЦРРМ за спротивната страна

Со почит,

Датум и место

(потпис и печат)
(Управител)

Страните спогодбено определуваат дали постапката за медијација ќе ја води еден или повеќе медијатори и спогодбено ги избираат лицата кои ќе бидат медијатори од Именикот на медијатори. Ако страните не можат да се спогодат за бројот или за лицата кои ќе бидат определени за медијатори, можат да побараат Комората на медијатори да препорача или да го определи бројот на медијатори или да определи медијатор за дадениот спорен однос. Пред почетокот на постапката на медијација, медијаторот е должен да ги запознае страните со целите на медијацијата, улогата на медијаторот, правилата и трошоците на постапката на медијација.

Медијаторот не може да постапува во предмети во кои има или имал личен, семеен или деловен однос со која било од страните во спорот или ако постојат други околности што ја доведуваат во сомневање неговата непристрасност.[106] Страните, своите предлози за спогодбата со која ќе го решат спорот можат да ги изнесуваат во било кое време во текот на постапката, доколку претходно поинаку не се договориле. Секоја од страните во постапката може во секое време да отстапи од учеството во постапката за медијација.

Постапката на медијација завршува со: склучување писмена спогодба за решавање на спорниот однос меѓу страните на денот на склучувањето на спогодбата, со склучување на писмена спогодба за делумно решавање на спорот меѓу страните на денот на склучувањето на спогодбата, со писмена изјава на медијаторот, а по извршени консултации со страните дека натамошното водење на постапката на медијација не е целисходно (оправдано) на денот на поднесувањето на писмената изјава, со доставување на писмена изјава на која било од страните за отстапување од учество во постапката на медијацијата, на денот на поднесувањето на изјавата до медијаторот, со престанување на својството на правното лице, по увид во Централниот регистар, со настапување на смрт на една од страните на спорниот однос, со престанување на својството на медијаторот кој посредувал во постапката, со донесување решение или друг акт со кој на медијаторот му е забрането да извршува медијаторски работи, за време на периодот за кој трае забраната и по истекот на 90 дена од денот на започнување на постапката на медијација, без оглед на нејзиниот исход.[107] Спогодбата се смета за постигната од оној ден кога страните

[106] Член 22, став 1, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

[107] Член 25, став 1, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

постигнале согласност за начинот на решавање на спорот. Спогодбата постигната во медијација задолжително треба да ги содржи следните елементи: ознака и број на предмет, датум на започнување и на завршување на медијацијата, име и презиме на медијаторот со број на лиценца, име и презиме, односно назив на страните учесници и други основни податоци, вид и предмет на спорот и вредност на спорот, доколку е определен, права и обврски на секоја од страните учесници, со начин и рок на исполнување на преземените права и обврски, трошоци и награда на медијатор во предметот на медијација и потпис на физичко лице, односно потпис и печат на правно лице и потпис и печат на медијаторот.[108]

ГЛАВА 6 . МЕДИЈАЦИЈА

1.Видови медијација

Согласно нашиот Закон за медијација, според начинот на поведување, медијацијата може да се одвива како доброволна, договорна и законски определена. Доброволната медијација е медијација во која страните по своја волја се обидуваат да го решат спорниот однос, пред или по започнувањето на судска постапка. Договорна медијација е медијацијата која произлегува од облигациониот договор на страните, односно со претходно внесената одредба во договорот со која се утврдува дека доколку настане спор, истиот ќе го решат по пат на медијација пред започнување на судска или на друга постапка, додека пак, законски определена медијација претставува задолжителниот обид за медијација кој произлегува од закон пред или по започнување на судска постапка.[109]

2.Поддршка на медијацијата

Владата на Република Северна Македонија донесува „Програма за развој на медијацијата“ за период од 4 години, во која се определуваат мерки за поддршка, развој на медијацијата и финансиски средства за реализација на програмата која ги опфаќа областите на подобрување на стручните вештини на медијаторите, едукација, информирање, промоција и друго. Комората на медијатори еднаш во текот на годината, и

---

[108]Член 27, став 1, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

[109] Член 4, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

тоа најдоцна до крајот на месец јуни ја известува Владата за текот на спроведувањето и реализацијата на горенаведената Програма. Средствата за реализација на ваквата програма се обезбедуваат од сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

За побрз развој на медијацијата во Република Северна Македонија, државата врши субвенционирање на дел од трошоците на медијацијата, и тоа во случаи кога:

1) медијацијата била спроведена пред започнување на судска постапка;

2) со посебен закон не е предвиден задолжителен обид на медијација, како услов за водење на судска или друга постапка;

3) во воспоставен договорен однос не е предвидено дека во случај на спор истиот ќе се реши во постапка на медијација, пред да се поднесе тужба до надлежен суд;

4) една од страните во постапката за медијација е физичко лице;

5) медијаторот го евидентирал предметот за медијација како завршен со спогодба во Регистарот на начин како е утврдено со овој закон и

6) медијаторот презентирал трошковник на образец за наплатена награда на медијаторот и наплатени трошоци на медијаторот, намалени за износот на субвенцијата.[110]

Државата субвенционира постапка за медијација меѓу исти страни за еден спорен однос само еднаш, и тоа во износ не поголем од 4.000,00 денари по предмет од приложениот трошковник на медијаторот.

3.Комора на медијатори

Лиценцираните медијатори запишани во Именикот на медијатори задолжително се организираат во Комора на медијатори на Република Северна Македонија. Медијаторот се стекнува со право на вршење на медијаторски работи од денот на извршениот упис во Именикот. Имено, Комората е должна уписот на медијаторот во Именикот да го изврши веднаш, и тоа најдоцна во рок од три работни дена од поднесувањето на пријавата за упис. Комората ги штити угледот и честа на медијаторите, се грижи медијацијата да се спроведува согласно со начелата утврдени со овој закон и Етичкиот кодекс на медијатори, а исто така,се грижи за унапредување на медијацијата во Република Северна Македонија.

[110] Член 35, став 1, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр.294 од 27.12.2021 година

Комората работи како непрофитна организација со својство на правно лице, со седиште во Скопје. Комората може да има одделенија и во други градови во Република Македонија, согласно со Статутот на Комората.

На Комората и се доверуваат следниве јавни овластувања:

1) водење на Именик на медијаторите;

2) издавање уверенија за факти за кои води евиденција и

3) утврдување на висината на членаринатa за членовите на Комората и

4) организирање и спроведување на континуирани обуки, помагање и учество во стручно усовршување на медијаторите и други субјекти преку Академијата за судии и јавни обвинители.[111]

Комората на медијатори ја претставува и застапува претседателот на Комората. Претседателот на Комората по функција е претседател на Управниот одбор. Претседателот на Комората ги потпишува одлуките на Собранието и на Управниот одбор.

Претседателот на Комората го избира Собранието со мандат од две години, со можност за еднократен реизбор.

Со статутот кој го донесува Собранието на Комората се уредува организацијата и работењето, видовите, составот, начинот на избор и делокругот на органите на Комората кои не се уредени со Законот за медијација. Работата на Комората се финансира од приходите од членарина на членовите, приходите остварени со издавачка дејност, приходите од подароци и донации и други приходи остварени согласно со закон.

Надзор над работењето на Комората врши Министерството за правда преку формирана Комисија во состав од тројца претставници од редот на државните службеници. При вршењето на секој надзор од страна на Комисијата мора да биде присутен претседателот на Комората или лице овластено од него. За секој спроведен надзор се прави извештај, еден примерок од извештајот најдоцна во рок од 30 дена се доставува до Комората на медијатори. Комората е должна секоја година во првата недела од април да доставува до Министерството извештај за работа во кој е содржана и завршна

[111] Член 39, став 1, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

сметка доставена до УЈП како и општа оцена за работата на медијаторите и предлог-мерки за унапредување на медијацијата.

4.Собрание на комората

Собранието на Комората го сочинуваат сите лиценцирани медијатори запишани во Именикот на медијатори. Собранието на Комората ги врши следниве работи: ги застапува и штити професионалните интереси на своите членови, ја донесува програмата за работа на Комората, ја донесува годишната програма за работа на Управниот одбор на Комората, расправа по приговор, претставка, жалба или предлог од Управниот одбор или кој било член на Комората во ситуации кога се поведува постапка за исклучување од членство и бришење на медијатор од Именикот на медијатори, го донесува Статутот на Комората, Етичкиот кодекс на медијаторите, други акти предвидени со овој закон и се грижи за нивната примена, расправа за прашања непосредно поврзани со целите и задачите на здружувањето во Комората, ги избира членовите на органите на Комората согласно со одредбите од овој закон, го усвојува годишниот извештај на Етичкиот совет на Комората, го донесува Деловникот за работа на Собранието на Комората, го усвојува годишниот финансиски извештај за работењето и користењето на средствата на Комората, донесува одлука за користење на средства за одредена намена во износ кој надминува износ од 5.000 евра во денарска противвредност, одлучува за висината на членаринатa и начинот на нејзиното плаќање и користење, се грижи за промоција и развој на медијацијата во Република Македонија и врши и други работи утврдени со закон и Статутот.

4.1.Надзорен одбор

Надзорниот одбор ја следи примената на одредбите од Законот за медијација, Статутот и другите општи акти на Комората од страна на органите и телата на Комората, а истовремено го проверува и материјалното и финансиското работење на Комората. Надзорниот одбор има три члена кои ги избира Собранието на Комората и имаат мандат од две години со можност за еднократен реизбор. Мандатот на член на Надзорен одбор може да престане пред истекот на времетраењето за кое е избран, во случај на смрт или писмена оставка, а може да биде разрешен доколку му биде изречена дисциплинска

санкција или правосилна судска пресуда. За текот на својата работа Надзорниот одбор предлага Деловник за работа, кој го донесува Собранието на Комората.

4.2.Управен одбор

Управниот одбор е извршен орган на Собранието составен од пет члена, со мандат од две години со можност за уште еден последователен избор.

Начинот на работа на Управниот одбор се уредува со Статутот на Комората и со Деловникот за работа на Управниот одбор. Управниот одбор има повеќе надлежности, и тоа: ги подготвува седниците на Собранието на Комората, утврдува предлог на Статутот и другите акти на Комората кои ги усвојува Собранието на Комората и прибавува претходна согласност од Министерството за правда за актите за кои тоа е предвидено со одредбите од овој закон, ја спроведува политиката и ги извршува заклучоците и одлуките донесени од Собранието на Комората, се грижи за наплата на членаринатa, управува и одговара за средствата и имотот на Комората, составува предлог на периодична и годишна пресметка, одлучува за други прашања кои се во негова надлежност согласно со закон или Статутот, се грижи за примена на Статутот, Етичкиот кодекс на медијаторите и другите општи акти на Комората, дава стручна помош на членовите на Комората заради унапредување на праксата во спроведување на медијацијата, ја следи примената на прописите од значење за медијацијата, објавува студии, зборници на трудови, стручни прирачници, информатори и други документи од областа на медијацијата, организира научни и стручни собири од областа на медијацијата, ја информира стручната и широката јавност за медијацијата и врши и други работи определени со закон, Статутот и општите акти на Комората.[112]

4.3.Етички совет

Етичкиот совет на Комората се грижи за примена на Етичкиот кодекс на медијаторите. Тој е составен од пет члена со мандат од три години со можност за уште еден последователен избор. Мандатот на член на Етичкиот совет може да престане пред истекот на времетраењето за кое е избран во случај на смрт или писмена оставка, а исто

[112] Член 48, став 5, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

така може да биде разрешен ако му е изречена дисциплинска санкција или правосилна судска пресуда.

5.Поим за медијатор

Медијатор може да биде деловно способно физичко лице кое поседува лиценца за вршење на медијаторски работи. Лиценца за медијатор му се издава на лицето кое ќе го положи испитот за медијатор и ќе поднесе барање за издавање на лиценца.

Издадената лиценца важи неопределено време. Министерството за правда, судовите во РСМ и Комората го објавуваат именикот на медијатори на нивните интернет страници и со тоа истиот е достапен на јавноста. Издадената лиценца на медијаторот престанува да важи во следните случаи: со смрт на медијаторот, со одземање или ограничување на деловната способност на медијаторот, по барање на медијаторот, доколку медијаторот го изгуби државјанството на Република Северна Македонија, по спроведена постапка согласно со закон од надлежен орган и одлука која го прави недостоен за вршење на медијаторски работи и со одлука на суд.[113]

Испитот за медијатор можат да го полагаат лицата кои до Министерството доставиле пријава за полагање испит, а воедно и следната документација:

а) диплома за завршено високо образование VII/I или 300 кредити според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) во Република Северна Македонија или решение за признавање на соодветна високообразовна квалификација стекната во странство издадено од Министерството на образование и наука;

б) сертификат за завршена основна обука за медијатор според акредитирана програма од ваков вид од најмалку 70 часа во Република Северна Македонија;

в) потврда за најмалку три години работно искуство по завршеното високо образование;

г) потврда за следени четири или повеќе постапки за медијација пред медијатор, кои се евидентирани во Регистарот.

[113] Член 51, став 6, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

д) уверение за државјанство на Република Северна Македонија и

ѓ) спроведен психолошки тест и тест на интегритет издаден од лиценцирано стручно лице.[114]

Кандидатот за кој Министерството утврдило дека ги исполнува условите, се информира за датумот и за времето на полагање на испитот,и тоа најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб-страницата на Министерството. Министерот за правда ја утврдува висината на направените трошоци за полагање на испитот, и истите се уплаќаат на сметката на сопствени приходи на Министерството. По успешно полагање на испитот, Министерството му издава уверение за положен испит за медијатор на лицето.

Со измените на законот, во моментот на анализирање, испитот за медијатор се состои од два дела и тоа: првиот, односно теоретски дел кој се полага усно, со кој се проверува теоретското знаење и вториот, практичен дел – студии на случај, во кој се оценуваат личните особини и карактеристики и практичните вештини, способности и знаења за медијација.

6.Обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата

Квалитетот на работите на медијацијата го обезбедува, следи и оценува Националниот совет за медијација, кој располага со сопствен буџет. Советот е составен од Национален координатор за медијација, четири члена и секретар. Владата го именува Националниот координатор за медијација кој го раководи, застапува и претставува Советот, и тоа, со мандат од пет години.

7.Национален совет за медијација

За Национален координатор може да се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;

[114] Член 54, став 1, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

- да е деловно способно лице и да има општа здравствена способност, што се докажува со уверение издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот;

- да има диплома за завршено високо образование VII/I или 300 кредити според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) во Република Северна Македонија или решение за признавање на соодветна високообразовна квалификација стекната во странство издадено од Министерството на образование и наука;

- да има потврда за најмалку десет години работно искуство по завршено високо образование и

- да покажал резултати во областа на медијацијата, во последните пет години.[115]

Владата членовите ги избира од редот на пријавените лица врз основа на јавен оглас, кои ги исполнуваат следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;

- да е деловно способно лице и да има општа здравствена способност, што се докажува со уверение издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот;

- да има диплома за завршено високо образование VII/I или 300 кредити според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) во Република Северна Македонија или решение за признавање на соодветна високообразовна квалификација стекната во странство издадено од Министерството на образование и наука;

- да има потврда за најмалку пет години работно искуство по завршено високо образование и

- да покажале резултати во областа на медијацијата, во последните пет години.[116]

Членовите на Советот се должни активно да учествуваат во вршењето на активностите на Советот и редовно да присуствуваат на седниците, а во случај на

[115] Член 64, став 3, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

[116] Член 64, став 5, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

отсуство, истото да го најават најдоцна еден ден пред одржување на седницата. Доколку некој од членовите на Советот постапува спротивно од законските прописи, Националниот координатор е должен да ја извести и да ѝ предложи на Владата да го разреши. Членовите на Советот имаат право на паричен надоместок за вршењето на работите од својот делокруг, во износ од половина од просечната нето-плата во Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци.

Секретарот на Советот има право на надомест во висина од ½ од неговата плата како административен службеник на месечно ниво. Членовите на Советот кои живеат и работат надвор од подрачјето на град Скопје, имаат право на надомест на патните трошоци за автобуски превоз во реален износ, за што се доставува доказ до секретарот на Советот. Советот е во постојано заседание, и истиот има обврска да одржува најмалку две седници во текот на еден месец. Членовите на Советот имаат мандат од четири години, со право на уште еден последователен избор. Мандатот на член на Советот може да престане пред истекот на времето за кое е именуван, во случај на смрт и по лично барање.

Советот врз основа на начелото на самостојност, стручност и независност ги врши следниве работи:

а) утврдува дали се исполнети условите за издавање на лиценца за вршење на медијаторски работи и ги издава и ги укинува лиценците за медијатори, медијатори за специфични области и за обучувачи на медијатори, согласно со Правилник за начин на издавање и укинување на лиценци во медијација, кој го донесува по добиена согласност од Владата;

б) акредитира програми за обука на медијатори утврдени со овој закон;

в) ја утврдува методологијата и начинот на вршење на мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите, обучувачите на медијатори, односно спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори, согласно со Правилник за методологијата и начинот на вршење мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите, кој го донесува по претходно добиена согласност од Владата;

г) редовно на годишно ниво го следи и оценува квалитетот на работењето на медијаторите, обучувачите на медијатори и лицата акредитирани за спроведување обуки

за медијатори предвидени со овој закон и врз основа на резултатите од извршена евалуација, дава укажувања и насоки и донесува одлуки за одземање на лиценците, односно акредитациите, според Правилник за утврдување на начинот на оценување на квалитетот на работите во медијацијата, кој го донесува по претходно добиена согласност од Владата;

д) ги разгледува и одлучува по претставки за медијаторите и за обучувачите за медијатори во врска со извршувањето медијаторски работи и за лицата акредитирани за спроведувањето на програмите за обука за медијација;

ѓ) дава иницијативи за подобрување на законските решенија и мислења за предлози на закони од областа на медијацијата;

е) покренува иницијативи за пошироко запознавање на граѓаните со правото за користење на медијацијата како начин на решавање на спорните односи компромисно;

ж) соработува со меѓународни организации и тела, ангажирани во заштитата на правата на детето и спречувањето на малолетничкото престапништво;

з) подготвува полугодишни и годишни извештаи за својата работа и за состојбите во областа на медијацијата;

ѕ) се грижи и води сметка обуката која ја вршат истакнати стручњаци од земјата и од странство од соодветна област од значење за медијацијата, да не надминува повеќе од 10% од вкупниот број часови и

и) врши други работи утврдени со закон.[117]

Алтернативното решавање спорови е одлична алатка за изнаоѓање заедничко прифатливо решение за правен спор помеѓу две или повеќе физички или правни лица.

Користењето на АРС може да им заштеди средства и време на лицата што имаат правен спор или несогласување за некое прашање, а притоа им дава можност за учество во процесот, контрола на неговото одвивање, почитување на достоинството на другата страна (пред сè, во однос на немањето победници и победени на крајот од успешен процес), но, најважно од сè, обезбедува градење доверба. [118]

[117] Член 66, став 1, Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година

[118] Применливоста а механизмите на алтернативно решавање на спорови во обезбедувањето пристап до правда за ранливи категории во РМ, Скопје, септември 2018, стр.5

Во секоја држава, пристапот до правда се смета за основен предуслов за почитувањето на човековите права, бидејќи неправдата на кое било место е закана за правдата насекаде. Човековите права се загарантирани со голем број меѓународни конвенции и декларации и со домашното законодавство, а одговорноста за нивното остварување е обврска на државните институции, вклучително и на судовите.

ГЛАВА 7. КОМПАРАЦИЈА ПОМЕЃУ ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА И МЕДИЈАЦИЈАТА ВО РСМ

1. Парнични постапки во РСМ

Според истражувањето спроведено во Основниот суд во Прилеп, во 2021 година решени се вкупно 1.163 предмети во парнична постапка, во 2020 година вкупно 991 предмет, во 2019 година вкупно 1.261 предмет, во 2018 година 1.404 предмети и во 2017 година бројот на решени предмети во парнична постапка изнесува 1.897. Видно од истражувањето може да заклучиме дека најголем број на решени предмети во парнична постапка имало во 2017 година.

Слика 1: Приказ на вкупно решени предмети во парнична постапка во Основен суд - Прилеп од 2017 до 2021 година

Извор: Основен Суд - Прилеп



До Основниот суд во Прилеп, имено до претседателот на ОС - Прилеп беа доставени анкетни прашалници за судиите кои одговорија на вкупно 11 прашања и тоа со понудени одговори „ДА“ и „НЕ“. Анкетирани се вкупно тројца судии.

1. На прашањето: „Колку време работите како судија?“, од понудените одговори „до 5 години“, „од 5 до 10 години“ и „над 10 години“, повеќето одговориле со „над 10 години“.

2. На прашањето: „Дали ви е достапна листа на медијатори?“, повеќето одговориле со „ДА“ и еден со „НЕ“.

3. На прашањето: „Дали имате било каков вид соработка/контакти со Комората на медијатори на РСМ?“, сите одговориле со „НЕ“.

4. На прашањето: „Дали сметате дека задолжителниот обид за медијација позитивно влијае врз работата на судот (намалување на бројот на предмети и сл.)?“, имаме еден одговор „ДА“, повеќето одговориле со „НЕ“.

5. На прашањето: „Дали треба да се овозможи автоматска извршност на спогодбата постигната во медијација?“, имаме еден одговор „ДА“, повеќето одговориле „НЕ“.

6. На прашањето: „Дали сте присуствувале на обука/семинар или слично во врска со медијацијата?“, повеќето одговориле со „ДА“ , имаме еден одговор со „НЕ“.

7. На прашањето: „Дали пред воведувањето на задолжителната медијација сте им препорачале на странките спорот да го решаваат во постапка на медијација?“, повеќето одговориле со „ДА“ , имаме еден одговор со „НЕ“.

8. На прашањето: „Дали по веведувањето на задолжителна медијација сте упатиле спор да се решава во постапка на медијација?“, имаме еден одговор „ДА“, повеќето одговориле со „НЕ“.

9. На прашањето: „Дали Вие како судија би вршеле медијаторски услуги?“, имаме еден одговор со „ДА“, повеќето одговориле со „НЕ“.

10. На прашањето: „Дали доколку судијата се појави како медијатор, тоа би влијаело позитивно врз странките за прифаќање на медијацијата како начин за решавање на спорот?“, имаме еден одговор „ДА“, повеќето одговориле со „НЕ“.

11. Последното прашање беше слободно, за да се остави забелешка во врска со прашалникот, и на истото еден од анкетираните судии има ставено забелешка: „Сметам дека медијацијата е побрза, пофлексибилна и поевтина постапка, но кај нас тешко“, додека

пак на другиот прашалник, во забелешка стои: „И јас би вршел медијаторски услуги доколку би се намалил обемот на работа со судските предмети“.

2. Спорови решени со медијација во РСМ

Според податоците преземени од Министерството за правда, во 2017 година постигнати се 886 спогодби со медијација, во 2018 година - 123 спогодби, во 2019 година – 19 спогодби и во 2020 година направени се вкупно 230 спогодби со медијација.



Слика 2: Приказ на постигнати спогодби со постапката за медијација во РСМ за период од 2017 – 2020 година

Извор: Министерство за правда на РСМ

Освен горенаведените податоци преземени од Министерството за Правда, при посетата на Основен суд - Прилеп, имавме можност да дознаеме и за Проектот „Пилот“ од 2008 година, поточно за склучениот Договор за соработка помеѓу УСАИД проект за деловно опкружување, Основниот суд - Прилеп и Меѓународната финансиска корпорација од 16.05.2008 година. Целта на овој Проект била колку што е можно повеќе странките да се информираат за медијацијата и да стекнат доверба во таа постапка. За таа цел многу често биле организирани обуки за медијација, на кои биле повикувани телефонски и со

писмени покани сите странки без исклучок, според Уписникот во ОС Прилеп. Се вложило многу труд и време за да се постигне посакуваната цел, меѓутоа за жал не се постигнал посакуваниот ефект.

Во текот на овој Проект постои само еден и единствен решен трговски спор, односно една успешна медијација со која се спогодиле две правни лица и тоа спор со вредност од 339.156,00 денари. Оваа спогодба е заведена со датум 28.10.2008 година, односно по пет месеци од почетокот на Проектот.

ЗАКЛУЧОК

Видно од образложението на овој труд можеме да заклучиме дека медијацијата во РСМ е недоволно развиена и застапена, односно јавноста не е запознаена за што точно станува збор, нема стекнато доверба во користењето на истата и тоа е причината поради која бројот на постигнати спогодби со медијација во РСМ е премногу мал. Се поставува прашањето дали странките во случаи кога станува збор за задолжителен обид за медијација, се доволно иформирани за тоа каков резултат може да се постигне со медијацијата или тие се само „формално“ понудени за спогодбата која може да ја направат, пред да се отпочне парнична постапка.

ЗОШТО ДА ИЗБЕРЕМЕ СПОРОТ ДА ГО РЕШИМЕ ПО ПАТ НА МЕДИЈАЦИЈА, А НЕ СУДСКИ СПОР?

- Затоа што постапката на медијација е економична, ефикасна и брза постапка.
- Затоа што постапката на медијација е доброволна и се спроведува со цел да се задржат или обноват добри односи помеѓу инволвираните.
- Затоа што судската постапка е јавна, а медијацијата е доверлива и се спроведува надвор од очите на јавноста.
- Затоа што страните во постапката на медијација се еднакви, рамноправни и активно учествуваат во постапката.
- Затоа што секоја од страните може да отстапи од натамошно учество во постапката во било која фаза без било какво образложение.
- Затоа што во медијацијата нема двостепеност како во судската постапка.
- Затоа што медијаторот го бираат страните, а судијата немаат право да го изберат.
- Затоа што медијацијата може да се одвива на целата територија на државата, како што и надлежноста на медијаторот се однесува на целата територија на државата.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Закон за медијација на РСМ, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година
2. Закон за парничната постапка на РСМ, „Службен весник на РМ“, бр.79/05, „Службен весник на РМ“, бр.110/08, „Службен весник на РМ“, бр.83/09 , „Службен весник на РМ“, бр.116/10 и „Службен весник на РМ“, бр.124/15
3. Закон за семејство на РСМ Закон за семејство на РСМ, „Службен весник на Република Македонија“, број 80/92. Измени на законот се објавени во „Службен весник на Република Македонија“, број 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15 и 53/21.
4. Д-р Арсен Јаневски, Д-р Татјана Зороска – Камиловска, Граѓанско процесно право, Книга прва - Парнично право, Скопје, 2009 година
5. Проф. Д-р Кирил Чавдар, Проф. Д-р Кимо Чавдар, Тужби на Граѓанското и трговското право и во работните и управните спорови, Академик 2014
6. D-r E. Spiroska, The Challenges of the Institutional Framework of Mediation in the Republic of Macedonia (part 2), Research Journal of Social Science and Management, June 2018
7. D-r E. Spiroska, The Challenges of the Institutional Framework of Mediation in the Republic of Macedonia (part 1), Research Journal of Social Science and Management, May 2018
8. Fahad Nasser F. Alarjani, Mediation as an Economic Instrument for Small Businesses, Research Journal of Social Sciences and Management, February 2017
9. An Empirical Study on the Rate of Cases Settled by Mediation in Civil Procedure, Zhang Jiajun
10. 11 Cardozo J. Conflict Resol. 479 (2009-2010). Mandatory Mediation: An Oxymoron - Examining the Feasibility of Implementing a Court-Mandated Mediation Program
11. 3Nev. L.J. 196 (2002-2003) A Traditionalist Looks at Mediation: It's Here to Stay and Much Better than I Thought
12. The Right of Choice of Civil Procedure and the Leading Procedure of The People's Mediation, Yan Qingxia
13. Mediation: Principles and Regulation in Comparative Perspective edited by Klaus J. Hopt, Felix Steffek

14. Commercial Lawyers' Attitudes and Experience with Mediation, Web Journal of Current Legal Issues, [2002] (4)

15. 4 Pepp. Disp. Resol. L.J. 279 (2003-2004)
Facillitative Mediation: The Classic Approach Retains Its Appeal

16. Court Annexed Mediation, Yu, Hong-Lin, Civil Justice Quarterly, 28 (4), pp. 515-550.

17. New Developments in Civil and Commercial Mediation, Global Comparative Perspectives, Carlos Esplugues, Louis Marquis

18. 3 Nev. L.J. 232 (2002-2003) Judicial Mediation and Signaling

19. The Cold Reflection on the Priority of Court Mediation, LI Xilian

20. Civil mediation: a measured approach? Hazel Genn

21. The Comparative Superiority of Mediation and the Reform of Court Mediation System LI Hao (School of Law, Nanjing Normal Univ, Nanjing 210097,China)

22. Judgment Combination to Mediation:An Analysis Based on the Practice FAN Yu (Law School, Renmin University of China,Beijing,100872)

23. J.L.&Soc'y1(1985). A Settlement Judge, not a Trial Judge: Judicial Mediation in the United States

24. Global Trends in Mediation, edited by Nadja Marie Alexander

25. 2 Russ, L. J.145 (2014). Mediation and Legal Assistance

26. A Practical Approach to Civil Procedure, By Stuart Sime

27. 23 Cardozo L. Rev. 1865 (2001-2002). The Concept of Equality in Civil Procedure

28. Shreve, G.R. and Raven-Hansen, P. (2009). Understanding Civil Procedure. LexisNexis.

29. 78 Geo. Wash. L. Rev. 353 (2009-2010). The Restrictive Ethos in Civil Procedure

30. Overview of the Problems of French Civil Procedure, Daniel Soulez Larivière

31. 75 Geo. Wash. L. Rev. 461 (2006-2007). Customized Litigation: The Case for Making Civil Procedure Negotiable

32. 60 Duke L.J. 597 (2010-2011)

33. Politics and Civil Procedure Rulemaking: Reflections on Experience Civil Procedure and EU Law: A Policy Area Uncovered By Eva Storskrubb

34. 80 Notre Dame L. Rev. 593 (2004-2005). Procedure as Contract

35. 61 Okla. L. Rev. 319 (2008). Making Effective Rules: The Need for Procedure Theory